# СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА

Издавач:
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Адреса на Редакцијата:
Министерство за одбрана
Списание „СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА“
ул. „Орце Николов“ бб 1000 Скопје
Телефони: 3282-058, 3282-299 и тел. факс 3113-527
Интернет адреса: WEB на Министерството за одбрана:www.morm.gov.mk, публикации, СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА на македонски и на англиски јазик
Списанието излегува два пати годишно.
Цената на еден примерок е 70 денари.
Претплата за 2004 година изнесува 140 денари (плус поштенски трошоци).
Претплата за странство е двојно поголема (плус поштенски трошоци).

# СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА

ТЕОРЕТСКО СПИСАНИЕ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РМ

***ИЗДАВАЧКИ СОВЕТ***
*Ризван* СУЛЕЈМАНИ***, претседател***
проф. д-р *Трајан* ГОЦЕВСКИ
*Апостол* АРБЕЛСКИ
проф. д-р *Росе* СМИЛЕСКИ*, полковник*
проф. д-р *Митко* КОТОВЧЕВСКИ
проф. д-р *Марина* МИТРЕВСКА
*Мирослав* СТОЈАНОВСКИ, *генерал мајор*
д-р *Назми* МАЛИЌИ
д-р *Петар* АТАНАСОВ

***УРЕДУВАЧКИ ОДБОР***
проф. д-р *Трајан* ГОЦЕВСКИ
проф. д-р *Сокле* КОЧОСКИ, полковник
проф. д-р *Митко* КОТОВЧЕВСКИ
*Жанет* РИСТОСКА
проф. д-р *Зоран* НАЦЕВ
м-р *Оливер* БАКРЕСКИ
*Добре* ТРАЈАНОВСКИ, потполковник

Главен и одговорен уредник: проф. д-р *Трајан* ГОЦЕВСКИ
Заменик главен уредник: проф. д-р *Сокле* КОЧОСКИ, полковник
Технички уредник: *Билјана* ИВАНОВА
Компјутерска обработка: *Александар* АТАНАСОВ
Ликовно решение на корица: *Кочо* ФИДАНОВСКИ
Лектор: *Жанет* РИСТОСКА

Печат: Форумпринт - Д.Е. Куманово

Сите права се резервирани
Се забранува репродуцирање на публикацијата и нејзините делови, како и нивно трансформирање во разни медиуми: електронски, магнетни ленти, механичко фотокопирање, снимање и друго, без писмено одобрение на издавачот и авторите.

All rights reserved
No part of this publication may be reproduced, stored in a retrieval system or transmitted in any form or by any means: electronic, electrostatic, magnetic tape, mechanical photocopying, recording or othewise, without permission in writing from the publisher and authors.

Според мислењето на Министерството за култура бр. 07-7144/2 од 27. 12. 1999 година, за списанието „СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА“ се плаќа повластена даночна стапка.

## СОДРЖИНА

1 *Општо теоретски, доктринарно-стратегиски и други теми од областа на одбраната*

Зоран НАЦЕВ

**НАЦИОНАЛНАТА КОНЦЕПЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ОДБРАНА - НОВА ПЛАТФОРМА ЗА РЕФОРМИ И ДОБЛИЖУВАЊЕ ДО НАТО** ........ 7

Митко КОТОВЧЕВСКИ

**ВООРУЖЕНИОТ БУНТ ОДНАТРЕ** ........ 27

2 *Геополитички, геостратегиски, военополитички и теми од меѓународен ангажман во областа на одбраната*

Билјана ВАНКОВСКА

**ВОЈСКАТА И МЕДИУМИТЕ: ПОМЕЃУ ЈАВНА КОНТРОЛА И ГРАДЕЊЕ НА ЗАЕМНА ДОВЕРБА** ........ 45

Јове Димитрија ТАЛЕВСКИ, Ристе ТЕМЈАНОВСКИ

**ПОЗНАЧАЈНИ ВОЕНО-ДЕМОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** ........ 65

Тони МИЛЕСКИ

**ПОЛИТИЧКО-ГЕОГРАФСКИОТ ПРОЦЕС КАКО ДЕТЕРМИНАНТАНА ФОРМИРАЊЕТО НА ПОЛИТИЧКАТА КАРТА** ........ 85

3 *Евроатлантски интеграции*

Марина МИТРЕВСКА

**СЛОВЕНЕЧКА ВИЗИЈА ЗА НАТО** ........ 99

4 *Техничко-технолошки достигнувања, вооружување и опрема*
Сокле КОЧОСКИ
**ПРЕСТРУКТУИРАЊЕ НА ВОЕНАТА ЛОГИСТИКА ВО АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** ............................................... 111

5 *Странски автори*
Синиша ТАТАЛОВИЌ
**ПОЛИТИКАТА НА НАЦИОНАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА И НАТО** ........................................................................ 127
Стефан Е. НИКОЛОВ
**НОВАТА УЛОГА (УЛОГИ) НА БУГАРСКАТА ВОЈСКА** ....................................... 147

6 *Други рубрики од областа на безбедноста, одбраната и заштитата*
Оливер БАКРЕСКИ
**НАЈСИЛНО ОРУЖЈЕ ДОСЕГА** ........................................................................... 165

7 *Прикази на книги, стручни трудови и др. од областа на одбраната*
Оливер БАКРЕСКИ
**ПРИКАЗ** кон книгата **„ЦИВИЛНА ОДБРАНА“** од проф. д-р Марина Митревска ............................................................................ 177

# НАЦИОНАЛНАТА КОНЦЕПЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ОДБРАНА - НОВА ПЛАТФОРМА ЗА РЕФОРМИ И ДОБЛИЖУВАЊЕ ДО НАТО

**Зоран НАЦЕВ**
Филозофски факултет, Институт за одбранбени и мировни студии - Скопје

**Апстракт:** *Националната концепција за безбедност и одбрана, која беше донесена од страна на Собранието на Република Македонија во средината на минатата година, преставува прв доктринарен документ, со кој се создава платформа и се трасираат долгорочните определби и ставови по однос на националната безбедност и одбрана и доближување до НАТО.*
*Со него работите во овие клучни дејности во општеството се поставуваат на релативно нови и поинакви основи, врз чија база треба да произлезат нови стратегиски документи, дополнување на постојните, промени од системска природа и поинакво нормативно-правно регулирање на односите и надлежностите во некои сегменти на безбедноста и одбраната. Создадени се предиспозиции за преземање одлучни чекори кон оформувањето на задоволителни решенија во националната безбедност и одбрана, кои, ако не се случат некои сериозни внатрешни потреси и во непосредното опкружување, треба да нè донесат пред портите на НАТО за неколку години. Бидејќи станува збор за изворедно значаен документ, во трудот е извршена анализа на содржините на истиот од повеќе аспекти, со основна цел доближување и адекватно разбирање на ставовите и решенијата до пошироката јавност, со критички осврт кон нештата за кои сметаме дека заслужуваат подобри и поинакви гледишта, иако во суштина се работи за добро оформен документ.*

**Клучни зборови:** *концепција, безбедност, одбрана, полиција, вооружени сили, НАТО.*

# THE NATIONAL CONCEPTION FOR SECURITY AND DEFENSE – THE NEW PLATFORM FOR REFORMS AND APPROACH TO NATO

**Abstract:** *The national conception for security and defense, which was passed by the Assembly of the Republic of Macedonia in the middle of last year, represents first doctrinarian document which platforms and traces long-term determination and opinions about the national security and defense as well as the approaching to NATO. With this document, the matters in this key social activities are posed on relatively new and different grounds, from which should arise new strategic documents, than supplementing the already existing, changes of systematic nature and different normative legal regulation of the relations and authorizations in some segments of the defence area. Preconditions are created for undertaking determinate steps towards structuring satisfying solutions in the national security and defence witch if there would not appear any serious risks in the country and in the region, should in a few years bring us to the NATO gates. Since we are talking about a very important document, in this essay we are analysing its contents from few aspects, with a basic goal- to draw it near to the public and to enable adequate understanding of the opinions and solutions, with a critical view about the matters that we think deserve better and different views, although basely it is a very good structured document.*

**Key words:** *conception, security, defence, police, armed forces, NATO.*

## Вовед

Усвојувањето на Националната концепција за безбедност и одбрана од страна на Собранието на Р. Македонија во јуни 2003 година е од исклучително значење за земјата. Со овој документ, се создадени темелни предиспозиции за профилирање на националната безбедност и одбрана но и нејзиното вклопување во наднационалните интегративни проекции, олицетворени во НАТО и европскиот безбедносен индентитет. Односно, искажаните ставови, определби и решенија не ја преферираат националната исклучивост во овој домен, туку ја трансформираат и вклопуваат во еден заеднички модел со европските и други партнери и сојузници, на нови основи и односи, засновани на кооперативност, интероперабилност, координација и сл.

Новата визија и темелните ставови искажани во Концепцијата, всушност, се сублимат на вкупните напори на нашата научно-теоретска и стручна мисла за нов и адекватен приод кон оваа проблематика кои долго„зреаа“ во политичките кругови и институциите на системот.

Сето она што се случи во 2001 година мошне реално и грубо ги потврди долгогодишните пропусти во оваа дејност, но значеше и создавање на нови сфаќања и свест за нашите објективни можности и потреби. Од друга страна, со потпишувањето на Рамковниот договор и следствено на тоа донесените измени во Уставот на Р.Македонија, се создаде поинаков амбиент и предиспозиции за градење на нови односи во општеството и во делот на безбедноста и одбраната. Имено, по изборите во 2002 год. и смената на власта, со постапното нормализирање на безбедносната состојба во земјата, работите тргнаа во насока на трајно стабилизирање на мирот и покрај почетниот скептицизам дека нововоспоставената состојба, подолготрајно ќе успее да се одржи.

Новата реалност постапно се наметна како нешто што нема друга прифатлива алтернатива. Почнаа да попуштаат стегите и блокадите за одлучно имплементирање на некои претходно зацртани приоритети во безбедносно-одбранбениот сектор, надополнети со нови проекции и видувања. Декларативните заложби полека, но континуирано ѝ отстапуваа место на потребата од забрзани трансформации во чекорењето кон крајната цел-влез во НАТО и создавањето потребен безбедносен стандард во Р. Македонија.

На овие, нови позитивни внатрешни околности, сепак, им требаше дополнителен поттик и енергија однадвор. Спротивно на очекувањата, тоа, по сè изгледа, пристигна во форма на сериозни забелешки и предупредувања од страна на нашите партнери од евроатлантските структури, дека транзиционите процеси во безбедноста и одбраната предолго се одолговлекуваат, дека се недоволно квалитетни и дека е време за сериозен пресврт, зад кој тие би застанале многу повеќе отколку пред тоа.

Ставени меѓу наковалната- домашната нова реалност и чеканот-НАТО, со ангажирање на домашни и странски стручњаци, дојде до обликување на Концепцијата, која по поминување на неколку фази на експертиза и дообликување, ја доби поддршката од пратениците во Собранието. Со тоа, добивме документ кој преставува наша официјална безбедносна и одбранбена платформа, врз чии ставови, определби и решенија ќе се гради, имплементира и заживува оваа дејност. Колку и да звучи непријатно, овој документ на определен начин значи и наше враќање на поинакви почетни позиции по долгиот пат на анемичноста, варијабилноста и талкањето по вистинскиот државен приод кон безбедноста и одбраната.

Уверени дека со Концепцијата е направен длабок пробив кон втемелувањето на нова визија и сфаќање за местото, улогата задачите и воопшто новото позиционирање на оваа дејност во општеството, се одлучивме да направиме преставување на нејзините содржини. Притоа, како основна ориентација и цел на трудот е да преовладува пригоден и разбирлив начин на доближување на содржините на Концепцијата до поширок круг читатели, проткаено со потенцирање на суштествени и клучни ставови во истата. Тоа го правиме од причини што во документи од овој вид преовладуваат нијанси кои се така вклопени, што не е баш лесно да се воочат и правилно разберат, а имаат суштинско значење. Имено, неговата сложеност не произлегува само од значењето на истиот, туку од важечката методологија која се применува во неговото создавање и потребата да се вградат низа релевантни факти и проценки при формирањето на ставовите и определбите.

Оттука, во анализата ќе преовладува дескриптивниот метод со повеќе критички осврти и коментари кон одделни ставови, решенија и интенции. Преовладувачки е позитивниот однос кон содржините, со разбирање на некои ставови кои од објективни причини се обликувани како такви, иако, во некои други околности истите би можеле и поинаку да се формулираат.

## Општи напомени

Содржината на Концепцијата е презентирана преку следниве поглавја: Вовед, Интереси на Р.Македонија; Безбедносно опкружување; потоа следи Политика на националната безбедност, а завршува со четврто поглавје под

наслов Одбрана, со повеќе поднаслови во дел од основните сегменти на документот. Определбите се изложени во вкупно 66 параграфи (точки) означени со број во чии рамки се дадени определени ставови. Од самото именување на документот, може да се забележи дека се интегрирани безбедносните и одбранбените прашања во една целина како основна платформа од која ќе произлезат и други решенија. Тоа впрочем и се нагласува во Концепцијата во точката 39, каде што се вели дека „Владата на Р.Макединија, во најкраткиот можен рок, треба да донесе интегрирана Стратегија за национална безбедност", а во следниот став од истата точка се потенцира дека „во согласност со одредбите и ставовите на оваа Концепција, а кои се однесуваат на одбраната, претседателот на државата, треба да ја иновира постојната Стратегија за одбрана на Р. Македонија."

Не е доволно јасно зошто креаторите на Концепцијата се одлучија токму за овој поим, кога вообичаена практика е документите од овој тип да се нарекуваат доктрина. Имено, поимот концепција повеќе алудира на организираност, додека пак доктрината преставува поврзано изложување на едно стручно стојалиште кое има непосредно практично значење, тоа е програма оформена во вид на искази што ги определува нормите на практична дејност во едно подрачје* . Ова сепак не е и најбитната работа, но е важна заради соодветно користење и разбирање на одделни поими и терминологија во означувањето на конкретните нешта, на состојби, процеси, настани и сл.

Анализата ја започнуваме со делот наречен Вовед во Концепцијата и го сместивме во „Општи напомени" од практични причини. Имено, во него се нагласува дека Концепцијата е „основен документ на Р. Македонија во областа на безбедноста и одбраната" кој е „заснован врз проценката на меѓународното опкружување и положбата на Р. Македонија и загрозувањата по нејзината безбедност...", врз што "се усогласени целите и насоките за водењето на националната безбедносна политика (точка 1).

Зошто не се нагласени внатрешните состојби, како една од детерминатите на резултантата наречена Концепција, не е потенцирано, што има свој одраз и во понатамошното обликување на текстот, на што повторно ќе се навратиме нешто подоцна.

Во втората точка се нагласуваат „корените" на Концепцијата, при што, сосема исправно се потенцира дека тие се наоѓаат ва „вредностите" кои се утврдени во Уставот, а кои преставуваат основа за проектирање на „интересите на Р. Македонија".

---

* Види пошироко кај З.Нацев, Теоретски основи на доктрината и стратегијата на националната одбрана, НИП Ѓурѓа, Скопје, 1998

Потоа следи дека со Концепцијата се „определуваат ставовите и се искажуваат погледите“ на земјата за „нејзините национални интереси, нејзиното безбедносно опкружување, политиката на националната безбедност, како и целите, насоките, областите и инструментите за нејзино остварување“. Односно „погледите и ставовите во однос на одбраната, менаџмент со кризи, оптимализација на безбедносните ресурси, нашата подготвеност за одговор на предизвиците, ризиците и опасностите по безбедноста на земјата“.

Кусиот воведен дел завршува со ставот (точка 5 ) дека „трајна определба на Р. Македонија е својата иднина да ја остварува како дел од европското семејство и членка на НАТО и ЕУ“.

**1. Интересите на Р. Македонија**

Врз база на одредбите на Уставот, во кои се утврдени темелните вредности на Р. Македонија (член 8 и др.) се искажува трајниот интерес на земјата, виталните и важните интереси (точка 7). Како ***траен интерес*** на Р.Македонија се наведува дека е тоа „зачувување и унапредување на нејзиниот ***државен индентитет*** ( подвлекол З.Н.)... слободно изразување на етничкиот индентитет..., како и заштита на независноста и територијалниот интегритет“. Како што може да се забележи во последниот став, не се нагласува и суверенитетот, иако тоа фигурира во Уставот во членот 122, кој се однесува на улогата на вооружените сили како и во членот 1 во кој стои дека Р.Македонија е суверена, самостојна, демократска и социјална држава, а во следниот став од истиот член дека„суверенитетот на Р. Македонија е неделив, неотуѓив и непреносլив“.

Дали се работи за пропуст или за нешто друго? Пред да го коментираме ова, а во функција на адекватен одговор, да видиме што, всушност, се подразбира под поимот суверенитетот. Се повикавме на Концизниот оксфордски речник на политиката[**], во кој се вели дека „суверенитетот е тврдењето дека ***нема повисока политичка власт*** (подвлекол З.Н. ) што се однесува до донесувањето и спроведувањето на политичките одлуки. Во меѓународниот систем, суверенитетот е тврдењето на државата дека има сопствена власт, а меѓусебно признавање на суверенитетот на државите преставува основа за постоење на меѓународното општество... Суверенитетот не смее да се меша со слобода на дејствување, суверените актери можат да се најдат во ситуации да имаат слобода на избор, но во нови услови на нееднакви односи на моќ, што во голема мерка им ја ограничуваат таа слобода“.

Во нашиот случај, со изоставањето на одредницата суверенитет,

---

** Јан Маклен, во превод на Калина Малевска, МИ-АН, Скопје, 2002, стр.354.

најверојатно се раководело од мислењето дека со претендирањето за членство во НАТО и ЕУ, кои се наднационални организации, значи и пренесување на дел од суверенитетот на органите и телата на тие организации, односно дека суверното право на одлучување во делот на безбедноста и одбраната е вклопен, пренесен и поделен во заедничките ангажмани и дејствувањето.

Следи апострофирањето на ***виталните интереси***, со кои, како што се истакнува се „унапредува безбедносната состојба и се создаваат услови за подобар живот на граѓаните и функционирањето на државата и општеството". Во нешто скратена верзија, тие интереси би биле: "заштита и унапредување на мирот и безбедноста;... економски развој...; заштита и унапредување на демократските основи и правната држава и ... политичко-одбранбена и економска интеграција во НАТО и ЕУ".

На ова се надоврзуваат ***„важните интереси"*** за Р. Македонија за кои се смета дека се „предуслови за креирање и остварување на трајниот и виталните интереси" на земјата. Притоа се потенцираат следните витални интереси на Р. Македонија: „соработка со соседите; сопствен придонес кон зачувување и унапредување на мирот и стабилноста во ЈИЕ, во регионот, во Европа и во светот; зачувување на постојниот меѓународен поредок; внатрешната политичка стабилност, создавање на безбедносна култура и култура на живеење; изградба на праведна социјална држава и зачувување и заштита на животната средина".

Во следната точка (8) се истакнува дека „Р. Македонија... е подготвена да учествува во превенцијата и решевањето на кризи и сама и во соработка со меѓународната заедница"... а за „заштита на нејзиниот траен интерес... Р.Македонија е подготвена да употреби и вооружена сила".

И во последниот став од овој сегмент се потенцира дека Р. Македонија „ќе води безбедносна политика и ќе го усоврши безбедносниот систем", за да може да одговори на „предизвиците на овој век, да решава кризи внатре и да помогне во решавањето на кризи во регионот и пошироко".

## 2. Безбедносно опкружување на Р. Македонија

Ова поглавје е разработено преку три сегменти насловени како Меѓународно опкружување и положба на Р. Македонија; Безбедносни можности и Безбедносни ризици и опасности.

Во рамките на првиот поднаслов ***Меѓународното опкружување и положба на Р. Македонија,*** главната поента се состои во почетниот став, во кој се истакнува дека„... иако опасноста од класична воена закана на подолг рок не е очекувана, невоените закани... се зголемени по простор и време". Обележјата на опкружувањето условно се групирани на три нивоа на општост и значење. Па така, прво се потенцира „трендот на глобализацијата на светот"

кој „покрај предностите, донесе и закани...,“ изразени преку „продлабочување на јазот помеѓу богатите и сиромашните, интернационализација на одредени опасности од кои се најекстремни меѓународниот тероризам и организираниот криминал“.

Се оценува дека во „експанзија се и илегалната миграција и илегалната трговија со дрога, оружје, луѓе и стратегиски материјали“, а е „зголемена опасноста од употреба на оружје за масовно уништување“.

Се нагласува дека во поранешните реалсоцијалистички држави „се присутни социјални деструкции и нестабилни демократски структури и институции“, проследено со појава на „ екстремен национализам, етнички, расни и други ксенофобии и предрасуди кои носат омраза и насилство“.

Во следната точка (11) се оценува дека многу земји, во однос на безбедносните промени на светско рамниште се збунети и се наоѓаат пред „предизвикот да се најдат себе си во новиот поредок“.

Од општ-глобален план, видувањата се стеснуваат на европско тло, при што како главна карактеристики во „развојот на европската безбедност е создавањето на безбедносната средина заснована врз кооперативни односи и взаемно координирани активности“. Следи една претпазлива оценка дека „развојот на европскиот безбедносен и одбранбен индентитет и политика... се комплементарни и засновани врз трајна соработка со НАТО“. Во овој период тоа е така, но тенденциите во однос на ова, најверојатно ќе одат во поинаква насока.

Проценките за случувањата во опкружувањето, потоа се концентрираат на регионот на ЈИЕ (точка 16), при што се тврди дека во овој регион „сè уште постојат закани по безбедноста... чии корени се во политичкиот екстремизам и екстремниот национализам, нетрпеливоста по разни основи (верска, расна...), слаби државни институции и невладеењето на правото, како и транснационални опасности“. Се нагласува дека тоа преставува „основа за висок степен на ризици и опасности“ по нашата земја на што се надоврзува и опасноста од присуство „на огромни количини на нелегално оружје“ во регионот и во Р. Македонија.

Следи став дека „непосредното опкружување на Р. Македонија е дел од нејзините проблеми, но и предности“ што се базира врз оценката за нашата „централна положба во ЈИЕ...,“... што е од големо значење за нашиот развој, но и како дел од „главните патишта на тероризмот, илегалната миграција, трговија со дрога, оружје и луѓе од Азија, Африка кон Западна Европа“.

Во контекст на досега кажаното, во овој дел завршува со еден вид заклучни видувања за положбата на Р. Македонија, во кои се истакнува дека земјата „не може сама да ги реши транснационалните опасности“ дека опкружувањето носи и други можности, но и „предизвици, ризици и опасности“ кои и покрај напорите кои ги вложуваме за справување со истите, сепак

справувањето со нив е „единствено можно во соработка и со помош на сите земји од регионот, Европа и светот“. Тоа, покрај другото, е затоа што Р.Македонија е мала земја со „лимитирани ресурси и недостиг на одредени енергенси и други стратегиски материјали“, а згора на тоа, ние сме во фаза на „зацврстување и унапредување на демократијата и институциите на системот“. Нашиот основен потенцијал се наоѓа во „високото образование на своите граѓани, високото ниво на квалификувана и стручна работна сила" како "основа за напредок на Р.Македонија“.

Поинаку кажано, нашиот „влог„ во постојните и идните геополитички и геостратегиски игри "е местоположбата, а образованието сè повеќе станува нов елемент на моќта на државите, покрај традиционалните (големина, бројот на население, економски и воени потенцијали), особено кога се работи за мали земји, што понекогаш се заборава во нашата средина.

Во делот ***Безбедносни можности*** како втора потточка од ова поглавје, прво се нагласува дека „можностите и целокупниот потенцијал на Р.Македонија... е извор за нејзината изградба и напредок, што бараат вонредни и максимални напори од сите граѓани и институции, особено во услови на влошена безбедносна состојба и криза“.

„Во ***можности*** значајни за Р. Македонија спаѓаат: активна артикулација во ширењето на мирот и стабилноста; вклучување во сите меѓународни, глобални, политички, економски, социјални и други текови... целосна партиципација во евроатланските безбедносни структури...; развој на добрососедски односи и регионална соработка...; доизградување и унапредување на демократските основи на државата...; правична и соодветна застапеност на сите етнички заедници во државната власт и јавната администрација...; доизградување на јавната администрација; создавање на услови за функционирање на пазарната економија...; унапредување на научната, техничко-технолошката, информатичката и инфраструктурната основа на државата и создавање услови за користење на економските и други ресурси... во функција на безбедноста“.

Третиот дел од ова поглавје е именувано како ***„Безбедносни ризици“***, во кој по воведното, сублимирано повторување на основните елементи за тоа што се случува на меѓународен план, следува набројување на „ризиците и опасностите“ по безбедноста на Р. Македонија. Се потенцираат следните: „можни манифестации на екстремен национализам, расна и верска нетрпеливост; меѓународен тероризам, организираниот криминал, нелегалната миграција, трговијата со дрога, оружје, луѓе, стратегиски и материјал за двојна употреба; можна употреба на средство за масовно уништување; присутноста на големо количество нелегално оружје; транзициони проблеми како што се корупцијата, урбаниот тероризам, економскиот криминал, даночната евазија,

нефункционирањето на институциите на системот, социјалните проблеми, невработеноста; активноста на странски специјални служби; судир на интереси за користење на изворите и патиштата на стратегиските енергенси; елементарни, техничко-технолошки катастрофи, заразни заболувања; компјутерски криминал и деградација и уништување на животната средина".

Ако внимателно се набљудуваат изнесените ставови и определби од ова второ поглавје, може сосема слободно да констатираме дека тие можат да се однесуваат и да важат за било која од поранешни реалсоцијалистички земји, претеденти за влез во НАТО и ЕУ! Колку ова и да звучи апсурдно, ако направиме еден мал експеримент и наместо Р. Македонија, да ја ставиме на пример Р. Хрватска, не би се забележало дека замената значи и препознатлива разлика. Се разбира дека има работи кои се однесуваат на најголем број од држави, но се има впечатот како да ги испуштивме нештата кои се однесуваат и се специфични само за нашата земја, а истите се преточени во општите карактеристики на меѓународната заедница. Имено, секоја држава има свој корпус на ризици и опасности кои се рефлектираат врз безбедноста на конкретната земја, покрај оние кои го тангираат целиот свет или регионот. Затоа е присутен еден вообичаен пристап при идентификацијата на ризици и опасности, нивно групирање во два сегменти: надворешни и внатрешни.

Тоа во нашиот случај не е применето, иако методолошки тоа е сосема исправно. Претпоставуваме дека со цел да се одбегне на политички расправи по одделни констатации врзани за внатрешните состојби и од тие причини можноста документот да не биде усвоен, применет е проверен трик, домашните состојби спакувај ги во општи и заеднички проблеми.

При ова мислиме пред сè на фактот дека во Р. Македонија постојат политички лидери и нивни приврзаници кои се обидуваат да создадат предиспозиции за зацврснување на старата идеја кај албанската заедница, дека тие припаѓаат и треба да се придружат кон друга (нова) држава. Други пак, имајќи ги предвид големите разлики во територијалната распределба на заедниците, особено албанската, ги заговараат федералните начела на уредување на Р. Македонија, како замена на унитарниот карактер на државата. Од друга страна екстремните националисти го заговараат правото на национално самоопределување до отцепување.

Што се однесува, пак, до невработеноста, таа е спомната во контекстот на транзиционите проблеми, но по наше мислење, овој проблем требаше посебно да се потенцира како состојба која е на врвот во категоријата „ризици и опасности" по безбедноста на Р. Македонија. Кај оваа „социјална бомба" фитилот што гори одамна, станува сè покус иназапирливо се доближува до моментот кога таа може да експлодира со непредвидливи негативни последици по земјата. Изнаоѓање на процеси за успорување на „догорувањето" е

приоритет од највисок ранг, суштински за безбедноста, опстанокот и општиот напредок на земјата.

### 3. Политиката на националната безбедност

На самиот почеток од ова поглавје, се нагласува дека „политиката на националната безбедност преставува сложен и меѓузависен збир на мерки и активности, планови и програми кои ги презема Р. Македонија заради заштита, одржување и унапредување на безбедноста на Р. Македонија и нејзините граѓани, во согласност со расположивите ресурси и со активна соработка со меѓународната заедница".

Основни ***содржински области*** на безбедносната политика се: „надворешната, економската, одбранбената, политиката на внатрешната безбедност и политиката на заштита на животната средина", преку кои се смета дека ќе се реализира и остварува основната „цел" на политиката на националната безбедност, а тоа е „одржување и унапредување на безбедносната состојба на државата, создавајќи амбиент за остварување на националните интереси на Р.Македонија. Остварувањето на наведената цел се смета дека ќе се оствари преку преземање и остварување на следниве мерки и активности: "...(1) собирање на податоци и информации од значење за безбедноста,... анализа на безбедносното опкружување, учество во неговото креирање и превенција на ризици и опасности; (2) одржување на ... безбедносни капацитети и способности за превенција, минимизирање и елеминирање на ризици и опасности како и разрешување на конфликтите и кризните ситуации, (3)... подготвеност на органите на државната власт... нивна координација... како и одговор на безбедносните ризици и опасности; (4) континуирано едуцирање на експерти; (5) развој на гранична служба во соработка и взаемна помош со соседите... и локалното население; (6) интероперабилност со други, слични системи..."

Како основни ***„насоки"*** според кои треба да се води политиката на националната безбедност, се наведени:

- „вклучување во меѓународните напори за креирање и подобрување на мирот и безбедноста...";
- „суверенoто право за самоодбрана... и сопствено одлучување за приклучување кон сојуз/и";
- „право на неприфаќање на одделни обврски и договори... кои можат да ја загрозат безбедноста на Р. Македонија";
- „компатибилност на националната безбедност во согласност со уставните и законските решенија, како и со меѓународните стандарди и ратификуваните меѓународни договори„;
- „вградување на општоприфатените норми и стандарди од оваа област во националните законодавства на сите соседи..."

- „посебните институции задолжени за безбедноста... не се повеќе единствено надлежни“ за оваа проблематика, туку дека се работи за „систем на сложени и меѓузависни фактори“ од различен карактер и влијание врз безбедноста;

- „постојана демократска и цивилна контрола и надзор врз безбедносниот и одбранбениот сектор;

- „... превенција од ризици, опасности и кризи, нивна навремена идентификација и отстранување“;

- “координација во... справување со кризи... како и можност за давање, односно примање на помош и соработка“; и

- 0Ў... учество во остварувањето на политиката на националната безбедност на локалната самоуправа, политичките партии, правни и економски субјекти, невладиниот сектор и други асоцијации, како и сите граѓани....

Во втората точка од ова поглавје, насловено како *„**Области и инструменти за остварување на политиката на националната безбедност**“,* се истакнува дека погледите на политиката на националната безбедност се групирани во следниве *„**области**“*: надворешна, економска, одбранбена, политика на внатрешна безбедност и политика на заштита на животната средина."

Пред да следат погледите на политиката на националната безбедност, за секоја од спомнатите области, се нагласуваат *„**инструменти**"* под што се „подразбираат сите нормативно-правни, организациони, процедурални и други методи и техники кои им стојат на располагање на носителите и учесниците во остварувањето на безбедносната политика.“ (точка 28)

„За реализација на вака поставената политика за националната безбедност... Владата на Р. Макединија... треба да донесе интегрирана Стратегија за национална безбедност на Р. Македонија, а претседателот на државата да ја иновира постојната Стратегија за одбрана на Р. Македонија.“

Како што веќе спомнавме следуваат основните погледи на политиката на националната безбедност по областите.

а) Надворешна политика

Во овој сегмент се потенцираат и изложуваат познати ставови и определби на Р. Македонија, досега веќе многу пати изречени, а тоа се следниве:

Надворешната политика на Р. Македонија се „залага за градење на добрососедски односи... регионална соработка...и креирање на безбедноста во рамките на ООН, ОБСЕ и други меѓународни организации и институции“.

„Интеграцијата во НАТО е еден од нашите витални интереси “... при што „Р.Македонија ги поддржува процесите на трансформација и проширување на Алијансата“. Ова од причини што „Р. Македонија е свесна за

нерационалноста и недоволната ефикасност на изолиран систем за безбедност, особено кога се во прашање малите и економски слаби земји“. За таа цел, а во функција на подготвување и трансформирање за исполнување на барањата неопходни за членство во НАТО „активно учествуваме во ПзМ и ЕАПС“.

Како ***„основен инструмент“*** кој служи како патоказ во нашето приоспособување кон структурите на НАТО се смета дека е „Годишната национална програма за членство во НАТО (ГНПЧ)“ и на тоа соодветен Акционен план за членство.

Елементи кои ги поддржуваат овие процеси се и „Индивидуалната програма за партнерство“ (ИПП), а особено „Процесот на планирање и преглед на партнерството“ (ПАРП). На ова се надоврзува и нашата подготвеност за ставање на одделни домашни капацитети на располагање на НАТО и учество со „жива сила“ во НАТО „предводени мировни и хуманитарни операции“. Заради остварување на еден од виталните интереси на Р. Македонија-интеграција во ЕУ... Р. Македонија е подготвена да ги забрза сите процеси...“.

Што се однесува до европскиот безбедносен и одбранбен идентитет, „Р.Македонија ја уважува желбата“ за неговото создавање и е подготвена во рамките на своите можности да партиципира во овие процеси, „имајќи ја предвид“ комплементарноста на европскиот безбедносен и одбранбен идентитет развиен во рамките на НАТО и европската безбедносна и одбранбена политика“.

Следуваат уште три параграфи во кои се нагласува дека еден од посебните интереси на Р. Македонија е „грижата за заштита и перманентно подигање на слободата и правата на припадниците на македонскиот народ кои живеат во соседните земји“, потоа нашата подготвеност „да ги имплементираме сите меѓународни аранжмани кои се однесуваат на контролата и неширењето на оружјето за масовно уништување, усогласувајќи ги со Кодексот на ЕУ,“ како и тоа дека сме подготвени да ги ставиме „сите свои капацитети... за борба против транснационалните ризици и опасности“.

б) Економска политика

Во овој дел низ три параграфи се укажува на „тесната зависност“ помеѓу безбедноста и економската состојба. Оттука се нагласува дека нашиот особен интерес е „натамошното унапредување на економските односи со ЕУ, ММФ, Светската банка, како и членство во Светската трговска организација“.

На внатрешен план, тоа е „завршување на процесите на трансформација и приватизација на економските субјекти и унапредување на пазарната економија...“ со нагласена потреба од изработка на „стратегија за економски развој“. За подобрување на нашата вкупна безбедност од особено значење е „одржување на макроекономската стабилност,... подобрување на законската

регулатива за влез на странскиот капитал, редукција на јавната потрошувачка, зголемување на производството, извозот, вработеноста и животниот стандард“.

в) Одбранбена политика

Во оваа потточка, преку два става се нагласува дека „одбранбената политика е насочена кон... развој на системот за одбрана и заштита...“ во чија двокомпонентна содржина, „доминантни се вооружените сили и носители и извршители на цивилната одбрана“, со нужна „усогласеност и координација“ на овој систем со „други делови од системот за национална безбедност...“ со нагласок на потребата за „целосно преструктуирање на одбранбениот систем и вооружените сили како подготовка за членство во НАТО“.

г) Политика на внатрешна безбедност

Ставовите и погледите на Концепцијата по однос на политиката на внатрешната безбедност, се изложени во девет параграфи, при што во првиот (44-ти по ред), се утврдува дека таа е „насочена... кон заштита на демократскиот поредок утврден со Уставот, човековите права и слободи и други уставно-правни норми и гаранции од значење за безбедноста на Р. Македонија“.

За остварувањето на вака проектираната цел „неопходно е усогласено и координирано дејствување на законодавната и извршната власт ... унапредување на нивото на доверба на граѓаните кон институциите на државата. Посебно е приоритетно обезбедување на владеење на правото на целата територија на Р. Македонија, како основен елемент на нејзиниот суверенитет, отстранување на закани и други пречки кои го нарушуваат правото на непречено располагање и користење на сопствениот имот и дом на граѓаните...“

За јакнењето на внатрешната безбедност и стабилност, се потенцира потребата од „развој на независната судска власт... создавање на систем на усогласени активности меѓу разузнавачките и контраразузнавачките служби“, како и „забрзано интегрирање во македонско општество и држава на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници што живеат во Р. Македонија“, заради „градење на заеднички вредности“ но и „промовирање на разликите како основа за заедништво и интеграција“.

Во борбата против „тероризмот, организираниот криминал, нелегалната миграција, нелегалната трговија со дрога,... “ потребно е преземање на низа „специфични мерки и активности“, од кои, како носечки се наведуваат: „организација на ефикасна гранична полиција,... меѓудржавна размена на податоци, соработка и помош..., подобрување на координација и развој на заеднички оперативни процедури со АРМ, посебно во областа на борбата против тероризмот и граничното обезбедување“.

Паралелно со ова, се нагласува неопходноста од „изградба на нови како и подобрување на ... постојните мерки и инструменти за спречување на корупцијата, даночната евазија, најтешките облици на криминал и уништување на сопственоста на граѓаните“. Притоа се потенцира потребата да се изврши „максимално можна децентрализација на полицијата на локално ниво, според европски норми и стандарди во функција таа да стане сервис на граѓание“.

Со подобрување на решенијата и регулативата, треба да се оневозможи „информатичкиот тероризам... и неовластената употреба на податоци..“

Клучна улога во остварувањето на активностите во областа на внатрешната безбедност и натаму ја има „ресорот за внатрешни работи... “, со соодветно партиципирање на „судската и другите органи на власта, органите на управата, царинската управа, инспекциите и другите служби“.

Едно од новите решенија кое е предвидено со Концепцијата, а има системски карактер, се однесува на „обединување на постојните служби за заштита и спасување во една ***„дирекција“***. Односно обединување на противпожарната заштита, која сега е во рамките на МВР и цивилната заштита, која е во ресорот на одбраната, во една самостојна служба-дирекција...“ за што треба да се донесе „нов закон за заштита и спасување“***. Со ова системски и поефикасно ќе се уредат односите и дејствувањето во заштитата на граѓаните, државата и нејзината инфраструктура при „елементарни непогоди, техничко-технолошки и слични катастрофи“.

Она што сè уште не е доволно јасно, е да ли задачите се однесуваат, за во војна или за време и на мир и во војна. Очекуваме дека во Стратегијата за одбрана таа ќе биде прецизно нагласено, како и релациите и односите меѓу цивилната одбрана и цивилната заштита.

д) Политика за заштита на животната средина

Во последниот дел од вој сегмент, во еден параграф (53), се констатира дека „најчести причини за уништување на животната средина, покрај постоењето на многу стопански капацитети со „валканата“ технологија и човековата небрежност, на органите на локалната самоуправа, стопански и други субјекти, како и сè уште „меката“ законска регулатива“. Следи став, во кој се вели дека „натамошните активности треба да се насочени кон развојот на стопанство со помали негативни последици кон животната средина, хармонизација на законодавството со онаа на ЕУ...“

*** Ова е дамнешна заложба на неколку наши тереотичари и научници кои ја проучуваат оваа проблематика, за што види пошироко кај З.Нацев, Едукативни проекции во одбраната, НИП Ѓурѓа, Скопје, 1995; С.Кузев, Цивилна одбрана, НИП Ѓурѓа, Скопје, 1996; М.Митревска, Цивилна одбрана, Европа 92, Кочани, 1998 и други.

**Менаџмент со кризи**

Овој дел од содржината на Концепцијата, во фазата на стручна расправа по документот, беше најмногу опсервиран од повеќе аспекти. Искажаните видувања не беа толку врзани за потребата од менаџирање на кризи, туку главно во врска со утврдувањето на содржината на поимот „криза". Односно за кои кризи и кризни ситуации се однесуваат активностите врзани за менаџирањето.

Но, прво да видиме за што се работи, а потоа ќе го докомплетираме коментарот и видувањата по однос на на ставовите изречени во овој дел.

Имено во параграфот 54 се образложува ***„зошто"*** е потребен менаџмент со кризи, односно создавање на ***Центар*** за менаџмент со кризи. Во ова смисла се истакнува дека „заради постојани консултации и донесување одлуки на највисоко ниво, максимална координација, навремена реакција, ефикасност, искористување на расположливите способности и ресурси во случај на кризи и кризни ситуации" како и поради „проценка на загрозеност на безбедноста на Р. Македонија од ризици и опасности".

Малку несфатливо, во однос на претходниот став се продолжува со нагласувањето на организациониот аспект на ова тело, односно, децидно се наведува дека „системот за менаџмент со кризи треба да има три основни целини: управувачки комитет, група за проценка и служба за поддршка на двете претходни целини, односно Центар за менаџмент со кризи". Во управниот комитет членуваат „министри за надворешни работи, одбрана, внатрешни работи, транспорт и врски, здравство и овластен преставник на претседателот на Р. Македонија, со можност и по потреба вклучување и на други раководители на државната власт и управа".

Тоа што ќе се донесе на овој Комитет во вид на „препораки, предлози и одлуки... се задолжителни" за останатите државни и други субјекти.

Во групата за проценка се преставници на истите оние органи како и кај управниот комитет но на „ранг на државни секретари, директорот на Агенцијата за разузнавање, заменикот на началникот на Генералштабот и раководителот на јавна и државна безбедност на Р. Македонија, а со него раководи министер кој ќе го назначи Премиерот".

Се нагласува дека „Центарот за менаџмент со кризи (ЦМК), покрај другите обврски, е основен носител на вкупната поддршка (стручна, организациона, административна и др.) на управувачкиот комитет и групата за проценка, односно доставува, прибира, обработува и анализира податоци и информации од значење за безбедноста на Р. Македонија, предлага проценки, како и обезбедува и организира континуитет на работата на (ЦМК)". За таа цел има „постојан персонал и персонал упатен на работа од органите кои се членови на групата за проценка", а „заради поголема ефикасност... кон

центарот треба да се приспојат Републичкиот центар за известување, службата за набљудување и центрите за известување на целата територија на Р.Македонија, кои се сега во надлежност на Министерството за одбрана".

Значи „основна намена на ЦМК е одржување на постојано ниво на готовност на државата, консултации, континуитет, меѓуресорска и меѓународна соработка, координација, изработка на проценка за закани, ризици и опасности по безбедноста на Р. Македонија, како и предлагање и донесување на мерки и активности за разрешување на кризни ситуации и кризи". Сето ова како „дел од приоспособувањето на нашиот безбедносен систем кон НАТО" за што е потребно оваа материја да „се уреди со закон".

Законот за кризен менаџмент е во завршна фаза. Имаше многу забелешки на неговата содржина и навистина ќе треба многу умешност тие да се вклопат, прецизираат и ускладат во рамките на основната верзија, освен ако не превладее игноратскиот однос кон истите. Ова го потенцираме од причини што ако работите не се завршат како што треба може да дојде до поместување и концентрација на моќта во ЦМК, наспроти останатите државни органи и институции, особено на позицијата и надлежностите на претседателот на државата.

**4. Одбрана**

Во последното поглавје се дадени „Основите и насоките за развој на одбраната", при што во првиот параграф од овој дел (инаку 58 по ред) се истакнува дека Р. Македонија својата одбрана „треба да ја изгради како систем". Како што веќе беше спомнато, основни елементи на системот се вооружените сили и силите на цивилната одбрана. Основна намена и улога на вооружените сили е водење на вооружена борба, додека, цивилната одбрана е таа „која ќе обезбеди континуитет на функционирањето на државата и нејзиниот политички и економски систем, ќе ја поддржи вооружената борба и вооружените сили... и ќе учествува во заштитата на своето население". Потоа се нагласува дека основната функција на одбраната е одвраќање од агресија но и одбрана на Р. Македонија во случај таа да стане цел на агресијата.

Сегментот одбрана, во рамките на интегрираниот безбедносен систем, „потребно е да учествува, да даде помош и да соработува со другите делови од системот за безбедност, посебно со полицијата во борбата со тероризмот, граничното обезбедување... " и други активности на полицијата, „како и во отстранувањето на последиците од елементарни непогоди и други катастрофи".

Се потенцира дека во „моментов одбраната се соочува со предизвикот за длабока трансформација...и приоспособување за членство во НАТО... имплементирајќи ги нормите и стандардите на Алијансата". Основен инструмент според кој се водат процесите на трансформацијата е „Годишната

национална програма за членство“ поддржан и со други важни инструменти како што се „обврските кои произлегуваат од членството во ПзМ, посебно ПАРП, ИПП, учеството во вежбовни и хуманитарни и мисии за зачувување на мирот на НАТО или предводени од НАТО“.

Се потенцира дека „цивилната и демократската контрола врз вооружените сили“ се смета за една од „најголемите придобивки на демократијата“ и нејзиното остварување е „насочено во повеќе области“.

„Главните правци треба да се во поголемото учество во креирањето на процесите на одбраната од страна на Собранието, другите органи на државната власт, невладиниот сектор, јавноста и граѓаните... со изградба на инструменти, документи и други активности достапни до јавноста, како и нејзино перманентно информирање“.

Во 62-от параграф се потенцираат приоритентни потпрограми, кои извршната власт ќе треба да ги изготви во наредниот период, а се однесуваат на „доизградување на инструментите за спроведување на: одбранбената политика; наменското трошење на буџетот за одбрана; раководењето и командувањето со одбраната, особено со АРМ; преструктуирање, димензионирање, опремување и професионализација на Армијата; соодветна застапеност на припадниците на заедниците во структурите на АРМ; редизајнирање на военообразовниот и системот на обука; големината и потребата на постојниот и резервниот состав и унапредување на животниот стандард на припадниците во сегментот одбрана“.

Една од важните области на трансформацијата на одбраната се состои од продолжување на процесот на „ослободување од несуштинските дејности, заедно со персоналот и инфраструктурата“, како и „забрзување на процесите на реадаптација на структурите на АРМ, степенот на ангажираност, внатрешната структура и потребата од персонал, според нормите и стандардите на НАТО“. „Единиците треба да се сконцентрираат во помалку гарнизони и да се подготвуваат за поширок спектар на задачи,... со помалку и точно определени финансиски средства на располагање,“ со цел, од таквиот пристап „ослободените финансиски средства да се пренасочат во програмите за ослободување од вишокот персонал“.

Како еден од „неминовните процеси“ се наметнува потребата и од „редифинирање на поставеноста, улогата, начинот на образование и обука на системот на цивилната одбрана“. Вкупните промени во областа на одбраната „треба да ги следи модерна и ефикасно организирана административна структура“ особено во делот на „организацијата и функционирањето на Министерството за одбрана“.

Во последниот став (66) од Концепцијата и делот „одбрана“ се нагласува голема потреба од „имплементирање на системот на планирање,

програмирање, финансирање и буџетирање на одбраната“, во вид на посебни насоки и планови.

Покрај тоа, „треба да се имплементираат и системот на одржување на борбената готовност, образованието, обуката и вежбите, изградба на подофицерски кор, персонален менаџмент, изучување на странски јазици, стандардизација, кодификација, образованието и обука од област на одбраната на сите одговорни носители на органите на државната власт, клучни трговски друштва и други институции и граѓани“.

## Заклучок

Националната концепција за безбедност и одбрана на Р.Македонија преставува темелен доктринарен документ во кој се истакнати нашите основни, долгорочни ставови и видувања по однос на безбедноста и одбраната на земјата. Тоа е платформа врз која и од која ќе произлезат низа нови решенија од стратегиска и системска природа, со нужно приоспособување на постојната и создавање на нова регулатива за уредување на односите во овој домен.

Клучна определба во Концепцијата, која како основна поента се провлекува низ целиот документ е доминантно евроатлантска ориентација на Р.Македонија во изградбата на новиот приод во безбедносно-одбранбениот сектор.

Еден од суштинските ставови во Концепцијата се видувањата и проценките врзани за заканите. Имено се тврди дека заканите веќе не доаѓаат од страна на некоја конкретна држава/и иако, хипотетички не се исклучува таа можност, но само во некои екстремни ситуации. Туку, дека невоените, неконвенционалните и асиметрични закани се тие кои ќе доминираат во наредниот период, за што и кон што треба да се прилагоди и реформира безбедносно-одбранбениот сектор, со цел успешно да се справува со истите.

Основите за една таква констатација се базираат врз проценката дека во соседството, во поширокиот регион и во Европа, се одвиваат процеси кои се многу поразлични од времето на студената војна. Напуштени се соништата и политиките од минатото, а се преферираат заеднички ангажмани во справувањето со новите закани, предизвици и опасности во рамките на НАТО и европскиот безбедносен идентитет. Покрај ова, од системски карактер следи натамошното доизградување и разработка на ставовите и определбите на Концепцијата. Имено, предвидено е во најкус можен рок да се изготви интегрирана Стратегија за безбедност и Стратегија за одбрана. Во делот на одбраната, ангажманите треба да се концентрираат кон создавање на програми и документи за суштинско преструктуирање на АРМ и Министерството за одбрана. Тоа особено се однесува на обука на вооружените сили, персонален менаџмент, образование на офицерскиот и подофицерскиот кадар, образование и обука на силите на цивилната одбрана, борбената готовност, опремувањето на АРМ и др. На ова се надоврзува јасното дефинирање и утврдување на улогата на полицијата и војската во граничното обезбедување.

Системот за одбрана условно ќе има два комплементарни сегменти: вооружен дел и цивилна одбрана. Притоа се предвидува реконструирање на цивилната заштита

во смисла на создавање соодветна Дирекција при Владата во која ќе се обединат противпожарната заштита, која досега беше во рамките на МВР и цивилната заштита која беше под ингеренција на Министерството за одбрана.

Со посебен закон ќе се уредува проблематиката на координирање и справување со кризи и кризни состојби, така што е предвидено создавање на нова институција именувана како Центар за менаџмент со кризи, кон кого треба да се припојат Републичкиот центар за известување и службата за наблудување и центрите за известување.

Се предвидува покрај традиционалните задачи, АРМ да има соодветна улога во потпора на цивилнита власти во определени ситуации како и да учествува во спасувачки акции при елементарни непогоди, катастрофи и техничко-технолошки несреќи.

Сето ова неминовно ќе наметне потреба од создавање на нова легислатива со која ќе треба да се регулираат новите состојби и односи, со цел заживување и имплементација на интенциите и решенијата во безбедноста и одбраната од национален и наднационален карактер.

Она што не го пишува во Концепцијата, а што планерите секако мораат да го имаат предвид во преземањето на натамошни чекори за етаблирање на определбите и ставовите изнесени во неа, се однесува на проценките врзани за идниот статус на Косово и безбедноста на Р.Македонија. Колку и да се одбегнува расправа за ова прашање на ниво на политичко изјаснување, во стратегиска безбедносна смисла, тоа е еден од клучните моменти битен за мирот и стабилноста во регионот, а особено за нашата земја. Можната криза, нејзиното прелевање, проследено со реакција на одделни екстремистички елементи во земјата, може да не врати во денови на конфликтот од 2001 год., со нови импликации врзани за државноста на Р.Македонија.

Иако во Концепцијата нагласокот е на НАТО и европскиот безбедносен идентитет на Р.Македонија, несфатливо е што со ниту еден став не се спомнуваат САД? Како да се заборави дека е таа водечка светска сила во секој поглед, носечки столб на НАТО и држава за која велиме дека е докажан пријател и сојузник на нашата земја, чиј став за многу прашања значи и конечно решение кое другите го прифаќаат и следат. Зошто тогаш ја прифативме конвенцијата за изземање на американските сили од гонење пред Меѓународниот кривичен суд, пративме наши војници во Ирак, ако не проценивме дека е тоа во наш интерес. Не треба да се пренебрегне и фактот дека македонските Албанци и воопшто, Албанците на Балканот веруваат и се подготвени да прифатат сугестии и решенија ако тие пристигнат од страна на американската администрација.

Многу внимателно треба да се следат односите на релација САД-ЕУ, НАТО и САД, кога станува збор за создавање на европскиот безбедносен идентитет, кој во крајна линија може да значи и исклучување на прекуокеанските држави. Се разбира дека клучните европски држави се тие кои ќе ги влечат потезите на овој план, но за нас, од безбедносен аспект, е важно правовремено да се приклониме кон оптималната опцијата во можното преструктуирање на безбедносното организирање на меѓународно и европско ниво.

На крај, може да се констатира дека се работи за квалитетно изработен документ, кој проектира и овозможува темелна трансформација на безбедноста и

одбраната во Р.Македонија според евроатлантските стандарди. Ако на неа се надоврзат соодветни програми и документи, верувам дека ќе имаме сериозни предиспозиции за членство во НАТО, ако некој „ненадеен настан“ нé не врати пак на нови-почетни позиции.

# ВООРУЖЕНИОТ БУНТ ОДНАТРЕ

**Митко КОТОВЧЕВСКИ**
Филозофски факултет, Институт за одбранбени и мировни студии

**Апстракт:** *По завршувањето на Студената војна бунтовите доживуваат своја ренесанса и трансформација пламнувајќи насекаде во светот, посебно во хронично кризните жаришта и зоните на тензии. Вооружените бунтови ја променуваат својата „идеолошка матрица“ и во нивното манифеститање почнува да доминира верскиот образец или попрецизно, карактеристичен е новиот бран на религиозно–фундаментални групи кои се длабоко поврзани со националистичка политичка платформа. Новиот тренд ја потврдува и карактеристичната симбиоза помеѓу религијата и етничкиот сепаратизам карактеристичен за Балканот, Кавказ, Пенџаб и Кашмир. Во новиот воено–политички и безбедносен амбиент тие сè повеќе се сплотуваат, спојуваат, и се претопуваат со тероризмот, организираниот криминал и други облици на насилство. Во посткомунистичкиот период многу бунтови сè повеќе имаат верски карактер или повеќе поврзани со нелегалната трговија или криминалот отколку што беа старите, првенствено политички и револуционерно ориентирани бунтови.*

**Клучни зборови :** *вооружен бунт, тероризам, организиран криминал, Маоистички модел, револуционерна доктрина, Студена Војна.*

# INSIDES OF THE ARMED INSURGENCE

**Abstract:** *After the end of the Cold War the insurgences are passing through them own renaissance and transformation, fire up around the world , especially in the sustainable crisis hot spots and in the regions of tensions. Armed insurgences are changing them consistent ideology and in their manifestation the accent is put on religious segment or more precisely, the new wave of the religious-fundamental groups which are deeply connected with the national political platform is predominantly characteristically. The trend is confirming the symbioses between the religion and ethic separatism that is characteristic for the Balkans, Caucas, Penjub and Cashmir.*

*In the new military-political and security ambient they are getting more attached and connected to the terrorism, organized crime and other forms of violence.In the post communist period the character of the insurgencies is more and more with the religious elements and the insurgences are more connected with the illegal trade or with the organized crime instead the old, political and revolutionary insurgences.*

**Key words:** *armed insurgencies, terrorism, organized crime, Maoist model, revolutionary doctrine, the Cold War.*

## 1. Поим и видови вооружен бунт

Бунтот можеме да го дефинираме како организирана вооружена политичка борба чија цел може да биде преземање на власта преку револуционерен пресврт и заменување на постојната влада (власт), додека во друг случај целите можат да бидат поограничени. На пример настојувањето на бунтовниците да се оттргнат од контролата на владата и да воспостават автономна држава во традиционалните етнички и религиски граници. Бунтот може да има за цел стекнување на ограничени политички концесии кои не може да се остварат со примена на помалку насилни средства.

За целосно расветлување и дефинирање на феноменот „вооружен бунт" и „бунтовничка активност" ќе ја презентираме и дефиницијата на Централната разузнавачка агенција на САД–ЦИА според која: „бунтот претставува одолжена воена–политичка активност насочена кон остварување комплетна или делумна контрола на ресурсите на земјата преку употреба на нерегуларни воени сили или илегални политички организации.

Бунтовничката активност вклучува герилска војна, тероризам и политичка мобилизација, на пример, пропаганда, регрутација, јавни и прикриени партиски групи /организации/, и меѓународна активност–креирана да ја ослаби владината контрола и легитимност. Заеднички именител на најмногу бунтовнички групи е нивната желба да ја контролираат посебна област. Оваа цел ги разликува бунтовничките групи од чисто терористичките организации, чии цели не вклучуваат креирање /создавање/ на алтернативна влада способна за контрола на дадената област или земја". [1]

Во овој контекст посебно е значајно да се анализираат неколку аспекти од оваа дефиниција.

[1] Извор: " Guide to the Analysis of Insurgency, Central Intelligence Agency (n.d, p.2), 1980

Прво, бунтовниците учествуваат во низа активности од кои најмногу е застапена и значајна герилската војна, но исто така значајна е и политичката мобилизација и придружните –паралелени напори за привлекување надворешна поддршка.

На тој начин, делотворните /ефикасните/ мерки на надворешна поддршка мораат да се фокусираат над моменталното физичко влијание на бојното поле и да ги земат предвид политичките, како и воените димензии на бунтовничката сеопфатна /глобална/ борба.

Второ, тероризмот во овој контекст е специфична тактика која бунтовниците ја употребуваат како дел од поширокта стратегија за да контролираат посебна /одредена/ географска област. Тероризмот во овој контекст претставува помошен начин /модалитет/ на насилство, отколку ексклузивен и основен облик на манифестирање на бунтот.

Бројот на ангажираните сили е исто така корисна карактеристика на бунтовниците. Терористичките групи често се состојат од мал број поединци, додека бунтовничките организации бројат неколку или повеќе илјади членови–припадници на бунтовничкото движење.

Покрај тоа, криминалните групи, вклучувајќи ги и поголемите криминални групи кои редовно користат насилство, се исклучени од оваа дефиниција. Нивните цели не се поврзани со територијална контрола, или поспецифично за определена политика, освен кога имаат потреба да ги промовираат /унапредат/ криминалните активности. Бунтовничките групи може да тргуваат со наркотици или да се занимаваат со други незаконски активности но тие не се користат како образложенија–оправдувања или цели на бунтовничката организација. Всушност, криминалот е начин–крајно средство на бунтовниците за обезбедување пари за поддржување на нивните операции. Понатаму, криминалните групи обично не бараат да вршат директна политичка контрола над територија или врз полулацијата, како што прават бунтовниците. Некои движења можат да започнат како бунтови, и, со тек на времето да станат криминално организации кога нивните политички цели почнуваат да бледнеат /ослабнуваат/.

Бунтот е организирано движење насочено да ја собори постојната влада, преку субверзија и вооружен конфликт. Бунтовновниците се организираат на политичка основа за да ги поддржат политичките, економските, социјалните, воените, психолошките и „covert“ операциите. Притоа, манифестно, бунтот има две лица. Едната страна подразбира воени и паравоени формации што користат герилска тактика, офанзивни дејства по сопствен избор на време и место штом ќе постигнат супериорност на локално ниво. Другата страна е политичка и дејствува преку штрајкови, демонстрации, пропаганда, политички организации и дипломатија. Преземањето бунтовнички дејства против

државата и нејзината воена моќ е смел чин, но успехот од претходните бунтови укажува дека е можно истиот да се повтори.

Учесниците во бунтот сметаат дека соодветна промена во рамките на постојниот политички систем не е можна или веројатна, затоа се определуваат за радикална промена на политичката власт, а тоа подразбира долготрајна примена на „covert" средства и методи.

Заедничко за бунтовничките и противбунтовничките дејства е тоа што се целосно посветени во обезбедувањето поддршка од луѓето (народот во односната земја), но и можноста да бидат избраната страна во периодот што претстои. За нив централно прашање е како да ги распоредат силите во обезбедувањето на сопствената поддршка, истовремено поткопувајќи ја легитимноста на противникот.

Генерално, бунтовите следат револуционерни доктрини и користат вооружена сила, како инструмент на политиката. Успешните бунтови развиваат начини да ги претворат сопствените слабости во предност и силата на владата да ја претворат во слабост. Тие се јавуваат кога владата е неспособна или неволна да одговори на барањата испратени од важните општествени групи. Почетоците на бунтот лежат во масовното незадоволство од постојните политички и социјални услови во општеството за кои активистите на бунтот сметаат дека не може повеќе да се толерираат. Затоа тие се спремни преку насилна пресметка со постојната влада да предизвикаат промена, т.е. да ја делегитимираат. Водството на бунтовниците го артикулира општото незадоволство, вината за тоа ја префрла врз владата и нуди програма за подобрување на условите. Следен чекор е обезбедување на организациски и управувачки способности за да се трансформира незасегнатиот дел од населението во ефективна сила за политичка акција. Водството на бунтот нагласува и искористува теми што клучните општествени групи ги поддржуваат, истовремено неутрализирајќи ги групите што ја поддржуваат владата и барајќи пасивна поддршка од мнозинството. Значи постои борба за легитимитетот. Бунтовниците ја поткопуваат легитимноста на владата и го убедуваат населението дека ќе владеат подобро. Спротивно на тоа владата се обидува да го убеди населението дека нејзината политика е правилна и разумна.

За да биде успешен бунтот мора да мобилизира што повеќе човечки и материјални потенцијали, со што ќе обезбеди активна и пасивна поддршка за нејзината програма, операции и цели. Друг услов за успех е создавање единствено раководство, доктрина, организација и визија за иднината бидејќи на почетокот сето тоа е во зародиш.

Иако секој бунт е случај сам за себе, може да се издвојат одредени параметри кои се присутни во секој бунт и преку кои може да се утврдат слабостите и силата на бунтот. Се разбира крајната цел од утврдувањето и

анализата на она што е заедничко за сите бунтови, е развивање на параметри преку кои се добива повратна информација за оние кои се заинтересирани, во смисла дали им одговара или не, а се надвор од државата (други држави), како на пр. планерите на САД кои одредуваат на кого ќе им укажат поддршка. Бидејќи бунтот е раководено и насочено политичко насилство, основно е да има раководство (иконосен лидер или групно тело), што ќе одреди визија, раководење, координација и организациска усогласеност.

Водството на бунтот мора да ја обнароди својата кауза, да стекне поддршка за движењето, да ги прекине врските помеѓу владата и народот. Движењето мора да има програма за тоа што е погрешно во општеството и оправдание за своите активности. Тоа се постигнува преку идеологијата која воедно ги идентификува општествените области каде што е фокусиран бунтот. За да се очекува успех потребно е да се вети голем напредок откако владата ќе биде соборена. Во одредувањето на идеологијата главниот збор го има водството кое треба да вложи напор за да се надминат идеолошките потреби (различните мислења), во рамките на движењето за тоа да не биде искористено од противникот. Идеологијата може да предложи веројатни цели и тактики на дејствување на движењето.

Целите на секое движење ги опфаќаат стратегиските, оперативните и тактичките цели. Стратегиската цел на движењето е да стави точка на државноста, а прв чекор во тоа е соборување на владата како иницијална насока за дејство и основа околу која се обединуваат бунтовничките групи. Оперативни цели се оние што бунтовниците активно ги спроведуваат како дел од вкупниот процес на уништување на владиниот легитимитет, како зголемување на меѓународната поддршка за бунтот, прекинување на дипломатската и материјалната поддршка за владата, разбивање на самодовербата кај владата, службите, вооружените сили, повикувајќи ги да абдицираат, истовремено воспоставувајќи власт во областите копи има под контрола. Тактички цели се оние кои даваат моментални резултати и претставуват основа за оперативни цели.

Надворешната поддршка во бунтот е елемент кој не е пресуден за успехот на истата, но во секој случај може да ги забрза настаните и да има влијание врз конечниот резултат, а тоа за една од страните значи добивање на политичка, психолошка, материјална и друга поддршка (тајна обука, оперативни и логистички бази). Поддршката паралелно можат да ја добијат и бунтовничките и противбунтовничките сили, но со тоа се загрозува нивната легитимност бидејќи се имплицира неспособност за самостојно одржување.

Успешниот бунт минува низ неколку основни фази на развој, што не значи дека сите бунтови минуваат низ секоја фаза ниту пак развитокот преку сите нив е предуслов за успех. Бунтовничкото движење може да биде во

различна фаза во различни региони на државата, од друга страна успешен е оној бунт кој при силен притисок  може да се „врати“ во претходната фаза, повторно развивајќи се кога ќе се јават поволни услови за тоа. На пример, масовно ориентираниот бунт  (Маов модел) се состои од три фази:

I фаза: **латентен или првобитен бунт**  во која активноста се протега од субверзивна дејност до ситуација каде честите пресвртнички инциденти и активности попримаат облик на шаблон и тој не подразбира поголем излив на насилство или неконтролирани бунтовнички активности. Најчесто се изведуваат одбрани терористички дејства.

II фаза: **герилска војна**, настапува откако бунтовничкото движење ќе обезбеди доволно локална и надворешна поддршка и ќе започне организирана и континуирана герилска војна против владата. Ваквото дејствување е обид да се принудат владините сили на дефанзивни дејства и задачи. Како што бунтот станува посилен, се изведуваат пообемни операции.

III фаза: **отворена војна** на бунтовничкото движење, кога ќе се постигне формациска структура и способност директно да се предизвикаат владините сили на одлучувачка борба, тогаш движењето почнува да користи конвенционална тактика.

Притоа, од надворешните извори може да се обезбедуваат луѓе и оружје кои во ваква ситуација се потребни за водење одбранбени операции  за да се заштитат областите под контрола. (Сл.1)




Во практиката е потврдено дека секој бунт е единствен (уникатен) и се развива соодветно на околностите во кои се наоѓа. Заради теоретска прецизност и уште повеќе практична променливост, во воената мисла на САД се определени четири модели на бунтови:

***1. Субверзивен бунт*** – најчесто се јавува во послободна политичка „клима", каде бунтовниците можат да користат илегални и легални методи. Имено тие се инфилтрираат во политичката структура (партија) за да ја преземат контролата врз неа, а потоа да ги заземат изборните и назначувачки функции. Понатаму применуваат селективно насилство за да ги принудат гласачите, да ги заплашат службениците и ја дискредитираат владата. Постоењето на насилство е доказ за неспособноста на владата, која ако жестоко одговори и самата ќе си го поткопа угледот. Практично, во вкупното дејствување политичкиот елемент раководи со воениот заради усогласен настап. На пример некоја легална партија поддржана од прикриени елементи што дејствуваат надвор од законот (како што NSDAP направи во Германија во 30-тите години).

***2. Бунт на критичното јадро*** (слободен превод) – бунтовниците дејствувајќи прикриено и јавно се инфилтрираат во владините институции со цел да го разрушат системот однатре. Постепено ја поткопуваат легитимноста на институциите, убедувајќи ги останатите граѓани да им се придружат. Не се применува насилство додека институциите на системот не ослабат до степен по кој супериорната бунтовничка организација, поддржана од ВС ќе ја освои власта. Пример Руската револуција од 1917 год.. Овој модел има две варијанти–револуцијата во Никарагва и Кубанскиот модел.

***3. Масовно ориентиран бунт***, тежнее политичко и воено да мобилизира големо народно движење, да создаде легитимитет надвор од државата, а потоа до го истисне или уништи внатрешниот политички систем. Бунтовниците трпеливо создаваат голема вооружена сила од герилци, а од друга страна база на активни и пасивни политички приврзаници. Планираат долготрајни дејства, постепено зголемување на насилството со цел соборување на владата и институциите на системот. Воедно движењето формира паралелна влада што отворено се прогласува за легитимна. Ваквиот бунт поседува високо организирана идеологија и штом еднаш ќе се воспостави исклучително е отпорна поради големата длабочина во организираноста, затоа против неа се ангажираат вооружените сили. Пример Комунистичката револуција во Кина; движењето Светол Пат во Перу.

***4. Традиционален бунт*** – обично се развива поради специфични неправди и произлегува од племенски, расни, религиозни и други групи со слична идентификација. Бунтовниците и забележуваат на власта дека им ги укинала правата и интересите и работат за повторно да ги воспостават. Најчесто имаат ограничени цели т.е. отргнување од владината контрола преку автономија или полуавтономија. Меѓутоа отстапките што владата треба да ги направи се големи и ја доведуваат во прашање нејзината легитимност и затоа најчесто таа применува репресија. Од друга страна бунтовниците се подготвени

да одговорат преку штрајкови, улични демонстрации до тероризам и герилска војна. Во ваквиот бунт се употребуваат вооружени сили, а за долготраен договор треба силна политичка војна. На пример, бунтот на муџахедините во Авганистан, тамилските сепаратисти во Шри Ланка.

Може да се заклучи дека аналитичарите во САД повеќе внимание посветуваат на формата отколку на суштината. Набљудувајќи ги бунтовите како манифестни појави кои се случиле од различни причини, единствено за што посветуваат внимание е последицата од нив да бидат во согласност со нивните интереси.

## 2. Форми на бунтовнички дејства

Бунтовничкото движење во своето постоење се манифестираше низ повеќе форми. Некои од формите беа специфични за регионите или земјата во која егзистираат, други попримија глобална форма, но сите имаа единствена заедничка цел–да се промени социјалниот, политичкиот и економскиот статус со употреба (примена) на сила.

Како контраст на бунтовите насочени против владата или државните удари, бунтовите ги карактеризираше масовно учество на популацијата во остварувањето на нивните цели. Во суштина, стратезите на вооружените бунтови пред себе си поставуваат две основни задачи:

прво –да му се одземе легитимитетот на актуелниот режим;

второ–да го придобијат истиот легитимитет за себе (за нивното дело).

Определбите на бунтовничката стратегија варираа во зависност од личното искуство, знаење и образование на водачот, неговата личност и од одговорите на прашањата во врска со природата или обемот на востаничката коалиција, нејзината идеолошка рамка, географски фокус и од приоритетите кои произлегуваат од воените и политичките димензии на конфликтот.

Меѓу бунтовничките стратегии кои што се појавија во периодот на Студената војна, Маоистичката „народна војна " се покажа без сомнение како најуспешна. Моделот на „народна војна" промовиран од Мао Це Тунг, со исклучок на Куба, беше успешно проследен и реализиран речиси од сите победнички бунтовници[2] – Виетнам, Камбоџа, Гвинеа Бисао, Намибија, Алжир. Тие својата победа ја остварија со примена на некоја варијанта на Маоцетунговата „народна војна" со целосно почитување на спецификите на основните фактори на војната во конкретните држави.

[2] Терминот бунтовници во доктринарните документи на Армијата на САД се користи за борците кои во своите матични земји народот ги нарекува герилци, револуционери, борци за национално и социјално ослободување итн

Суштински карактеристики, односно доминантни одредници што ја детерминираат Маоцетунговата народна војна беа следните:

– приматот на политичката организација над воеото дејствување;

– развивање и изградување на опсежна политичка поддршка и создавање на заеднички фронтови на прогресивни и револуционерни организации и движења;

– развлекување (на непријателските сили) и

– нагласување на руралните подрачја.

Едноставни идеи, но мошне практични и продуктивни во остварувањето на стратегиските цели на народната војна.

За целосниот успех во реализацијата на целите на народните војни во презентираниот период пресудно значење имаа и следните фактори:

Точната идентификација и напад на клучните ранливи точки на повеќето ненародни режими во земјите на Третиот свет, а тоа се: нивниот ограничен легитимитет, слабата поддршка од јавноста и недоволната контрола на внатрешноста на државата (посебно во селските подрачја).

Моделите на Маоцетунговата народна војна располагаа со огромна потенцијална енергија за масовно артикулирање на насобраниот гнев и големото незадоволство на локалното население (посебно незадоволство на населението во руралните центри), во едно ефикасно, стратегиски значајно движење.

За разлика од многубројните востанија и селски бунтови кои се покажаа како неуспешни, овој модел на војување со широка поддршка на народните маси, значеше нов квалитет и нова шанса за нејзините многубројни актери во успешната реализација на нивните стратегиски цели.

Маоцетунговата „народна војна“ беше успешна не заради тоа што беше вистински нова или иновирана (тоа е континуитет на Марксовиот и Титовиот модел на народна војна), туку затоа што беше целосно интегрирана и сихронизирана –пулсираше со срцето и душата на широките народни маси како одраз на нивните витални историски стремежи и потреби. Од друга страна, обидите на противбунтовничките сили дејствуваа без определена стратегија или целосно беа растргнати со контрадикторни и контрапродуктивни активности.

Народната војна беше исконски одраз на огнената желба на обесправените, окупираните и колонизирани народи и држави за социјално, национално ослободување–пат за раскинување на синџирите на разните видови ропство и експлоатација.

И конечно, Маоцетунговата народна војна беше успешна бидејќи беше нова војна на новото време.

### 3. Бунтовничките дејства до крајот на „студената војна“

Несреќниот и мошне опасен спој на современи трендови и фактори по завршувањето на Втората светска војна го поттикнаа огромниот бран на револуционерни востанија кои добија сериозни размери на епидемија во земјите во развој. Причините беа повеќеслојни, а голем дел од нив претставуваа континуитет на натрупаните нерешени проблеми, првенствено во земјите од Третиот свет.

Заради непристапниот терен, сиромашните и нецелосни инфраструктурни системи, неефикасноста во функционирањето на владите, традициите, мошне брзо се издиференцира едно правило (закономерност), според кое влијанието на режимот почнуваше да опаѓа согласно географското растојание од главниот град. Влијанието на режимот на периферијата на државата (посебно во поголемите држави) често пати и не се чувствуваше, односно власта почнуваше да ја губи комплетната контрола врз сопствената државна територија.

Во поголем број држави, „владата“ добиваше значење и улога на селски совет, додека селанецот имаше незначително искуство за некоја друга влада.

Со оглед на фактот дека поголем број од земјите беа добро смислени вештачки креации на колонијализмот, ниту една национална влада, без оглед на нејзината ефикасност, не можеше да биде широко прифатена од сите слоеви на населението.

Исто така, континуираното потенцирање на локални или примарни идентитети во време на колонијалниот период, што претставуваше дел од познатиот пристап на империјалните метрополи - „раздели па владај“, дополнително го влошија овој комплициран наследен проблем.

Во африканските и азиските земји каде што деколонизацијата се одвиваше на мирен начин, тамошните режими имаа потешкотии во градењето на нивната легитимност заради асоцирањето со колонијалните господари. Дури и во определени региони каде што беа одамна независни или автономни, како на пример Латинска Америка и некои делови од исламскиот свет, репресијата и корупцијата од страна на автократските или традиционалните режими, во голема мерка ја поткопува владината легитимност.

Електронските и комуникациските откритија во XX век им овозможија на луѓето што живеат во поодалечните региони да развијат потполно и прецизно чувство за нивните проблеми и за нивната „отпишаност“ од владата, односно за нивната „подредена положба“.

Комплексот на презентираните иницијални написли го потпалија пламенот на „револуцијата на растечки (зголемени) очекувања“, што значеше дека барањата пред владите на земјите од Третиот свет непрекинато се зголемуваа наспроти нивните ограничени капацитети за нивното разрешување.

Владите не можеа да одговорат на новите огромни бранови на нови барања, со што во континуитет се зголемуваше фрустрацијата на спротивната страна.

Развојот на комуникациите и нивните зголемени можности за брзо и сеопфатно пренесување на оваа релација, на револуционерите им овозможија „контакт" со новите различни методи, можности за организирање на поддршка и помош и нови неограничени можности за проучување и развивање на револуционерниот успех во другите делови од светот.

Во исто време се случија и други значајни промени во интерес на револуционерното насилство. Промените во глобалните вредности во голема мерка потпомогнаа во неговата легитимизација, посебно од политичката левица во САД и во Западна Европа. Нивната наклонетост и симпатии спрема револуционерите од Третиот свет се зголемија, посебно тргнувајќи од ставовите дека вооружениот отпор на репресијата е вроден сегмент на западната политичка традиција. Исто така, нараснатата глобална свест за човековите права, првенствено промовирана од либералната традиција (но и од други интереси) на САД, дополнително го легитимизираа вооружениот отпор кон репресијата.

Треба да се спомене поддршката од француските мислители кои тврдеа дека „единствено насилството може психолошки да ги ослободи жртвите на колонијализмот", став кој беше општо прифатлив за претставниците на радикализмот (радикалните лидери) во земјите на Третиот свет. Во периодот од 1950–1960 година после големиот и успешен бран на антиколонијалната револуција, Генералното собрание на ООН беше подложно на „доминацијата" од страна на нациите од Третиот свет организирани во Движењето на неврзаните чие мнозинство го сочинуваа државите ослободени од стегите на колонијалното ропство.

Генералното собрание на ООН конечно почна сериозно да ги разгледува новонастанатите состојби и понекогаш имплицитно, понекогаш експлицитно да ги одобрува вооружените борби што ги водеа овие држави.

Експанзијата на вооружените бунтови (бунтовничките дејства) беше поттикната од меѓународната мрежа на поддршка манипулирана од определени големи сили. Вооружените опоненти станаа сериозна закана за актуелните режими посебно после нивните солидно извршени воени подготовки (тренинг и опрема) од определени „пријателски земји" во тој период од Советскиот Сојуз, Кина, и нивните сателити. Исто така и голем број големи сили од „западната демократија" на чело со САД не заостануваа многу на овој план– само што секогаш ја заземаа другата, спротивната страна во конфликтот. Победата на Мао, во 1949 година на потенцијалните герилци им ја врати самодовербата и им понуди докази и „гаранција" дека ненародните режими иако помогнати од западните сили, можат да бидат поразени. Моделот на

„народната војна" и нејзината стратегија успешно промовирани на глобален план во периодот по завршувањето на Втората светска војна беа мошне успешни. Тоа беше „нова" успешна стратегија и „нова" војна за потенцијалните противници во „новото време" на уривање и распад на огромното колонијално „царство".

Нејзиниот огромен успех не произлегуваше од фактот дека тој тип на војна беше вистински нова или иновирана (најзначајна ренесанса ова учење и одбранбен модел „на вооружениот народ", ја постигна за време на НОВ на југословенските народи во Втората светска војна), туку затоа што беше целосна интегрирана и успешно сихронизирана, додека противбунтовничките сили и нивните држави беа без определена стратегија, односно останаа без одговор на новиот предизвик и закана на нивните национални интереси. Во исто време, овие сили и нивните држави во голема мера беа растргнати со контрадикторни и контрапродуктивни активности што предизвика сериозна конфузија и неснаоѓање во нивното успешно спротиставување на силите на „народната војна". И конечно, Марксовиот модел на „народна војна" кој послужи како основа за Маоцетунговиот модел на „народна војна" беше поуспешен, бидејќи навистина беше нова војна, со нова стратегија, која во западната литература го доби и префиксот „комунистичка".[3]

Со исклучок на специфичноста на моделот на војна применет за остварување на целите на Револуцијата во Куба, речиси сите победнички бунтови во Виетнам, Камбоџа, Гвинеа Бисао, Намибија, Алжир–проследија некоја варијанта (специфичен модел) на Маоцетунговата „народна војна". Тие својата војна ја крунисаа со војничка победа и уште еднаш во поновата светска историја докажаа дека стратегијата на „народната војна" е најуспешна и најефикасна стратегија во соѕвездието на герилските стратегии, но и пошироко, во севкупното стратегиско соѕвездие.

Противбунтовничките дејства, исто така, имаат своја „историја", со вклучувањето на клучните противбунтовнички сили во определени мали војни во минатото.

Французите и Британците своето искуство на оваа релација го стекнуваа во борбите за време на нивната колонијална експанзија во Азија и Африка. САД се соочија со бунтовниците за време на војните со Индијанците, како и на Филипините, во Мексико и во Никарагва.

Според определени американски воени теоретичари, противбунтовничките движења постигнаа успех единствено во борбите водени од страна на

[3] Види поопширно: Котовчевски Митко: Стратегија на народната војна, Годишен зборник на Филозофскиот Факултет, Скопје, 1993 гоД

САД во задушувањето на востанието на Филипините и од страна на силите на Велика Британија кои ги „поразија“бунтовниците во Малаја, инспирирани од „народната војна“.

Но, според сите анализи на овие „победи“, можеме да констатираме дека станува збор за нецелосни и дискутабилни победи со што се потврдува една позната стара закономерност дека народот зафатен со пламенот на „народната војна“ е непобедлив.

Франција во своите напори разви еден мошне студиозен и детален концепт на противбунтовничка стратегија, но исто така, не успеа да го имплементира успешно, бидејќи тоа речиси е невозможно. Тоа беше тешко остварливо бидејќи нивната стратегија (како и сите останати идентични стратегии), не претставуваше одраз на „народната војна“. За остварување на таа цел беше неопходно да се направи еден спој на воени, политички и психолошки напори, вклучувајќи и провладина пропаганда, мобилизација на државните политички ресурси, напади на субверзивната инфраструктура, повторно окупирање на ослободените зони, изолирање, како и уништување на бунтовничките воени сили. За да бидат целосно успешни овие активности од огромна важност е во сите фази да бидат проследени со силна и ефикасна дипломатска активност.

На оваа релација идентични се и британските искуства.Според нивните сознанија за успешна борба е неопходно единство на напорите помеѓу воените, политичките и полициските сили во време на уништувањето на вооружениот бунт. Тие предвидуваат и примена на ограничена воена сила во изведувањето на воени операции.

Во тоа време, политичарите и воените лидери на САД до апсурд ги потценија овие безбедносни закани (аналогно на тоа и соодветните сили за справување со носителите на тие закани) игнорирајќи ги знаењата и тешко стекнатата мудрост на нивните сојузници.

За време на Кенедиевата администрација мораше да биде променет доминантниот начин на размислување инспириран од нуклеарната надмоќност на САД со сите придружни модификации. После сите актуелни случувања на оваа релација, Кенеди и неговата администрација сè повеќе беа убедени дека индиректната агресија на герилските бунтовници (според говорот на Хрушчов одржан во јануари 1961, војните за национално ослободување) стануваат сериозна закана  за националната безбедност на САД.

Новата ситуација резултираше со забрзаното поставување на основните премиси на стратегиските основни начела за ангажирање на САД во противбунтовничките дејства (војни). Тие се базираа врз идеите на т.н. „домино теорија“ или врз концептот „смрт со помош на илјада мали исеченици“, од француските теоретичари на „guerre revolutionaire“ (револуционерна војна).

Оваа група веруваше дека револуционерната војна претставува доминантна форма на воен конфликт на самиот крај на дваесеттиот век.

Бунтовничките сили (народноослободителни, револуционерни) на сите континенти ги поразија прозападните сили потврдувајќи ја доминантноста и успешноста на нивната стратегија. Нивната победа дури и во помалку важните безначајни стратегиски места /региони/, беше толкувана и величена како еден мал придонес кон глобалната победа на СССР, кој секогаш застануваше на страната на силите кои се бореа за национално ослободување и против колонијалното ропство и доминацијата.

Во најмала мерка, Студената војна метафорично претставуваше и континуиран, добро испланиран, поттикнуван и поддржуван судир на воен план, кој претставуваше резултанта на помали бескрајно долги судири, а не решавачки отворени борби. Во овој контекст, стратегиското значење на бунтовите повеќе беше од симболичка и перцептивна природа отколку што беше допирливо и емпириско. Но, големиот бран антиколонијални и народноослободителни војни во голема мерка ја променија политичката карта на светот и ги скинаа синџирите на колонијалното ропство во светски рамки.

Кенедиевата стратегија на „еластичен одговор"(“flexible responce“) и прокламираната политика за „Нова граница“ (“New frontier”) тргнуваше токму од еластичното спротиставување на „комунистичката“ пенетрација со „соодветни сили, средства и методи“. САД според новата стратегија ќе „мора да биде способна да реагира на секој можен предизвик и успешно да дејствува во секоја ситуација“, насекаде во светот и во секое време. Тоа значи да се елиминираат сите закани од „комунистичката агресија“ во случаите на „периферни војни и престрелки“ и да се спречи комунистите да ги нагризуваат териториите на „слободниот свет“ и неговата сила. Исто така, оправдувањето се наоѓаше во фактот предизвикан од значителното нараснување на бројот на народноослободителните и револуционерните војни што ги поттикнуваше СССР преку кои се „ширеше комунистичката агресија“ и се нагризуваше силата и моќта на „слободниот свет“. Логичниот заклучок изведен од новонастанатата ситуација беше презентиран во ставот дека „идната светска војна нема да биде општа конфронтација на силите во Европа, туку тоа ќе биде бескрајна низа на ограничени судири во земјите на Третиот свет“.[4]

Со цел на новите генерации да им бидат појасни терминолошките разлики околу бунтот, кои имаа и определен идеолошки и политички предзнак /толкување/ ќе презентираме еден став од говорот на тогашниот министер за

[4] Мичел Клер: "„Рат коме нема краја“, ВИЗ, Белград, стр.50

одбрана на САД–Роберт Макнамара во годишниот извештај пред конгресот на САД: ...во последниве две или три години во прв план на светската сцена се појавуваат такви војни кои господинот Хрушчов ги нарекува „народноослободителни војни“, а кои ние ги познаваме како бунтови, субверзии и отворени вооружени агресии ..“ [5]

Со овој говор кој е одговор на говорот на Хрушчов за истите глобални безбедносни закани во ерата на Студената војна, барем делумно се разрешува сé уште постојниот, „идеолошко–терминолошки“ хаос на релација бунт–народноослободителна и револуционерна војна“. Прашање е кој од која призма гледа на овој опасен феномен и од кое теоретско стојалиште го анализира овој вид на опасен внатрешен вооружен конфликт, карактеристичен за земјите од т.н. „Трет свет“.

Запад сметаше дека новата ситуација е смислена стратегија на комунистичкиот свет (повторно идеолошка квалификација) за остварување на целите на комунистите со помош на субверзивни бунтови, наместо со примена на отворена вооружена агресија.

Исток, исто така имаше своја идеолошки обоена приказна и нормално, целосно оправдување за истата. Тоа беше дел од амбиентот и игрите без граници на оваа релација помеѓу Исток и Запад во периодот на кулминација на Студената војна во констелацијата на современите меѓународни односи.

Инволвирањето на Армијата на САД во војната во Виетнам ги покажа сите слабости првенствено од игнорантскиот однос на нивните лидери на искуството во малите војни, како и вредните искуства на Британците и Французите.

Според анализите на голем број тогашни експерти (и покрај сите подготовки), Армијата на САД не беше ниту обучена, ниту организирана да се бори ефикасно во една бунтовнички конфликтна средина.

Нивниот најголем недостаток не беа неадекватните воени техники туку непостоењето на јасна и прецизна кохерентна противбунтовничка /герилска/ стратегија и претседател (односно државни лидери) кои во целост ќе ја разберат суштината на марксистичката „народна војна“. Само тоа можеше да влијае врз трансформацијата на војската. Со оглед на фактот што американските креатори на политиката дотогаш не се имаа соочено со таков модел на „народна војна“, тие во целост го потценија обемот и должината на таквата определба /„наследство“/.

---

[5] Ibid. стр.7

Инволвираност во територија која имаше симболичко значење за нивните национални интереси, демократскиот отпор, неподготвеност на населението /јавното мислење/ за ангажирање во противбунтовнички дејства, неподготвеност на американската јавност да се добие конфликтот, само го надополнуваа спектарот на слабости и недостатоци фатални за конечниот воен пораз на Виетнам.

Таканаречената програма за цивилни операции и поддршка на револуционерниот развој која требаше да ги обедини (сихронизира) воените, политичките и психолошките димензии беше донесена предоцна. Поддршката на корумпираната и, нелегитимна политичка структура на јужновиетнамскиот режим и што е најважно, непостоењето на адекватна стратегија која успешно ќе ѝ парира на посупериорната севкупна виетнамска стратегија, целосно им го отворија патот до победата на комунистите.

Тоа беше и победа на стратегијата на „народната војна“ против една од најмоќните воени сили во современиот свет–САД.

**4. Парирање на „револуционерното“ и бунтовничкото војување**

Во современата воена теорија и практика постојат неколку суштински елементи кои во голема мерка го детерминираат (не)успешното парирање на овие мошне опасни закани за националната безбедност за сите држави во современата меѓународна заедница:

– улогата на армијата да има превентивен карактер;

– единиците упадливо да се распоредуваат на определена дистанца во густ поредок, заради поддршка на полицијата, како сериозно предупредување на она што би можело да се случи ако почнат да изведуваат воени дејства од поголеми размери;

– исто така, погрешен е ставот полицијата да се изложува на масовно насилство и организирана употреба на огнено оружје, од една страна, и да се очекува војниците, мошне едноставно и наивно да им ги „понудат своите животи на непријателот“ без одобрување неграничено да можат да го користат своето вооружување, со примена на прифатената воена вештина.

• Постоењето на „трети сили“ дозволува Армијата да се употреби во исправна улога и во вистинско време, како сила за елиминирање на субверзивното–бунтовничкото дејствување уште во зачетокот на неговата втора фаза на територија на својата земја.

• Не треба да постои потребно преклопување на задачите помеѓу отворените (јавни) активности на полицијата и армијата.

• Помеѓу армијата и полицијата треба да постои „демаркациона зона“, пополнета со трети сили“.

• Меѓусебно преклопување неопходно е да постои кај задачите на единиците на специјалните сили и воеиоразузнавачката служба, од една страна, и специјалните сили и ограноци на полицијата и националната разузнавачка служба, од друга страна. Во овие услови треба безусловно да прекинат сите нивни меѓусебни ривалства, коцкања и „изолирано дејствување“ во функција на повисок степен на обединување и сихронизација на нивните активности.

• Во првата фаза, за успешно парирање на дејствата на противникот неопходно е да се започне кампања за придобивање на „срцата и душите“, односно симпатиите на внатрешен и меѓународен план, да се изврши прикриено распоредување на единиците на специјалните сили, кои евентуално ќе кулминираат со остварување на ефектни акции на значајни и атрактивни цели (заробување на нивните водачи, уништување на складишта со оружје) итн.

Доколку вооружениот бунт и покрај сите напори успее да навлезе во т.н втора фаза неминовно треба да следи започнување на акциите за целосно парирање на обемните и непрекинати герилски активности . Тоа подразбира Армијата да има целосна слобода со цел успешно да им парира на непријателските активности, со усвојување и примена на иста таква тактика, со воведување на психолошки дејства и операции. Сите операции мора да се изведуваат подобро отколку што тоа го прави противникот.

Со оглед на фактот дека овој вид на војување ќе претставува најверојатен облик на идните судири во државите на Првиот и Вториот свет и најефектно средство на државите од Првиот и Вториот свет за интервенција во Третиот свет. За таа цел, специјалните сили ќе треба во иднина да се наоѓаат во средиштето на масата на идните современи армии, заедно со „полуспецијалните сили“, кои ќе бидат втори по приоритет веднаш зад специјалните сили. Овие сили ќе бидат подготвени за изведување на тајни дејства и акции, за примена на квазигерилска тактика и изведување на масовни препадни дејства. Но сепак, со зголемување на интезитетот на дејствата, односно со максимално проширување на нивниот опфат и размер доаѓа до нивно разводнување, значително намалување на нивниот квалитет, а со самото тоа и намалување на вкупната ефективност на овој вид активности.

На оваа релација значајно е да потенцираме дека и покрај дејството на овие негативни фактори, заканата што произлегува од огромната моќ на овие сили, како и нивната огромна моќ како примарно „оружје“ за изведување на воени интервенции е застрашувачки голема. Пристапот за воената вредност на овој модел секогаш ќе биде на испит, односно на новите тестови на современата воена и политичка пракса. Истото ќе се случува и во иднина и со новите современи модели во сферата на оваа мошне сложена енигма во соѕвездието на современото „војување“.

# ВОЈСКАТА И МЕДИУМИТЕ: ПОМЕЃУ ЈАВНА КОНТРОЛА И ГРАДЕЊЕ ЗАЕМНА ДОВЕРБА

**Билјана ВАНКОВСКА**
Филозофски факултет, Институт за одбранбени и мировни студии

**Апстракт**: *Текстот претставува теориска елаборација на еден од централните проблеми на теоријата на демократијата и демократската контрола над вооружените структури. Релацијата војска-медиумите е „осудена“ на тензии и противречности, детерминирани од нивната внатрешна суштина, но и од околностите во кои овие две институции дејствуваат. Тензиите се вообичаено одраз на здрави цивилно-воени односи, но тоа е предмет на преиспитување и редефинирање особено во услови на транзиција или постконфликтна консолидација. Заклучокот наведува дека медиумите, како дел на цивилното општество, се важен инструмент на јавна контрола, но за да ја вршат својата функција мораат да располагаат со експертиза за безбедносните прашања, но и самите мора да бидат предмет на јавна контрола па и одговорност пред јавноста.*

**Клучни зборови:** *војска, медиуми, демократска контрола, војна, мир*

# MILITARY AND MEDIA: BETWEEN PUBLIC CONTROL AND CONFIDENCE-BUILDING

**Abstract:** *The paper aims at theoretical elaboration of one of the focal issues of the theory of democracy and democratic control of the armed forces. The relationship between military and media is 'doomed' to be full of tensions and contradictions, which are essentially part of their inner institutional nature, but often a result of the circumstances in which these two institutions perform their duties. Tensions are usually an indicator of healthy civil-military relations, but it should not be taken for granted: it should be on object of re-consideration and regular assessment, especially in transitional and post-conflict societies. The conclusion emphasizes that media, being a part of the civil society, are an important tool of public control over the security structures, but their efficiency and relevance depend on the level of expertise they have in regard to security/military matters. Finally, they should be also an object of a public (democratic) scrutiny.*

**Key words:** *military, media, democratic control, war, peace*

## 1. Вовед

Прашањето за односот помеѓу вооружените сили и медиумите во Македонија се поставува повеќе во контекст на сферата на практичното искуство, отколку што е предмет на теориски и критичен јавен дискурс. Меѓутоа, некои недамнешни случувања фрлаат поинаква светлина на прашањето и го прават централна точка во контекст на градењето на мирот, реформата на безбедносниот сектор, демократизацијата и евроатлантската интеграција. Листата на приоритетите изгледаше сосема поинаку пред кризата од 2001 година. Денешните проблеми се од сосема поинаков карактер. Разбирливо, ниту проблемите се појавија преку ноќ, ниту, пак, тие ќе се решат брзо. Сепак, и самото идентификување и дефинирање на проблемот во оваа релација има сопствена вредност, или е половина од решението.

Армијата на Република Македонија и другите безбедносни структури се релативно млади институции, но на многу начини тие ги носат трагите од југословенското општеството од кое произлегоа пред повеќе од една деценија. Од друга страна, и македонските медиуми се сè уште обременети од т.н. „првобитен грев" на политизираните медиумски систем на поранешна Југославија. Метафорички гледано, и војската и медиумите, во одреден степен, сè уште не можат да се ослободат од она што се нарекува „стара гарда", што е дел од еден уште подлабок проблем.

Југословенската народна армија уживаше привилегирана политичка и социјална позиција, и како таква беше „недопирлива" за било каква јавна критика. Дури „Словенечката пролет" ја промовираше идејата за независно и будно цивилно општество како контрабаланс на доминантната политичка сфера. Интересно е дека критиката на идеологијата и авторитарниот систем започна токму преку критиката упатена на ЈНА. Магазинот „Младина" од Љубљана имаше водечка улога во медиумската кампања. Воениот врв ова го перцепираше како директен атак на Југословенството, и консекветно го квалификуваше како национална безбедносна закана. Барањата за поголема транспарентност во воената сфера, откривањето на корупциските скандали и трговијата со оружје со авторитарните режими од Третиот свет, приговорот на совеста и барањето за цивилно служење на воениот рок, беа само дел од прашањата покренати за прв пат во политичката историја на Југославија. Коинцидирањето на оваа кампања со веќе длабоката криза на легитимитетот на државата и на Армијата значеше дека јавната дебата не можеше да донесе до некаква „демократизација" на веќе еродираниот југословенски систем. Сосема спротивно, демистификацијата на многу табу теми од минатото ги потпомогна етнонационалистичките агенди на новите републички елити. За разлика од „Младина" која критикуваше врз основа на добро засновани аргументи и информации, медиумите во другите републики набргу му се придружија на хорот на етнонационалистичките елити, или напаѓајќи ја или бранејќи ја ЈНА.

Со текот на ескалацијата на кризата, постепената партикуларизација на територијата на југословенската федерација продуцираше исто така голем број различни медиумски простори. Слично на злоупотребата на мулти-партиската демократија во практиката, така и пролиферацијата на медиумските простори не значеше интензивирање на комуникациите, туку фрагментација и градење ѕидови на недоразбирања, стравови и омраза. Според некои интелектуалци, неколкудецениската

„тишина на омразата“ беше заменета со „говор на омразата“.[1] Аналогно, и неколкудеценискиот југословенски „прекин на огнот“ наскоро се претвори во отворен насилен конфликт. Бизарно, но демократизацијата претставуваше моментум за етнонационалистичката идеологија преку очигледна злоупотреба на демократските процедури и принципи, вклучувајќи ја и слободата на говорот, информациите и медиумите. Наместо гласот на граѓаните да се слушне преку медиумите, еден вид на „народна револуција“, или поточно популизам се случи на полето ма медиумите.[2] Медиумите не ја започнаа војната, но изгледаше дека силно ја поддржаа (со неколку чесни исклучоци). Тие придонесоа за емоционализација на јавниот живот, така сосема елиминирајќи го вистинското значење на објективното новинарство. Уште полошо, тие ја елиминираат потребата политичката власт да биде предмет на јавна контрола. Напротив, медиумите, како и бројни интелектуалци, поединечно, ги поддржаа националистичките елити, па дури и им помогнаа да дојдат на власт. „Војната“ на медиумите претходеше на конфликтот меѓу ЈНА-републичкитепаравоени сили. Голем дел од медиумите за своја цел ја имаа ЈНА заради тоа што како институција таа беше перципирана како симбол на Југословенството (покрај, нејзината улога на бранител на социјализмот). Истовремено, ЈНА реагираше жестоко на секоја јавна критика. Нејзината ´одбрана´ беше самоидентификацијата со вредностите што требаше да ги заштити и симболизира. Така, повиците за транспарентност и јавна одговорност беа квалификувани како непатриотски во некои делови од Југославија, додека во други беше сосема обратно.

Распадот на Втора Југославија и конституирањето на постјугословенските држави не доведе до промена на дискурсот. Промената се огледуваше само во изменетиот национален сетинг во кој сега се појавија истите проблеми. Но, во меѓувреме, под влијание на ужасните последици на вооружените конфликти, односот помеѓу војската и медиумите дури и се влоши. Не само што државниот контекст се промени, туку и вооружените сили, додека медиумите и цивилното општество станаа оспорени концепти во конфликтните или постконфликтните општества. Денес е модерно да се зборува за релацијата медиуми-војска низ демократизациската призма. Многу помало внимание се посветува на фактот што овој однос станува нужен дел на процесот на градење на мирот.

Гледањето кон Западот (тогаш кога е тоа не критичко или сведено на имитација) не е секогаш најдобриот начин да се постигне демократизациската цел или агендата на градењето на мирот во транзициските и постконфликтните општества. Западната парадигма на односот војска-медиуми подеднакво минува низ процес на длабоко преиспитување. Во Западната „безбедносна заедница“ се чини дека вооружените сили минуваат низ процес на (честопати симултана и контроверзна) интернационализација и приватизација. Големите медиуми се под влијание на моќни корпорации и државни/воени елити, и што е уште поважно - фокусот е пренасочен од

---

[1] Жарко Пуховски, "Тишина мржње" во Нена Скопљанац-Брунер и др. (едс.), *Медијуми и рат*, Београд: Медији, 1999.

[2] Ѓорѓе Павичевиќ, "Политички дискурс: Медијуми и комуникација" во Нена Скопљанац-Брунер и др. (едс), *ibidem,* стр. 87-108.

она што значи транспарентност и јавна контрола во национални рамки кон „глобалната заедница“.

Вооружените сили на западните земји веќе не се преокупирани со традиционалните војнички мисии, туку со т.н. „воени операции поинакви од војна“, „мировни операции“ или „операции за наметнување на мирот“, и слично. Со други зборови, тие ги извршуваат своите мисии илјадници километри од националната територија. Од аспект на медиумската покриеност, новата ситуација би можела да се иманува како „воено известување кога нема војна“.[3] Ова може да биде проблем за развиените демократии, меѓутоа ова не е помалку важна промена од аспект на конфликтните општества, т.е. општествата кои се токму сцената на која се изведуваат овие мировни операции. Со други зборови, развиените земји се соочуваат со проблемот на една драстично зголемена релација помеѓу војската и медиумите. На пример, војничката страна во овој однос вклучува различни меѓународни воени мисии (со различни мандати). Медиумската страна на приказната, пак, би била некомплетна ако не ги земе предвид меѓународните медиуми и нивното влијание без преседан врз динамиката на конфликтите и зголемената можност да се манипулира со меѓународниот имиџ на една земја. т.н. CNN-ефект, на пример, послужи како ефикасен катализатор на интервенционистичката политика на Западот во однос на конфликтите на Балканот (посебно Босна и Косово).

## 2. Односот помеѓу војската и медиумите во демократијата: Помеѓу митот и стварноста

Релацијата војска-медиуми е дел на една многу поширока и постара парадигма на цивилно-воените односи, или поточно на односите помеѓу војската и општеството. Оваа парадигма непрекинато потврдува дека е незавршена: секоја историска епоха ја има дефинирано на нешто поинаков начин. Сепак, од крајот на Студената војна и колапсот на комунизмот таа е проширена до степен што се стреми да ги опфати сите (вооружени и униформирани) структури. Изгледа посоодветно, ако не и помодерно, да се зборува за реформа на безбедносниот сектор отколку за демократски профилирани цивилно-воени односи. Концептот на реформа на безбедносниот сектор е релативно нов, но сепак доволно „стар“ за да стане фраза. Дефинициите се бројни, а нивниот обем обично зависи од агендата на донорската заедница.

Очигледно, демократската контрола (надзор) над војската е недоволен инструмент од аспект на демократските вредности и човековите права. Иако е најстариот и најмногу експлоатираниот сегмент, односот помеѓу политиката, војската и цивилното општество сѐ уште предизвикува интерес и бара

---

[3] Charles Moskos and Thomas E. Ricks, *Reporting War When There is No War: The Media and the Military in Peace and Humanitarian Operations* (Chicago, IL: McCormick Tribune Foundation, 2000)

преиспитувања. Делумно, секој сегмент на оваа релација е завиткан со митови и/или нереалистички очекувања. На пример, војската е сè уште неизбежна институција, „нужно зло“ во секој политички систем. Таа сè уште се смета за атрибут на државниот суверенитет и претпоставка за националниот опстанок. Војската сè уште ја придружува блескавиот и патриотски имиџ: "војската го чува мирот, таа е негов гарант", или уште поексплицитно „војската е бранител на татковината“. Сепак, оваа премиса никогаш во историјата не била толку едноставна. Воениот аспект на безбедноста не е гаранција за подобрена безбедност во смисла на хуманата безбедност, на пример. Исто така, заради ефектот на т.н. „безбедносна дилема“ силната воена одбрана може дури да значи поголема небезбедност, а не безбедност.

Историски, создавањето на модерните (масовни) вооружени сили коинцидира со процесот на создавањето на државата-нација. Консеквентно, војската стана „круна на државниот суверенитет“. Сè уште постои висок степен на идентификација на војската со државата и главните вредности во општеството. Националната армија го симболизира националното единство и заради тоа таа претстаува највисок израз на патриотизмот. Повеќе од два века опстанокот на државата во меѓународните односи се врзуваше со нејзината способност да мобилизира и да ги стави во функција вооружените сили, засновани на задолжителна општа воена обврска и општествени подготовки за одбрана. Воената институција била проследена со неколку мита, од кои најважен е оној поврзан со уверувањето дека таа секогаш им служи на интересите на својата нација и граѓаните.[4] Еден друг мит инсистира на тоа дека вооружените сили, по дефиниција, имаат нужно одбранбен карактер, и консеквентно на тоа - дека сите нејзини мисии се легитимни од меѓународно-правна перспектива. Меѓутоа, историјата е полна со примери на воени интервенции во меѓународната арена (хуманитарни воени интервенции или преемптивни напади, без одобрение на Советот за безбедност на ООН), или внатрешни интервенции во име на владејачката елита или автентични воени удари (заради корпоративниот интерес на војската). Мирот не значи само отсуство на надворешна агресија. Загрозеноста на фундаменталните демократски вредности, и особено војничките интервенции во политиката, се дефинитивно инкопатибилни со суштината на идејата за (позитивен) мир и миројубиво општество. Оттука, конзистентната цивилна супрематија врз војската, а која е реализирана од страна на легитимни, демократски избрани и одговорни политичари е conditio sine qua non.

---

[4] Asbjorn Eide, "Militarisation with a Global Reach: A Challenge to Sovereignty, Security and the International Legal Order". Vo: Eide, Asbjorn and Thee, Marek (eds.): *Problems of Contemporary Militarism.* (London: Croom Helm, 1980).

Еден од најраспространетите митови се врзува за уверувањето дека сè што е поврзано со обезбедувањето на националнбата безбедност е морално и оправдано. Меѓутоа, максимизирањето на воената безбедност претпоставува, повеќе или помалку, жртвување на некои други општествени вредности, како економската благосостојба или индивидуалните слободи и права на човекот и граѓанинот. Водена од својот функционален императив, војската секогаш се обидува да најде соодветен одговор на стварните или имагинарни закани. Така, таа нужно станува значаен аспирант во однос на обично лимитираните општествени ресурси. Од друга страна националната безбедност не секогаш зависи од воените аспекти на безбедноста. Круцијалните прашања кои легитимно и постојано треба да се поставуваат во едно демократско општество гласат: безбедност за кого или што, од каква закана, и безбедност со какви средства и по која цена (или кој ќе ја плати цената?).

Секако, цивилната контрола над војската стана „алфа и омега" на секое демократско владеење. Митовите врзани за војската се, сепак, тесно поврзани со митовите поврзани со значењето на демократијата. Демократијата била, е и ќе остане оспоруван концепт. „Промотерите на демократијата" често пати заборавaат да ги потсетат ´примателите´ на нивната асистенција за неперфектната природа на демократијата, и за уште посуштествениот факт дека и *двете власти* (т.е. и воената, но и политичката) мора да бидат предмет на јавна контрола и одговорност.

Во Клаузевицевото „тројство" (т.е. триаголникот „држава-војска-народ") се измени но не ја изгуби сосема својата релевантност, со нешто изменети агли на триаголникот.[5] „Веберијанската" држава, во принцип, е носител на монополот на употребата на сила во рамки на своите граници. Меѓутоа, таа не само што треба да има административен капацитет да ги остварува своите функции, туку и да ужива легитимитет. Релацијата народ-држава треба да претставува конкретна потврда на т.н. општествен договор, кој ја обврзува државата да ги заштитува своите граѓани внатре во државата, но и од надворешни закани . Но концептот на „секуритизација" на Оле Вивер ја покажува другата страна на приказната, т.е. зборува за безбедноста како *говорен чин*. Тоа значи дека „со именување на нешто како „безбедност" претставниците на државата поместуваат еден одреден случај во одредена област, при што се повикуваат на специјални овластувања да ги употребат сите средства нужни за да се спречи таквиот развој."[6] Така, владините тела и агенции стануваат „агенти на секуритизацијата" кои имаат можност еден

[5] Bjorn Moller, "The Revolution in Military Affairs: Myth or Reality?", *COPRI Working Paper,* 15/2002.
[6] Ole Weaver, "Securitization and Desecuritization", *COPRI Working paper*, 3/1993, p.7.

проблем да го поместат од политичката во безбедносната сфера и да се повикуваат на посебни овластувања за да се справат со новодефинираната „безбедносна закана“, бидејќи таа сега наводно ја засега националната безбедност. Помеѓу другите методи, владеачките елити обично ги користат медиумите за оваа работа, додека војската обично е егзекутор на некои од овие специјални овластувања и методи.

Идеално, улогата на медиумите во демократијата (како и во поглед на демократскиот надзор над војската) е да биде посредник меѓу цивилното општество и политичката држава. Со други зборови, од нив се очекува да ја одиграат важната улога на критички информативен линк помеѓу елементите на „тројството“.[7] Всушност, сите три сегмента на „тројството“ во самите себе ја подразбираат и медиумската димензија, како и во односите една со друга. Државата (власта) ги користи услугите на секторите за односи со јавноста, а понекогаш поседува или врши директно влијание на некои информативни или медиумски куќи. Војската, исто така, „говори“ преку своите служби за односи со јавноста или со своите портпароли, меѓутоа користи и специјализирани воени магазини, весници и други публикации; и конечно, вистински независните медиуми се тие кои зборуваат во име на јавноста (народот, граѓаните).

Од медиумите се очекува да обезбедат објективни информации, да ја зајакнат транспарентноста на она што се случува во политичките и воените кругови, и да обезбедат контакт со граѓаните и јавното мислење, но и да обезбедат јавна одговорност на оние кои ја вршат власта. Митот за независните медиуми оди дотаму што им доверува и одредена „просветителска и образовна“ улога во однос на пошироката јавност. Медиумите околу себе ги собираат новинарите, менаџерите, сопствениците на медиумите, но исто така и интелектуалците, колумнистите, публицистите, итн. - но им дава глас и на граѓаните. Накратко, медиумите создаваат дебатен форум за сите и за секого. Така, додека војската во едно демократско општество може да го разбуди либералниот скептицизам, медиумите се обвиени со аура на добронамерност и безопасност. Но соочувањето со стварноста лесно може да ги дискредитира овие митови. Најнапред, не сите медиуми заслужуваат исти атрибути, додека кога станува збор за војската таа не може да се оценува со исти параметри во сите ситуации, и по однос на сите нејзини мисии.

Суштинскиот проблем за медиумите е сочувувањето на независноста и непристрасноста кога информираат и известуваат за било кој агол од ´триаголникот´ - државните власти, војската или општеството (народот).

[7] Barry E. Venable, “The Army and the Military”, *Military Review, Command & GS College,* January-February 2002, Fort Leavenworth, Kansas.

Приближувањето до власта ја загрозува способноста на медиумот да известува критички и објективно. Тоа би довело до политичка патронажа и финансиско туторство, кое подеднакво би ги довело во прашање слободата на мислата и јавната одговорност. Уште полошо, преголемото доближување до воениот врв би ја претворило работата на медиумите во чиста (воена) пропаганда.

Во мирновремени услови односите на медиумите со сегментите на "тројството" се од големо значење заради нивниот директен импакт на квалитетот на демократијата. Но, со зголемувањето на безбедносните закани, или експлицитно во време на воена состојба, нивната работа добива поделикатна димензија, а односите со секој до сегментите станува многу посложен. Пртнерството помеѓу политиката-војската-медиумите бара од медиумите да станат „агенти на секуритизацијата" способни да поттикнат или инспирираат мир, или многу почесто војна/конфликт. Во име на патриотизмот, националното единство и заштита на националните интереси, медиумите можат да станат „портпароли" за војската и/или воеоиндустрискиот комплекс, кој повикува на зголемена безбедност (на „нашата нација" или бараат „хуманитарна интервенција" во име на заштита на нечии човекови права во друг дел на светот.

Објективноста и дистанцата од центрите на моќ, сепак, не треба да се толкува како непријателски или опструктивен однос кој медиумите треба да го имаат спрема власта/војската. Да се биде премногу „лојален" спрема народот не значи само по себе непристрасност или правичност, бидејќи и општеството има своја „темна страна" (мафија и криминални групи, герилци, националисти, итн.). Особено, порозноста помеѓу политичката сфера и цивилното општество, т.е. ситуацијата кога луѓето преминуваат од едната во другата сфера зависно од околностите и конјуктурата - за медиумите може да значи подеднаква пристраснот и политизираност. Медиумите отвораат можности гласовите на граѓаните и јавноста да се слушнат и изразат, но тоа ја вклучува и опасноста етно-националистите или милитантните поединци да ја злоупотребат слободата на говорот, и на тој начин да се промовира „говорот на омразата".

Квалитетот на релацијата војска-медиуми е детерминиран од карактерот на односот помеѓу политичката држава и цивилното општество, иако „воинственост" може да се најде кај секоја страна. Денес и војската не е секогаш државна институција: во конфликтните општества постојат најразлични вооружени групи, кои дури се имитација на државната воена организација во поглед на униформите и командниот систем (во поглед на опременоста, тренингот и оружјето, тие можат понекогаш дури и да бидат супериорни во однос на официјалните државните структури). Експанзијата на т.н. пазар на сила и приватни воени компании е тренд особено карактеристичен за развиените западни земји. Приватните воени компании, како и секој друг

субјект на пазарот, се однесуваат и употребуваат комерцијални средства на пропаганда и конкурентност. Интересно, дури и паравоените формации и герили развиваат различни механизми за односи со јавноста, обраќајќи се на своите аудиториуми. Така, како што има држави и парадржави, постојат и војски и паравојски, но и официјални и алтернативни медиуми.

### 3. Релацијата војска-медиуми во време на мир и/или војна

Релацијата држава-војска-медиуми може да изгледа различно под влијание на разни општествени фактори, од кои најважен е контекстот во кој таа се воспоставува: во мирновремени или воени услови. Прилично дискутабилната теза за инхерентно мирољубивиот карактер на демократиите (т.е. тезата дека „демократиите не војуваат меѓу себе") открива нова димензија на воено известување и сосема променет однос меѓу војската и медиумите во новите околности. Уште посложен е проблемот на дефинирање на она што ниту е класична војна/конфликт ниту мир. Примерите се бројни, почнувајќи од т.н. „воени операции поинакви од војна", широко дефинираната „хуманитарна интервенција" (со воени средства), замената на „старите" војни со „нови војни" (во смисла на тезата на Калдор)[8] , па се до ситуациите кога намерно се избегнува на конфликтот да му се даде вистинското име (па се зборува за „криза").

Мирновременска агенда на односите меѓу војската и медиумите е различна од воената, но релацијата не е едноставна и праволиниска. Би се очекувало дека нексусот војска-медиуми треба да функционира во хармонија со целите на превенцијата на конфликт (или подобро, насилство), како дома така и во меѓународната сцена. Но дури и во зрелите и мирољубиви демократии[9] , војската има свој лимит: во најдобар случај, таа може да го гарантира негативниот мир. Но, сѐ додека е под демократското владеење (контрола), војската треба да дозволи позитивниот мир да биде негуван од другите, за тоа посоодветни актери. Од медиумите се очекува да имаат проактивна улога во трајното градење на мирот, но исто така да придонесе во одржувањето на „негативниот мир" преку елиминација на „говорот на омразата" во рамки на цивилното општество.

Во мирновремени услови највисокиот приоритет на војската е обезбедувањето на јавниот престиж и институциналниот легитимитет. Оваа, пак, е детерминирана со високиот степен на легитимитетот на политичките институции, но сепак просторот кој војската може да го „освои" во рамки на демократскиот политички живот останува широк и со многу можности за

---

[8] Mary Kaldor, *New and Old Wars: Organised Violence in a Global Era*, (Cambridge: Polity Press, 1999).

[9] Johan Galtung, *The True Worlds: A Transnational Perspective.* (New York: The Free Press, 1991)

зачувување и јакнење на сопствениот професионален респект. Објективното воено репортерство и разбирањето на специфичните војнички проблеми може да биде од голема полза, што е честопати истакнувано од страна на воените кругови. Во реалноста, медиумите не ретко се разликуваат од идеалната слика, па така се јавува точка на потенцијален конфликт. Благородната и просветителска ролја на медиумите може да биде намалена и омаловажена од повеќе фактори, како на пример: затвореноста или зависноста на медиумите од некои политички и финансиски центри, некомпетентноста на новинарите во поглед на безбедносните и воените прашања, трката по поголем тираж/гледаност по секоја цена (што е обично проследено со „глад" по скандали и афери кои најдобро ги „продаваат" вестите), итн.

Самоперцепцијата на војската честопати коинцидира со вредностите кои таа ги штити. Затоа, не постои војска на светот која е среќна заради јавна критика, која често се гледа како нешто што не е фер, некомпетентно и непатриотско. Војската верува во својата уникатност како институција, што наметнува високи критериуми и барања од нејзините членови, вклучувајќи ја и највисоката жртва - сопствената безбедност и животот. Најмалку што војската може да очекува од сопственото општество, тогаш, е респект и јавна поддршка. Разбирливо, ваквата чувствителност ја прави војската неподготвена да зботрува јавно за сопствените внатрешни слабости, како скандали, корупциски афери, професионални грешки, кршење на човековите права, дискриминација, сексуални злоупотреби, и слично. Војската е прилично затворена институција, а „Хантингтоновиот" професионализам ја прави интровертна, т.е. многу позагрижена за своите внатрешни работи, секако во контекст на целосното почитување на цивилните одлуки. Помеѓу зрелите демократии можат да се идентификуваат различни национални решенија и прописи во однос на правото на професионалните војници да говорат во јавноста, да опонираат на политичките одлуки, или да бараат правна заштита против одлуките на своите претпоставени. на пример, она што е легално во германските вооружени сили, може да претставува грубо кршење на воената дисциплина во некој друг национален сетинг.

Медиумите, пак, имаат сопствени „функционални и општествени императиви", кои можат да се разликуваат од оние кои владеат во војската, или кои можат да се перцепираат различно. На пример, постои лажно уверување дека медиумите се внатрешно организирани на многу демократски начин. Во стварноста, меѓутоа, постои хиерархиски поредок и субординација, како и за надворешни влијанија, притисоци, закани - но, и самоцензура. Политиката на еден медиум не мора секогаш да е слободна во однос на начинот на кој се поикриваат некои настани – „барањата" на јавноста и/или законитостите на безмилосниот пазар можат да бидат одлучувачки фактори

во оваа смисла. Со други зборови, за да бидат професионални и успешни на пазарот, медиумите можат да ги заобиколат демократските иницијативи.

Војската и медиумите можат да најдат доста заеднички работи, но и многу други кои ги сместуваат на различните полови на јавниот живот. Излегувањето на војската надвор од касарните е веројатно најголемото искушение за односите меѓу војската и медиумите. Во такви ситуации јавната поддршка е потребна повеќе од кога било, додека можностите од правење фатални грешки од страна на војската се доведени до максимум. Воените операции никогаш не биле повеќе изложени пред очите на јавноста како што е тоа случај во модерното време. особено, се верува дека воените репортери претставуваат "очи и уши" за јавноста која е далеку од бојното поле.[10] Новите тенденции во војувањето ги прават војската и медиумите доста зависни едни од други, особено на теренот. Присуството на медиумите може да биде од голема полза во креирањето на позитивен јавен имиџ на војската. Но, ова создава и многу грижи за воените заповедници кои мораат да ја обезбедат и сигурноста на репортерите, но исто така, и да ги елиминираат можностите за обелоденување на некои воени такни или планирани движења. Конечно, присустворо на медиумите ја зголемува нервозата во однос на нивното сведочење за евентуалните грешки или непрофесионализам.

Како и војниците, така и новинарите се дел на една од најризичните професии. Во потрага по ексклузивни информации и стории, новинарите можат да решат да дејствуваат како слободни стрелци и да тргнат по теренот без соодветна воена заштита во воената/конфликтната зона. Правејќи го тоа, тие се во ситуација да станат сведоци на другата (погрдата) страна на војната која можеби веќе добила јавна поддршка. Всушност, водечките медиуми (CNN, BBC и сл.) се често критикувани заради своето „сојузништво“ со политичките/воените елити. Исто така, постојат примери на контрадикторни позиции кај медиумите и војската во однос на критериумите за проценка на „ius in bello“ и „ius ad bellum“. Најпознатиот пример за тоа е, секако, поврзан со Виетнамската војна. Во колективната меморија на вооружените сили на САД сè уште е живо уверувањето дека медиумите со нивните негативни извештаи придонеле за воениот пораз. Наследството на т.н. поствиетнамски синдорм „обвини ги медиумите“ изгради цврст ѕид помеѓу двете институции. Така, додека вооружените сили на САД навистина минаа низ пораз, па дури и понижување, американските медиуми играа чесна улога на совеста на анти-милитаристичкиот дел на американското општество.

---

[10] Zlatko Isakovic, "Satellites, Media and Confidence Building Measures", paper presented at the EuPRA-APPRA Joint Conference *Confidence Building for Regional and Global Security - an Intellectual Challenge in the Era of Change,* Coventry, Great Britain, 13-18 September 1997.

Воениот врв обично се жали дека невозможноста да се изгради рамнотежа помеѓу потребата воените операции да се држат во тајност и потребата да се осигура нивното ефикасно остварување, и правото на јавноста да знае од друга страна. Сепак, постои барем еден случај во кој вооружените сили (на една алијанса) во еден медиум најдоа легитимна воена цел и го елиминираа со воени средства. Имено, една од најдискутабилните акции на НАТО интервенцијата врз Југославија во 1999 година е нападот врз РТВ Србија за време на емитување на програма, во која загинаа новинари и цивилен персонал. Портпаролот на НАТО ја прогласи РТВС за легитимна воена цел заради „ширење на воена пропаганда", т.е. медиумот беше поистоветен со воената сила на противникот. Нешто подоцна оправдувањето за акцијата беше малку модифицирано: наводно постоела претпоставка дека зградата на РТВС била користена како комуникациски центар на Југословенската армија. Сето тоа, сепак, не го промени фактот дека 17 цивили лица беа убиени во текот на акцијата. Меѓународните асоцијации на новинарите го осудија нападот како воено злосторство, но освен моралната осуда, изостана било каква правна разврска.

Речиси секој конфликт се одвива на најмалку две полиња: на бојното поле и битката за мислењето на луѓето преку пропагандни дејствија.[11] И „добрите момчиња" и „лошите" се служат со методи на заведување на граѓаните со модифицирање на информациите, селекција или манипулација, па дури и фабрикување – сè со цел да се добие толку потребната јавна поддршка. Конфликтите на територијата на поранешна Југославија нудат доволен број на примери за злоупотреба на присуството на меѓународните медиуми заради постигнување воени или други цели. На пример,  ангажманот на НАТО во Босанскиот конфликт (акција која послужи како претекст на преговорите и спогодбата од Дејтон) беше директно поттикнат од медиумите. Шокантните слики од масакрот на Маркале и од наводниот „концентрационен камп" чии сцени потсетија на Холокаустот беа доволни за итна воена акција против српската страна. Сликите од наводниот „концентрационен камп" набрзо се покажаа како чиста манипулација[12] , но измамата беше откриена предоцна за да се корегира информацијата или да се промени ставот на меѓународната јавност. Таквото однесување на медиумите, кои брзаат да донесат непотврдени

[11] TFF Pressinfo, www.transnational.org/pressinf/pf62.html .

[12] Сликата за која станува збор покажуваше група изнемоштени лица, наводно оградени со бодликава жица. Анализата најнапред објавена од Деихман во германскиот весник „Konkret", а потоа публикувана и од британскиот „Living" Marxism, покажа дека станува збор за луѓе кои стојат од надворешната страна на еден ограден простор и љубопитно гледаат што се случува внатре, но во никој случај не биле тие опколени со жицата.

заклучоци, им дава идеја на страните во конфликт да почнат самите да фабрикуваат „масакри“ заради полесно предизвикување на меѓународна интервенција која ќе дејствува во нивна полза. На пример, случаите Маркале (Босна) и Рачак (Косово) одиграа значајна улога во оваа смисла, иако останаа длабоки сомневања дека злосторствата биле исценирани или дури предизвикани врз сопствената популација која била жртвувана за „повисокиот национален интерс“ на страните во конфликт.

Меѓународните фактори се покажаа спремни лесно да ги проголтаат ваквите вести, па дури и да ги прејудицираат заклучоците за сторителот пред истрагата да го каже своето. Така, на пример, шефот на ОБСЕ Верификационата мисија на Косово, Кристофер Вокер ги покани претставниците на меѓународните медиуми токму на местото на злостоството во Рачак, тврдејќи дека сторителот (српската страна) е веќе познат. Заради консеквентното повлекување на членовите на оваа и другите меѓународни мисии од Косово, пред самиот почеток на НАТО интервенцијата, од теренот скоро и да не остана некој кој ќе може да известува објективно.[13] Така, дотогаш преполниот терен на Косово од кој известуваа бројни медиуми или работеа бројни припадници на меѓунароидни мисии, одеднаш остана празен, т.е. без сведоци за случувањата, па дури и без адекватна хуманитарна помош за цивилите.

Може да се каже дека релацијата војска-медиуми за време на војна/ конфликт покренува низа значајни прашања, како: медиумската војна, употребата на медиумите во војната[14] , воена пропаганда и информатичка војна, користење на дезинформации, цензура во воена или вонредна состојба, итн. Оваа релација е особено комплексна во контекст на изведување на воени операции, бидејќи нужно вклучува преплетени интереси, спротивставени ставови, манипулативни техники кои се користат еден спрема друг или спрема јавноста, итн. Од гледна точка на војската, информацијата е гаранција за победата. Токму затоа, военото водство ја планира својата медиумска стратегија со исто толкаво внимание како и воената стратегија.[15] Меѓутоа, заради фактот што медиумите стануваат неизбежен придружник на војската

---

[13] Разбирливо, уште на почетокот на НАТО интервенцијата режимот на Милошевиќ воведе воена состојба и наметна цензура врз домашните медиуми, или почна да ги користи за државна пропаганда. Од друга страна, борците на УЧК играа улога на „воени известувачи“ за мѓународните медиуми, користејќи ги мобилните телефони. Друг извор на информации за тоа што се случуваше на теренот беа бегалците, на чија објективност разбирливо не можеше да се смета (што заради состојбата на стрес, што заради имањето парцијални или еднострани информации).

[14] Ремек-делото на режисерот Денис Тановиќ, филмот "Ничија земја" претставува извонредно перцептивна и критичка слика за улогата на меѓунбародните медиуми во Босанската војна.

низ воените зони, воените команданти се обидуваат да воспостават цврста контрола над нивната работа со употреба на суптилни методи, или преку организирање на дневни брифинзи и прес-конференции за нив, или преку обезбедување на воена придружба за медиумите и водење по точно зацртани зони. Тоа и дава на војската можност да манипулира со медиумите, преку обезбедување на рестриктивна или контролирана информација, која потоа и се презентира на пошироката јавност.

„Политички коректните (подобни)", некомпетентните или мрзеливите медиуми остануваат задоволни со она што ќе им го сервираат воените служби за односи со јавноста. Ако на ова се додаде користењето на еден тесен круг на „експерти" кои потоа ги толкуваат информациите, јасно се создаваат претпоставки за добивање на едноставни (еднострани) и политички „подобни" извештаи. На пример, безусловната доверба и потпирање само на официјални владини извори на информации како на факти, а не како на само една перспектива на случувањата која треба да се прошири со останатите, или интервјуата само со пензионирани воени офицери како експерти, не може да даде реална слика за комплексните конфликтни ситуации. Пренесувањето на изјавите само на државните претставници, без правење натамошен обид за проширување на изворите на информации или без нивна проверка, е често користен и доста перфиден метод на наводно држење на неутрална и непристрасна позиција, додека во стварноста се промовира само владината позиција.

Една интресна дилема се јавува во ситуации кога војската прави сѐ да обезбеди широка јавна поддршка за своите операции, додека од медиумите се очекува да бидат критички и непристрасни во вршењето на својата функција:

„Набргу по завршувањето на Граѓанската војна во САД, новинарот Ф.Колбурн Адамс напиша „Во иднина историчарите на војната ќе имаат многу тешка задача да ја одвојат вистината од лажните елементи содржани во официјалните записи". Слично на честопати цитираната изрека дека првата жртва на војната е вистината, Адамсовата опсервација лаконски ја сумира суштината на конфликтот помеѓу војската и медиумите. Мисијата на војската е да се бори, да победи, без оглед на суштината на конфликтот - и тоа да го стори, по можност, на бојното поле но секако и во освојувањето на јавното мислење и историските книги. Новинарот, пак, од друга страна, е скептик ако не и циник чија цел е да бара, да најде и да ја соопшти вистината - една мисија

[15] Phillip Knightley, "Fighting dirty", The Guardian, March 20, 2000, www.guardianunlimited.co.uk/Archive/Article/0,4273,3975978,00.html.

која и двете страни често ја сметаат за инкомпатибилна со успешното војување, кое зависи од тајноста и измамата исто колку и од супериорната стратегија, тактика, оружје и жива сила."[16]

За жал, со оглед на тоа што бројот на конфликти и воени интервенции постојано расте насекаде во светот, со голема веројатност може да се каже дека оваа дилема ќе остане уште долго неразрешена.

### 4. Војска версус медиуми или војската и медиумите: Наместо заклучок

Развојот и зреењето на демократијата придонесува за целосно осознавање на познатата Хегелова идеја дека слободните медиуми/печат треба да го овозможат разговорот помеѓу власта и народот. Во модерното „глобално село" предизвиците се многу поголеми: денес не станува збор за демократијата во национални рамки, туку за изгледите на човештвото. Контрастот е во тоа што глобалните медиуми и нивната моќ растат многу побрзо од (непостојното) глобалното демократско управување. Медиумската презентација на конфликтите ширум светот може да го покрене прашањето за легитимитетот на војната/воената интервенција - или да го поттикне одењето во воена кампања (без оглед на оправдувањето што се наведува). Глобалните медиуми можат да служат како потсвест на човештвото, иако она што реално се случува е токму спротивното. Поплавата од ужасни слики и стории за конфликтите, кои се многу ретко проследени со она што се нарекува мировен (аналитички) журнализам, кај мнозинството луѓе во „глобалното село" доведува до чуден ефект - индиферентност. Уште полошо, некои се чувствуваат справедливи со самиот факт на верба во она што нивната влада им го сервира како вистина, особено за добрите намери да се заштитат човековите права или урнат диктаторските режими некаде далеку во светот. Човештвото никогаш порано не било во ситуација да добие така брза информација и слика од бојните полиња, но тоа и не значи дека сето она што јавноста го гледа и слуша е веродостојно. Можностите и манипулација никогаш не биле поголеми. Технолошкиот напредок ги зголемува можностите за создавање на „виртуаелна реалност", и честопати може да промовира војна во името на мирот.

Зголемената транспарентност на војувањето преку медиумските средства нужно не носи и зголемена одговорност на владите и на вооружените сили пред јавноста. Безбедноста не е секогаш мерлива категорија.

---

[16] Jane Kirtley, "Enough is Enough", *Media Studies Journal*, October 15, 2001, www.alternet.org/story.html?StoryID=11716.

Перцепциите за заканите и стравовите се од огромна важност, па така и улогата на медиумите во тој поглед е двојна: тие можат да индуцираат поголеми стравови или да ја релаксираат ситуацијата. Подеднакво, пролиферацијата на медиумите не значи и поголема јавност, која би овозможила поголема слобода на говорот, објективно информирање и контрола над носителите на власта.

Низ призмата на цивилното општество и граѓанинот, неполитизираните вооружени сили и немилитаризираното општество се оние најпосакувани цели. За еден медиум да биде соодветен на демократскиот идеал тој би требало да биде истовремено неполитизиран и немилитаристички, т.е. треба да одолее на повиците и барањата кои доаѓаат и од страна на политичките/воените елити, но и од понекогаш воинственото (не)цивилно општество.

Во контекст на демократската контрола на безбедносните структури, прашањето на Јувенал *Quis custodiet ipsos custodies* (Кој ги чува чуварите?) сеуште ја има истата релевантност. Медиумите се најмоќниот креатор на јавното мислење, чие влијание може да биде (зло)употребено на различни начини. Очигледно, истото прашање може да се парафразира и во овој контекст: кој ги чува (контролира) медиумите?

Крајот на Студената војна отвори низа нови предизвици пред воените естаблишменти на Западните земји. Рапидното намалување на воените буџети и јавните повици за редукција на вооружените сили ги наведе војските да изнајдат начин да ја избегнат опасност од сопствената ирелевантност. Асистенцијата која дојде од политичката сфера беше добредојдена: заканите во вид на ´непријател´ набргу се заменија со закани за „нашите демократски вредности“ и политиката „мора да сториме нешто“ во конфликтните региони ширум светот, меѓу кои посебно место зазема територијата на поранешна Југославија. Новите војнички мисии (функции), кризниот и конфликтниот менаџмент се покажаа како најдобри солуции, кои беа поздравени од јавноста - и ги зголемија воените буџети. Новите војнички мисии значително ги подобрија односите меѓу војската и медиумите, што најдобро се покажа во случајот на Косово кога скоро и да немаше дисонантни тонови во медиумите.

Дискурсот за релацијата војска-медиуми во земјите во транзиција е нешто поразличен. Очигледно, војските на новосоздадените (етнонационалистички) држави скоро и да немаа проблеми со својот легитимитет. Тие, по правило, спаѓаат во редот на институциите кои уживаат најголема јавна доверба, далеку пред националните парламенти и политичките фигури. Во конфликтните и пост-конфликтните општества довербата и легитимитетот алтернативно се врзуваат и за паравојските, кои уживаат доверба кај големи делови од општеството со ист етнички предзнак.

Способноста на медиумите да бидат критични спрема една институција со таква јавна поддршка е проблематична: или заради немање желба,

недостаток на храброст или недостаток на знаење од областа на безбедноста. Исклучоците од ова правило, т.е. независните и критичките медиуми, честопати се обвинуваат како не-патриотски. Примери за ова се новинарите кои беа предмет на жестоки јавни напади заради откривањето на масакрот во Плитвице пролетта 1991 година, или Танушевци во февруари 2001 година. Во други случаи имаше инстанци на јавна осуда на „непатриотските“ новинари (аферата Holmec[17] во Словенија), а да не зборуваме за физичката ликвидација на некои други (како убиството на новинарот Чурувија во Србија).

Генерално земено, демократизацијата носи позитивна клима за медиумите и нивниот развој, што дополнително може да создаде поизбалансиран и порелаксиран однос помеѓу војската и медиумите. Јавно искажаната желба за асоцирање во евроатлантските структури би требала да ја зајакне оваа тенденција, барем тоа е она што официјално се тврди. Сепак, крајниот резултат не е секогаш извесен. Во контекст на процесот на евроатланстка интеграција, војската добива и т.н. нормативно-дипломатска функција, која претпоставува нејзин добар имиџ и кај медиумите и кај јавноста. Така, срекната „дружба“ меѓу војската и медиумите тежнее да ги нагласи позитивните постигања во воените реформи, поддржување на барањата со повисок воен буџет (заради остварување на реформите), прогледување низ прсти во однос на некои пропусти, и слично.

Размислувањето војска versus медиуми, или војската и медиумите, не носи никаква противречност бидејќи и двете ситуации се можни и корисни. Прво, не постои (и не смее да постои) институција на која би требало да ѝ се верува безусловно. Впрочем, и цивилно-воените односи во голема мерка се сведуваат на здрави тензии и конфликти помеѓу двата пола. Така, најдобар начин да се поддржат реформите е тие јавно да се критикуваат, со балансирано и аргументирано изнесување на сите позитивни но и негативни тенденции. Антагонистичкиот став спрема државните институции само заради тоа што тие го одразуваат „идеолошкиот стереотип на репресивни институции“, а без солидни аргументи за тоа, може да биде штетно во контекст на потребниот баланс меѓу интересите на националната безбедност и правото на јавноста да знае и да биде информирана. Политиката на интеграција во НАТО создава големи можности за медиумите да ја преиспитуваат безбедносната политика и да ѝ објаснат на јавноста што значи членството во Алијансата, колку тоа ќе чини, кои би биле придобивките и која цена ќе треба да се плати, и слично.

[17] Аферата се однесуваше на откривањето на едно воено злосторство во местото Холмец на 28 јули 1991 година. Имено, Словенечките вооружени сили, според наодите на новинарите, убиле два војника на ЈНА откако тие веќе се предале и покажале бело знаме. За ова повеќе кај: Игор Мекина, "Заборавени злосторства", *AIMpress* (www.aimpress.org), 11 февруари 1999 година.

Очигледно, во транзиција и особено во постконфликтна ситуација, војската и медиумите можат да си помогнат едни на други во процесот на рехабилитација и заздравување на траумите. Надворешната асистенција на двете институции е повеќе од потребна, бидејќи рехабилитацијата и реконцилијацијата се долги и болни процеси. Како што на војската (и сите останати структури на безбедносниот сектор) и треба повисок професионализам, така и медиумите нужно мораат да прифатат поинакви и повисоки стандарди во вршење на својата дејност. Институциите ќе се разбираат подобро и ќе соработуваат на попродуктивен начин ако постои цивилна експертиза за безбедносно-воените прашања, и обратно - знаење за спецификите на медиумскиот бизнис и развиена сензитивност за потребите на цивилнот сектор. Отвореноста и заемната соработка претпоставува комплексен систем на врски помеѓу службите за односи со јавноста во армиските структури и медиумите; медиуми versus медиуми; воени медиуми versus цивилни медиуми; медиуми - цивилно општество; војска - цивилно општество. Преку секојдневни редовни контакти и поголема транспарентност може да се претпостави дека ќе дојде до намалување на отуѓеноста (изолацијата) на воената сфера од цивилното општество, поголема јавна поддршка за новите војнички функции, повисок легитимитет на војската и позитивен јавен имиџ.

Градењето доверба помеѓу војската и другите безбедносни структури и цивилното општество, преку медиумите, може да се обезбеди на најдобар можен начин преку практицирање јавна контрола. Меѓутоа, мора да се има во вид дека релацијата војска-медиуми е незавршена приказна полна со тензии и променлива рамнотежа, нешто што дури и во развиените демократии е тешко остварливо, особено под тежината на сенките што зад себе ги остави 11 септември.

**ЛИТЕРАТУРА**


1. Нена Скопљанац-Брунер и др. (едс.), *Медијуми и рат*, (Београд: Медији, 1999)
2. Charles Moskos and Thomas E. Ricks, *Reporting War When There is No War: The Media and the Military in Peace and Humanitarian Operations* (Chicago, IL: McCormick Tribune Foundation, 2000)
3. Eide, Asbjorn and Thee, Marek (eds.): *Problems of Contemporary Militarism.* (London: Croom Helm, 1980).
4. Bjorn Moller, “The Revolution in Military Affairs: Myth or Reality?”, *COPRI Working Paper,* 15/2002.
5. Ole Weaver, “Securitization and Desecuritization”, *COPRI Working paper*, 3/1993
6. Barry E. Venable, “The Army and the Military”, *Military Review, Command & GS College,* January-February 2002, Fort Leavenworth, Kansas.

7. Mary Kaldor, *New and Old Wars: Organised Violence in a Global Era*, (Cambridge: Polity Press, 1999).
8. Johan Galtung, *The True Worlds: A Transnational Perspective.* (New York: The Free Press, 1991)
9. Zlatko Isakovic, "Satellites, Media and Confidence Building Measures", paper presented at the EuPRA-APPRA Joint Conference *Confidence Building for Regional and Global Security - an Intellectual Challenge in the Era of Change*, Coventry, Great Britain, 13-18 September 1997.
10. Phillip Knightley, "Fighting dirty", The Guardian, March 20, 2000, www.guardianunlimited.co.uk/Archive/Article/0,4273,3975978,00.html
11. Jane Kirtley, "Enough is Enough", *Media Studies Journal*, October 15, 2001, www.alternet.org/story.html?StoryID=11716.
12. Игор Мекина, "Заборавени злосторства", *АИМпрес* (www.aimpress.org), 11 февруари 1999 година.

# ПОЗНАЧАЈНИ ВОЕНО-ДЕМОГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Јове Димитрија ТАЛЕВСКИ, Ристе ТЕМЈАНОВСКИ**
Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје
Природно-математички факултет, Институт за географија – Скопје

**Апстракт:** *Бројната состојба на населението е една од најзначајните карактеристики при одредувањето на бројот на вооружените сили во одреден простор, односно држава. Во овој труд се анализирани основните демогеографски карактеристики и актуелни состојби во доменот на демографските процеси. Посебно се нагласени бројното движење, структурата по возраст, пол и разместеност во Република Македонија, кои имаат влијание врз димензионирањето на вооружените сили, и врз целиот одбранбен систем.*

**Клучни зборови:** *демогеографија, население, структура, одбранбени системи, професионализација.*

# IMPORTANCE OF MILITARY DEMOGEOGRAPHIC CHARACTERISTICS OF POPULATION IN REPUBLIC OF MACEDONIA

**Abstract**: *Number condition of population in Republic of Macedonia is most significant characteristics to dispose the number of armed forces in each area and country. In this paper we analyze basic demographic characteristics and actual conditions in domain of demographic processes. We stressed especially the number movement, structure of age, sex and disposition in Republic of Macedonia, which impact in dimension in arm forces and all defense system.*

**Key words**: *demo geography, population, structure, professionalization, defence systems.*

## Вовед

Живата сила, односно човекот, е еден од четирите основни фактори на војната, а од военогеографска гледна точка е најважен елемент на воениот потенцијал. Така, динамиката, структурата и разместеноста на населението, се мошне значајни елементи од военогеографски аспект. Тоа значи дека при проучувањето на населението на конкретен простор, од военогеографски аспект, акцентот се става на деталите како што се бројната состојба, динамиката на природниот прираст, миграционите движења, густината, потоа, половата, старосната, образовната, социоекономската, националната и верската структура, степенот на културата, животниот стандард, здравствената состојба и друго. Една од најзначајните карактеристики при одредувањето на бројот на вооружените сили во одреден простор, односно држава е бројната состојба на населението. Вкупниот број на населението и големината на географскиот простор за кој се организира одбраната, воената доктрина, карактерот и целите на војната и други фактори, кои влијаат врз планирањето на големината и структурата на вооружените сили и врз степенот на нивната опременост и мобилност. На тоа планирање секако влијаат и определени екстерни фактори во смисла на почитување на стандардите и барањата ако државата е членка на некои меѓународни одбранбени асоцијации. Населението во Република Македонија перманентно бележи одреден пораст, а е нерамномерно разместено низ целата држава.

Демогеографијата, позната и под поимот геодемографија се занимава со популационо-географски проучувања. Демогеографијата за разлика од демографијата, населението го проучува во простор и време, во каузална врска со природата на просторот и општествените фактори, односно го проучува како битен модификатор на трансформацијата на просторот, на географската средина. Според тоа, демогеографијата, врз база на анализа на бројните показатели и синтеза на факторите кои влијаат врз квалитетните промени на популацијата, ги согледува структуралните промени како на самото население, така и на просторот на неговото живеење. Таа придонесува за решавање на проблемите од општествениот, економскиот, културниот и социјалниот развиток, а со тоа влијае и врз одбранбениот систем. Како што истакнуваат повеќе автори, населението е огледало на минатото, важен актер на сегашноста и носител на иднината во кој и да е населен дел на Земјата.

## Бројно движење на населението

Бројот на населението и домаќинствата претставуваат основна движечка сила за целокупниот развој на одредено географско подрачје. Неговиот развој и динамика треба да се проучува од повеќе аспекти, со оглед на практичната намена во јакнење на одбранбената способност на секоја држава. Бројното движење на населението, разместеноста по одделни географски подрачја, особено граничните, игра важна улога во проценка на осетливоста и загрозеноста на одреден простор од можна агресија. Населението игра примарна улога во следење на можни непријателски активности во граничните области и од тие причини депопулационите простори претставуваат неповолен елемент во креирањето на одбранбената политика на земјата.

Демографската структура на населението во Македонија, поточно промените кои настануваат се мошне динамични и интересни. Во своите развојни тенденции бројното движење на населението во Македонија покажува различна динамика. Таа популациона динамика во различни периоди, ги менувала и ги менува социоекономските односи во просторот, па заради тоа е од значење да се знае мобилноста и виталноста на популационата маса која претставува основна движечка сила во трансформацијата на одредени региони. Според податоците со кои се располага[1] , а кои датираат од пред еден век, во 1900 година во Македонија имало 908.904 жители. Меѓутоа, тие, како и оние од 1913 година не се прибрани врз основа на службен попис на населението во Македонија. Првите официјални податоци за бројот на жителите во Македонија датираат од службениот попис изведен во 1921 година. Оттогаш па наваму, движењето на бројот на населението се базира врз официјалните пописи, а податоците се однесуваат за територијата на Република Македонија.

| Година | број на жители | годишен прираст | прираст помеѓу пописите |
|---|---|---|---|
| **1900** | 908 904 | | |
| **1913** | 938 000 | 2 238 | 29 096 |
| **1921** | 797 841 | -17 520 | -140 159 |
| **1931** | 937 643 | 13 980 | 139 802 |
| **1948** | 1 152 986 | 12 667 | 215 343 |
| **1953** | 1 304 514 | 30 306 | 151 528 |
| **1961** | 1 406 003 | 12 686 | 101 489 |
| **1971** | 1 647 308 | 24 130 | 241 305 |
| **1981** | 1 909 136 | 26 182 | 261 828 |
| **1991** | 2 033 964 | 12 482 | 124 828 |
| **1994** | 1 945 932 | | -88 032 |
| **(1994)** [2] | 2 075 196 | 13 744 | 41 232 |
| **2002** [3] | 2 022 547 | 9576 | 76 615 |

**Табела бр. 1. Движење на бројот на населението во Република Македонија**

[1] Стојмилов А (1998): Географија на Република Македонија. Скопје: Просветно дело. Стр.79

[2] Во 1994 година бројот на населението во Република Македонија според новиот начин на попишување изнесувал 1.945.932 жители, а според начинот на кој се вршени претходните пописи и посебни пресметки тој број изнесува 2.075.196 жители.

[3] Со Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија во 2002 година се направи нова измена во дефинирањето на единиците на попис, како и дефинирањето на категоријата вкупно население. Сите овие промени оневозможуваат целосна споредливост на податоците од овој Попис со податоците од претходните пописи.

Од прикажаните податоци во горната табела се гледа дека во периодот од 1900 до 2002 година бројот на населението во Република Македонија се зголемил за 2,2 пати, што ни оддалеку не одговара на природниот прираст со стапката на пораст на населението во земјата. Ваквото мало зголемување укажува дека во наведениот период од Македонија голем број лица се иселиле. Врз основа на податоците може да се констатира дека динамиката на бројното движење на населението во Македонија е доста нерамномерна. Република Македонија според резултатите од последниот попис извршен во 2002 година има 2 022 547 жители, односно зголемување во однос на 1981 година за 0,6%. Природниот прираст во периодот 1981-2002 година во апсолутен број изнесува 113 411 лице или просечно годишно нараснува за околу 5 400 лица. Во овој период доаѓа до значително намалување на интензитетот на пораст на населението на ниво на земјата во споредба со демографските движења во претходните две децении, кога просечната годишна стапка на растеж изнесува во периодот од 1948-1953 година 30 306 жители, за периодот 1953-1961 година 12 686 жители, за периодот 1971-1981 годишниот прираст на населението изнесувал 26 182 жители. Тоа се должи, пред сè на намалување на стапката на наталитетот од 40,7‰ во 1948 година, на 20,6‰ во 1981 година, на 17,3‰ во 1994 година и 13,3‰ во 2001 година. Стапката на природен прираст во Македонија последните години е сведена на 5,0‰ (2001 година) што во споредба со 1976 година (15,4‰) претставува намалување за три пати. Меѓутоа стапката на природен прираст во општините со исламска вероисповест сè уште се движи на високо ниво, како на пример 12,9‰ во Дебар, Велешта 15,8‰, Желино 16,8‰, до 23,4‰ во Студеничани, наспроти некои општини со македонска националност како Конопиште -28,8‰, Витолиште -25,1‰, Белчишта -19,5‰ и др.

Од аспект на регионална разместеност, демографските движења покажуваат различен интензитет и насока. Најмногу население има во општина Кисела Вода, 125 379 жители или 6,1% од вкупното население во земјата. Следни општини со најмногу население се: Куманово (103 205), Битола (86 408), Центар (82 604), Прилеп (73 351), Гази Баба (72 222), Тетово (70 841), Чаир (68 395), Карпош (59 810), Велес (57 602) и Охрид (54 380) жители. Во овие единаесет општини вкупното население изнесува 854 197 жители, односно 42,2% од вкупното население во земјата. За разлика од овие општини според територијална поделба од 1996[4] има и 47 општини каде бројот на население изнесува до 5 000 жители , во кои живеат 125 307 жители или 6,1% од населението во земјата. Ваквите неповолни разлики во бројот на вкупното

[4] Според територијална поделба од 1996 година, Република Македонија е поделена на 123 општини.

население се задржале од минатото, што се рефлектира врз промената на учеството на одделни општини во вкупното население во Републиката. Така во шеесеттите и седумдесеттите години процесот на просторната мобилност на населението бил мошне бурен, особено кај иселувањето од селата во градовите. Со помал или со поголем интензитет со овој вид на миграции биле зафатени сите општини во земјата, а особено недоволно развиените општини, ридско-планински подрачја и граничните подрачја, при што селата ги напуштиле околу 300 000 луѓе во периодот 1961-1981 година. По 1981 година, иселувањето од селата продолжило но не со таков интензитет, бидејќи дел од селските населби биле веќе испразнети. Така со пописот на населението од 1994 година утврдено е дека 121 населено место воопшто нема население.

За разлика од тоа, доселувањата во Скопје биле доста обемни. Тоа е и разбирливо, бидејќи Скопје, како најразвиен индустриски и културен центар во државата, претставувал и најсилно имиграционо подрачје. Општо земено во 1965 година во Скопје, две години после катастрофалниот земјотрес, кога имало најголем прилив на население, од поширокото подрачје на Скопје се доселиле 13,6%, од други места од општините во Македонија доселеното население било застапено со 55,4%, од другите републики на поранешна СФРЈ 22,1% и од странство 8,9%. Според одредени анализи од проф. Митко Панов салдото на миграции од 1953-1961 во Скопје изнесувало +14 146 лица, додека за периодот 1961-1971 +53 896 лица, за во периодот 1971-1981 градот да се зголемува за 43 000 нови лица, што претставува речиси половина од вкупниот обем на овие движења во државата. Ако се анализираат податоците за бројот на население во 1953 и 1971 година ќе се забележи дека бројот на населени во градот Скопје се зголемил за 193 846 жители. Имигрираното население доаѓало од различни делови на државата, но најмногу биле застапени од руралните средини. Одредени анкети и анализи покажуваат дека од 124 села во Скопската котлина, во 73 села било забележано опаѓањето на населението. Во Скопје бил голем бројот и на доселениците од селата од целата држава. Само за пример, во 88 села од велешката општина само неколку населби не дале доселеници во Скопје[5]. Тоа несомнено продолжува и понатаму, но со помал обем.

Изнесеното во претходниот пасус на најочигледен начин ги прикажува неконтролираните и стихијни миграции во државата, кои предизвикуваа големи економски, социјални, просторни, културни и други проблеми во срединитe во кои имигрирало населението.

Интензивната емиграција на селското население, особено се одразила на големината на населените места и нивната трансформација во сè поголем

[5] Панов Митко: Географија на СР Македонија. Скопје: Просветно дело, 1976. стр. 260

број раселени и мали населени места. Во 1961 година бројот на раселени населени места изнесувал 19, за во 1971 година да се зголеми на 55, во 1981 година изнесувал 87, а во 1991 година бројот на раселени места изнесува 107 и во 1994 година овој број се зголемил на 121 населено место. За нас посебно е значајно во кои делови на државата претежно се сконцентрирани раселените места. Така според пописот од 1991 година најмногу раселени места има во Радовиш (14), Штип (13), Валандово (9), Велес (8), Битола (7), Гостивар(5), Скопје (2), Гевгелија (2), Демир Хисар (1), Кавадарци (4), Кочани (2), Крушево (1), Куманово (1), Прилеп (3), Ресен (4), Свети Николе (3), Струга (5), Струмица (3), и Тетово (4).

Особено големи и динамични социогеографски процеси настанале во селата, при што половина од нив биле зафатени со процесот на депопулација. Анализирајќи ја состојбата со населението во руралната средина (1961-1991)[6] пораст најмногу се забележува во 8 општини (според старата територијална поделба), односно во општините Скопје, Тетово, Гостивар, Дебар, Струга, Гевгелија, Валандово, Струмица, а најголема концентрација се забележува во Скопско-полошкиот регион, каде достигнува 108 ж/км$^2$ (Скопје), односно 129 ж/км$^2$ (Тетово). Ова може да се објасни и со фактот што овде се сконцентрирани најголемите градски центри и со ширењето на урбаните центри најмногу се чувствува влијанието и огромниот притисок со станбена и друг вид изградба.

Во групата на изразито депопулациони селски подрачја припаѓаат половина од општините. Кај овие општини учеството на земјоделското население опаднало од 65,6% во 1961 година (над просекот на државата кој изнесувал 51,1%), на 13,6% во 1991 година од вкупното население. Интензивните депопулациони промени, предизвикани од просечно опаѓање од -38,2% доведоа до неповолна демографска состојба на овие рурални подрачја.

Што се однесува за состојбата со надворешните миграции, најголеми стапки во 1994 година (од 15,6% до 22,8%) имаат традиционално емиграционите општини: Битола, Демир Хисар, Ресен и Охрид. Втората група на емиграциони подрачја (со стапки од 6,9% до 9,2%) ја сочинуваат општините: Гостивар, Кичево, Крушево, Прилеп, Струга, Струмица и Тетово кај кои споменатото учество се зголемува од 31,7% на 37,3%.

---

[6] Даскаловски В (1996): Социогеографскиот развој на руралната средина во Република Македонија. Географски разгледи = Geographical Reviews. Скопје: Македонско географско друштво. кн 31(1996) стр.110.

## Густина на населеност

Порастот на населението се одразува и врз регионалните и вкупните промените на густината на населеноста. Просечната густина на населението во Републиката од 74 жители на км$^2$, според состојбата од 1981 година се зголемува на 76 жители во 1994 година, а според пописот од 2002 година изнесува 78 жители/км$^2$. Во 43 општини, што претставува 36,6% од општините во државата, густината на населеност е над државниот просек. Со највисока густина се издвојуваат петте скопски општини (Центар 4 155 жители на км$^2$, Шуто Оризари 2 713 ж/км$^2$, Кисела Вода 2 358 ж/км$^2$, Карпош 1 910 ж/км$^2$, Чаир 1 206 ж/км$^2$), потоа следат општините Гостивар 986 ж/км$^2$, Тетово 829 на ж/км$^2$, Гази Баба 710 ж/км$^2$, Ѓорче Петров 624 ж/км$^2$ и Кичево 621 жители на км$^2$.

Анализите на податоците од извршениот попис на население од 2002 година, покажуваат дека 5 општини имаат густина на населеност од 1 001-5 000 ж/км$^2$, 5 општини од 501-1 000 ж/км$^2$, 33 општини во распон од 77-500 жители на км$^2$, додека густина под државниот просек имаат останатите 80 општини, што претставува 65,04% од вкупниот број на општини во земјата.

Населението во Република Македонија во зависност од природно-географските просторни целини, најмногу е концентрирано во котлините. Според податоците од одредени истражувања, најгусто населена област во Македонија е Скопската котлина. Во неа на 1 км$^2$ живеат 268,4 жители или 27,05% од целокупното население. Според некои податоци на второ место доаѓа Полошката котлина со 164,3 жители на км$^2$ или 12,69% од вкупното население, а на трето место Кумановската котлина со 94,7 ж/км$^2$. Потоа следи Битолско Поле со 93,2 ж/км$^2$ и Охридско-Струшката котлина, во која живеат по 91,5 жители на 1 км$^2$. Најретко населени се поречката област во која на 1 км$^2$ живеат само по 11,8 жители и мариовската котлина со 4,91 ж/км$^2$.

## Старосна структура на населението

Старосната структура на населението е мошне важен демографски елемент, кој укажува на тоа какви се можностите за репродукција на населението, потоа каква е состојбата во односот меѓу активното и издржуваното население и др. Старосната структура на населението зависи од наталитетот, морталитетот, миграционите движења, како и од просечното траење на животот.

Според возраста, од военогеографски аспект, населението се дели на три основни групи, и тоа:

- младо население - со возраст до 15 години, кое се смета за војнички неспособно;
- зрело (средовечно) население - од 15 до 64 години, кое се одликува со

голема физичка, работна и воена способност и како такво е основен носител на воените и борбените активности, и

- старо население - со 65 и повеќе години, кое е здравствено и кондиционо послабо, но со оглед на знаењето и искуството мошне е корисно при водењето на војна.

Старосната структура според возраста и параметрите за младо, зрело и старо население се одредуваат за различни области. Така, на пример за економски и други потреби за младо се смета населението со старост до 19 години, зрело од 20 до 59 години и старо население над 60 години.

| **Возраст** | **Вкупно** | **%** | **Мажи** | **%** | **Жени** | **%** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | 2 022 547 | 100.00 | 1 015 377 | 100.00 | 1 007 170 | 100,00 |
| **0-14** | 426 280 | 21,08 | 219 628 | 21,63 | 206 652 | 20,52 |
| **15-64** | 1 381 352 | 68,30 | 698 997 | 68,84 | 682 355 | 67,75 |
| **65 и пов.** | 213 712 | 10,57 | 96 428 | 9,50 | 117 284 | 11,64 |
| **Непознато** | 1 203 | 0,06 | 324 | 0,03 | 879 | 0,09 |

***Табела бр. 2. Старосна структура на населението по пол[7]***

Податоците за старосната структура, од пописот од 2002 година укажуваат дека најбројна е популацијата на возраст од 15 до 64 години со 1 381 352 лица и, во вкупниот број од 2 022 547 жители во Република Македонија учествува со 68,3%. Втора по бројност е популацијата на возраст од 0 до 14 години, брои 426 280 лица или 21,08%, додека бројот на старото, со 65 и повеќе години возраст, изнесува 213 712 лица, односно 10,57% од вкупното население. Од военогеографски аспект, овој соодност, е поволен, бидејќи со релативно висок процент е застапено младото население и зрелото население, а најмал е процентот на старото население.

[7] Извор: Државен завод за статистика на РМ (2003): Попис на населението, домаќинствата и становите, 2002 година: дефинитивни податоци. Соопштение 2.1.3.30 Скопје: Државен завод за статистика, 2003.




***Графикон бр. 1. Старосна пирамида на населението во Република Македонија според пописот од 2002 година по основни возрасни групи и по пол***

Во периодот 1981-2002 година, промените во старосната структура се движат во насока на смалување на учеството на младото, а зголемувањето на населението на работоспособната возраст и постарото население. Така, во наведениот период учеството на младото население од 0-14 години во вкупното население од 29,2% се смалило на 21% (426 280 лица), работоспособното расте од 62,3% на 68,3% (1 381 352), а старото население се зголемува од 8,5% на 10,5% (213 712).

Во оваа област мошне значајни се истражувањата на оваа проблематика од страна на проф.д-р Васа Даскаловски, според кои процесот на демографското стареење претставува сложен популационен и општествен феномен кој во нашата земја предизвикува сложени економско-социјални преструктурирања на населението. Демографската старост се разгледува преку следните стадиуми:

демографска младост (просечна старост на населението помала од 28, демографска зрелост од 28-30 години, процес на демографско стареење од 30-32, на прагот на демографската старост од 32-35 и демографска старост над 35 години.

Последните податоци од пописот во 2002 година, укажуваат на најголема процентуална застапеност од 68,84% на мажи на возраст од 15-64 години. Трендот на стареење на нашето население продолжува и понатаму, што значи дека во наредниот период во Република Македонија се очекува да се зголемува старото население, што претставува неповолен момент за сите економски, социјални и геостратешки интереси на земјата.

Главна карактеристика за натамошното стареење и понатаму ќе биде продолжувањето на опаѓањето на стапката на наталитетот, посебно во оние средини кои се наоѓаат во процесот на демографската старост (Валандово, Виница, Делчево, Кавадарци, Карпош, Кочани, Неготино, Струмица, Велес, Штип. Реперкусиите од процесот на демографското стареење се рефлектираат со опаѓање на стапката на наталитет, посебно во оние делови од државата кои денес се наоѓаат во процесот или на прагот на демографската старост. За таа цел од посебен интерес за државата се наметнува потребата за адекватна популациона политика насочена кон рационално регионално усогласување на досегашните диспропорции во територијалната дистрибуција на населението и преземањето на мерки за задржување на популациониот потенцијал на целиот простор на државата.

## Национална структура

Националната структура на населението од военогеографски аспект претставува една од најважните компоненти во процесот на планирање, одлучување и спроведување на воените дејства. Во Република Македонија, според пописот од 1994 година, 1 295 964 жители или 66,6% се Македонци, 441 104 лица или 22,7% се изјасниле како Албанци, 78 019 - Турци, по околу 40 000 Срби и Роми, 8 730 - Власи, а околу 40 000 лица не се изјасниле за нивната национална припадност.

Според податоците од пописот на население во 2002 година бројот на население од македонската национална структура е 1 297 981 или 64,18% од вкупното население, 509 083 (25,17%) се изјасниле како Албанци, 77 959 (3,85%) Турци, 53 879 (2,66%) Роми, 9 695 (0,48%) Власи, како Срби се изјасниле 35 939 (1,78%), Бошњаци 17 018 (0,84%) и во категоријата останати 20 993 (1,04%).

Со пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија во 2002 година се направи нова измена во дефинирањето на единиците на попис, како и дефинирањето на категоријата вкупно население. Сите овие промени оневозможуваат целосна споредливост на податоците од овој попис со податоците од претходните пописи. Затоа ако ги споредиме

податоците за население по национална припадност се забележуваат извесни нелогичности во податоците што претставува нереална слика како за вкупниот број на население во државата, така и за бројот на население по одредени национални групи. Споредбата на податоците во 1994 и 2002 година укажува дека бројот на населението од македонска национална припадност за осум годишен период се зголемил за 2 017 лица, на албанското население за истиот период се зголемил за 67 979 лица, на населението од ромска национална припадност зголемувањето е за 10 172 лица, бројот на Власите за 1 094 лица, додека населението од турска национална припадност се намалило за 60 лица, а на лицата кои се изјасниле како Срби намалувањето е за 4 289 лица.

Вкупниот пораст на населението според порастот, односно намалувањето на поедините национални групи изнесува 76 913 лица, што е речиси идентично со вкупниот пораст на населението во периодот 1994-2002 година (76 615 лица). Ако овие податоци се споредат со природиот прираст кој во истиот период изнесува 106 794 лица, произлегува една разлика од околу 30 000 лица помалку. Оваа разлика се должи на различната методологија со кои се работени пописите на население во 1994 и 2002, а секако голем удел имаат емиграционите процеси, исто така кај македонското население.

Македонците се разместени по целата територија од државата, а поголемиот дел од нив живее во градовите. Албанците се разместени во западните делови на Република Македонија концентрирајќи се главно во неколку котлински простори како што се Полог, Кичевската котлина, Струшко Поле, Дебарско Поле, а еден значителен дел во скоп-ското и кумановското подрачје.

## Конфесионална структура

Не помалку важна е и конфесионалната структура, кај која, во Република Македонија, според бројноста, доминираат две основни верски заедници: православната, што ја сочининуваат Македонците, Србите, Власите и други, како мнозинско население, и исламската во која се вбројуваат Албанците, Турците и Македонците со исламска вероисповест. Од военогеографски аспект и конфесионалната структура претставуваат сериозен фактор, кој во воени услови може да има мошне големо значење. Заради тоа неопходни се детални анализи на податоците за конфесионалната структура на населението во Република Македонија после објавувањето на податоците од пописот во 2002 година.

## Образовна структура на населението

За социоекономскиот развој на државата, а посебно културниот развој на популацијата, посебно важно место зазема писменоста, односно образовното ниво на населението. Во таа смисла посебно важни се грижите и

мерките на Републиката за унапредување не само на квантитативна, туку и квалитативна образовна програма. Податоците што се однесуваат за Република Македонија во периодот 1981-1994 година покажуваат забележителни резултати во развојот на образованието. Имено, учеството на лица без школска подготовка е намалено од 17,5% во 1981 година на 6.6% во 1994 година. Намалувањето на учеството се забележува и кај децата со непотполно образование и тоа од 27,8% на 18,4%. Наспроти тоа зголемено е учеството на населенето со основно образование од 28,1% на 33,4%, со средно образование зголемувањето е од 21,2% во 1981 година на 32,3% во 1994 година и за више и високо образование од 5,1% на 8,7%.

Покрај тоа што на ниво на земјата се извршени радикални промени во нивото на образованието, сепак постојат големи разлики кај општините во однос на учеството на населението без школска подготовка, со непотполно образование и со основно образование. Имено, има општини во кои учеството на овие три категории е доста големо. Посебно загрижува фактот што има многу општини во кои учеството на населението без школска подготовка е доста високо како на пример: Старавина со 30,4%, Витолиште и Орашац со 28,1%, Клечовце со 26,9%, а следат Ранковце со 22,2%, Карбинци со 20,6%, Самоков со 17,7% итн. Меѓутоа, тоа се главно општини со многу мал број на жители, така што тоа обележје не може да се смета како карактеристично за поширoки подрачја или за државата во целина. Наспроти нив има општини кои имаат сосема мало учество на населението без школска подготовка како што се: Вевчани со 1,4%, Карпош, Гевгелија и Кисела Вода со 1,6%, Берово со 2,5% и Богданци и Ѓорче Петров со 2,6%.

Учеството на населението со основно образование во земјата изнесува 33,4% и е во постојан подем за сметка на населението без образование. Состојбата во поодделни општини е следна: Кондово со 65,3%, Чегране со 63,5%, Сарај со 60,9%, Боговиње со 60,4% итн. Учеството на населението со средно образование е постојано во подем и тоа во 1994 година изнесува 32,3%.

Посебно е зголемено учеството на население со више и високо образование. Највисоко учество со овој степен на образование имаат општините: Карпош, Центар, Кисела Вода, Битола, Охрид, Струмица, Штип, Прилеп, Велес, Чаир, Ѓорче Петров итн.

Од приложените анализи, произлегува дека сепак, највисоко учество со квалитетен образован кадар во Република Македонија имаат општините во кои се наоѓаат големите градски центри, наспроти општини во кои е забележителен процесот на стагнација или намалување на населението. Овие податоци укажуваат дека населението во Република Македонија во периодот од 1953 до 1994 година има постигнато висок степен на развојот на образованието, што продолжува и во периодот 1994 -2002 година.

## Домаќинства

Мошне важен демографски елемент претставува проучувањето на домаќинствата, нивниот број, промените и големината по број на членови и сл. Тие претставуваат тесни заедници во кои се одвива семеен живот со различни социоекономски импликации. Домаќинствата претставуваат важен показател од кој може да се согледаат потенцијалните вредности на целокупната популација, репродукционата моќ на населението и животниот стандард.

Почнувајќи од 1948 година па заклучно со пописните податоци од 2002 година, просечниот број на членови во едно домаќинство е во постојано опаѓање. Тоа значи дека се раздробуваат некогашните домаќинства со поголем број членови за обезбедување на работна сила за обработување на земја, заради тоа што поголемиот дел од населението се занимаваше со земјоделски активности. Тоа раздробување во одредена мерка е позитивно. Според некои автори за да може да се врши нормална хумана репродукција, потребно е просечниот брачен пар да има 2,2 деца, што пренесено на просечниот број на членови на едно домаќинство дава бројка од 4 до 4,2 членови на едно домаќинство. Состојбата од 3,6 членови на едно домаќинство во 2002 година, со тенденција за понатамошно опаѓање укажува на тоа дека се заканува опасност во иднина  вкупниот број на жители, не да стагнира туку да опаѓа. Исто така го потврдува и наглото стареење на населението што се смета за мошне негативна демографска карактеристика.

| **Година** | **1948** | **1953** | **1961** | **1971** | **1981** | **1994** | **2002** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **домаќинства** | 218819 | 246313 | 280214 | 352034 | 435372 | 501963 | 564296 |
| **број на членови во домаќинства** | 5,3 | 5,3 | 5 | 4,7 | 4,4 | 3,9 | 3.6 |

***Табела бр. 3. Број на домаќинства и просечен број на лица во домаќинства според пописите[8]***

Како што се гледа според податоците од сите спроведени пописи, бројот на домаќинствата е во континуниран пораст, наспроти просечниот број на членови во домаќинствата кој се намалува. Бројот на домаќинства според последниот попис на население од 2002 година изнесува 564 296 со просечно 3,6 лица. Бројот на домаќинства во 2002 година е за 2,2 пати поголем во однос

[8] Извор: Завод за статистика на Република Македонија: Статистички годишник на Република Македонија: Statistical Yarbook of the Republic of Macedonia. Скопје 1998 година, и Државен завод за статистика на РМ (2003): Попис на населението, домаќинствата и становите, 2002 година: дефинитивни податоци. Соопштение 2.1.3.30 Скопје: Државен завод за статистика, 2003.

на 1953 година, но просечниот број на членови во домаќинство е значително намален.




***Графикон бр.2. Број на домаќинства и просечен број на лица во домаќинства според пописите***

Најголемо учество во вкупниот број на домаќинства во земјата имаат општините: Кисела Вода 6,72%, Битола 4,67%, Центар 4,3%, Прилеп 4,1%, Куманово 4,8%. Просечно најмногу членови по домаќинство има општината Арачиново со 5,04 члена. Следи Неготино Полошко со 4,98, Желино со 4,6, Долна Бањица со 4,46 итн. Во овие општини доминира население од албанска националност и исламска вероисповест.

## Некои споредбени показатели

Демогеографските податоци за Република Македонија, а особено бројот на населението, кои влијаат врз димензионирањето на вооружените сили, споредени со одредени држави, (табела број 4) укажуваат дека, бројот на вооружените сили на анализираните држави во однос на вкупното население се движи во рамките од 0,50 % (Италија) до 1,03% (Албанија).

| Земја | Површина км² | Население 2003 | Жители км/² | Вооружени сили | % | Машко население | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Албанија | 28748 | 3582205 | 125 | 36985 | 1,03 | 742837 | 20,74 |
| Австрија | 83858 | 8188207 | 98 | 49090 | 0,60 | 1725123 | 21,07 |
| Белорусија | 207600 | 10322151 | 50 | 86654 | 0,84 | 2158875 | 20,92 |
| Белгија | 30528 | 10289088 | 337 | 60921 | 0,59 | 2059131 | 20,01 |
| Бугарија | 110994 | 7537929 | 68 | 54107 | 0,72 | 1551485 | 20,58 |
| Хрватска | 56542 | 4422248 | 78 | 30096 | 0,68 | 856946 | 19,38 |
| Чешка | 78866 | 10249216 | 130 | 67777 | 0,66 | 2002202 | 19,54 |
| Франција | 551500 | 60180529 | 109 | 392824 | 0,65 | 12079413 | 20,07 |
| Германија | 357022 | 82398326 | 231 | 472946 | 0,57 | 17399936 | 21,12 |
| Грција | 131957 | 10665989 | 81 | 74650 | 0,70 | 2026409 | 19;00 |
| Унгарија | 93030 | 10045407 | 108 | 64305 | 0,64 | 2026912 | 20,18 |
| Италија | 301318 | 57998353 | 192 | 291529 | 0,50 | 12349356 | 21,29 |
| Холандија | 41526 | 16150511 | 389 | 94034 | 0,58 | 3563586 | 22,06 |
| Полска | 312685 | 38622660 | 124 | 343500 | 0,89 | 8077706 | 20,91 |
| Романија | 238391 | 22271839 | 93 | 157840 | 0,71 | 4974240 | 22,33 |
| Руска Федерација | 17075400 | 144526278 | 8 | 1243000 | 0,86 | 24000000 | 16,61 |
| Словачка | 49036 | 5430033 | 111 | 44287 | 0,82 | 1135612 | 20,91 |
| Словенија | 20273 | 1935677 | 95 | 13704 | 0,71 | 413453 | 21,36 |
| Шпанија | 505992 | 40217413 | 79 | 255826 | 0,64 | 8391612 | 20,87 |
| Швајцарија | 41285 | 7318638 | 177 | 42761 | 0,58 | 1552728 | 21,22 |
| Република Македонија | 25713 | 2022547 | 77 | 8682 | 0,43 | 446726 | 22,08 |
| Турција | 774815 | 68109469 | 88 | 679882 | 1,00 | 11801267 | 17,33 |
| Украина | 603700 | 48055439 | 80 | 389499 | 0,81 | 9597172 | 19,97 |
| Велика Британија | 242900 | 60094648 | 247 | / | / | 12353942 | 20,56 |
| САД | 9363520 | 290342554 | 31 | 2116002 | 0,73 | / | / |
| Србија и Црна Гора | 102173 | 10655774 | 104 | 81547 | 0,77 | 2077660 | 19,50 |

***Табела бр. 4. Податоци за број на население и на вооружени сили***

Бројот на активниот состав на нашата армија(што треба да биде во 2008 година, како потполно професионализирана) од 8 682 лица ќе изнесува 0,43% од вкупното население, или заедно со резервниот состав од 4500 лица претставува 0,65%. Процентите од 0,43% и 0,65% се изведени од вкупното население во 2002 година и предвидениот броен состав на вооружените сили во 2008 година. Бидејќи

бројот на вкупното население во 2008 година ќе биде нешто поголем во однос на 2002, со една груба проценка процентуалното учество на вооружените сили во однос на вкупното население во 2008 година може да се заокружи на 0,4% на активниот состав, односно на 0,6% заедно со резервниот.

Од наведените податоци се гледа дека процентот на нашата армија во однос на вкупното население ке биде во рамките на процентуалната застапеност на армиите на анализираните држави. Така на пример, во Германија со вкупно население од 82 398 326 вооружените сили претставуваат 0,57%, во Франција со 60180 529 жители - 0,65%, во Италија со 57 998 353 жители - 0,5% , во Словенија со 1 935 677 жители - 0,71%, во Бугарија со 7 537 929 жители - 0,72%, во Чешка со 10 249 216 жители - 0,66% и тн. Дискутабилно е дали во професионалниот состав на нашите вооружени сили почнувајќи од 2008 година и понатаму треба да биде и дали воопшто ќе може да биде пресликана застапеноста на поедините национални групи онака како што тие се застапени во цивилниот живот. Исто така со посебно истражување треба да се види дали во професионалните армии на земјите од Западна Европа и евроатлантските асоцијации се застапени процентуално нивните малцинства. Со други зборови кои стандарди и критериуми се применуваат кај нив во формирањето на професионалните вооружени сили.

## Заклучок

Населението во Република Македонија перманентно бележи одреден пораст кој може да се илустрира низ следниве податоци: во 1900 година бројот на населението на овој простор изнесувал 908 904, во 1948 - 1 152 986, во 1961 - 1 406 003, во 1994 - 1 945 932, а според пописот од 2002 година, населението во Република Македонија достигнува бројка од 2 022 547 жители. Од изнесените податоци може јасно да се види дека, за период од околу 100 години, бројот на жителите се зголемил за 2,2 пати.

Од воено-географски аспект мошне е важно да се познава и да се има предвид бројноста и разместеноста на населението. Во тој поглед, што се однесува до Република Македонија, наведениот број население нерамномерно е разместен низ целата држава. Така, од една страна, постојат простори со голема густина на населеноста, како што се рамничарските делови во скопско, кочанско, струмичко, потоа во Полог и на други места, а од друга, има предели со многу мала густина на населеност, како што се Мариово, Дебарца, Порече, Козјачијата, планинските простори и сл. Но, тоа се и светски процеси.

Поголемиот дел, или 59,8% од населението живее во градовите, а помалиот, односно 40,2% - во селските населби.

Всушност за Република Македонија е карактеристична концентрација на населението во градските центри, особено во Скопје и неколку други градови, а од друга страна се јавуваат депопулациони подрачја. Депопулацијата односно празнењето на поедини простори а пред се граничните и ридско-планинските простори ја намалуваат можноста на државата да остварува контрола над подрачјата и

териториите од кои се иселува населението. Таа контрола на територијата не се однесува само во безбедносна и одбранбена смисла, туку и во стопанска, еколошка, недозволено исцрпување на природните ресурси и сл.

Природниот прираст на населението во периодот по Втората светска војна, како што може да се види од извршените пописи, бележи перманентно опаѓање. Така, во 1948 е регистриран прираст од 26,3ф, во 1994 тој прираст изнесува 8,4ф, а во 2001 година 5,00 ф. Наведениот податок се однесува на просечниот вкупен природен прираст кај целото население, без разлика на националната структура. Ако сакаме прирастот да го изразиме и по национална припадност, ќе видиме дека кај разните национални заедници тој е мошне различен. Имено, денес, природниот прираст кај Македонците е помал и изнесува околу 5ф, за разлика од Албанците, Ромите, Македонците-муслимани и други, кај кои тој сеуште е релативно голем и се движи околу 15ф.

Намалувањето е последица, пред сѐ на опаѓањето на наталитетот. Кон ова се надоврзуваат и развојните процеси, во кои класичното патријархално домаќинство се повеќе се заменува со урбано семејство, во кое бројот на членовите во домаќинствата значително се намалува.

Податоците за старосната структура во периодот 1981-2002 година, укажуваат на смалување на учеството на младото, а зголемувањето на населението на работоспособната возраст и постарото население. Така, во наведениот период учеството на младото население од 0-14 години во вкупното население од 29,2% се смалило на 21% (426 820 лица), работоспособното расте од 62,3% на 68.3% (1 381 352), а старото население се зголемува од 8,5% на 10,5% (213 712).

Намалувањето на природниот прираст, како и намалувањето на бројот на младото население од (од 0 до 14 години) е мошне негативна карактеристика од одбранбен аспект.

Врз основа на анализа на демогеографските процеси (податоци) за Република Македонија, може да се констатира дека настанале одредени промени кои се многу значајни од одбранбен аспект. Од една страна процесите на раселување и стареење на населението доведуваат до драстично опаѓање на бројот на населението и до раселување на многу селски населби, а во некои простори и до целосно демографско празнење, додека на друга страна во некои подрачја се создадени големи концентрации на население и тоа од ист етнички состав.

Континуираниот пораст на бројот на населението од ист етнички состав во одредени простори, особено во граничните простори, може да има негативно геостратегиско влијание од повеќе аспекти. Таквите појави бараат покомплексно проучување бидејќи истите не само што претставуваат многу значаен фактор од геостратегиски аспект и од аспект на севкупниот развој, туку од нив може многу лесно да зависи и територијалниот интегритет на државата. Доказ за тоа се настаните и војната со ограничен интензитет, односно терористичките акции во нашата земја во 2001 година.

Значајно е да се истакне дека демографската компонента не е пресудна во нашиот современ систем на одбраната со оглед на тоа што силите на одбраната за само четири години треба да бидат целосно професионализирани и да претставуваат еден мал дел од европските и евроатлантските одбранбени системи. Вооружените сили ќе бидат обучувани за противвоздушни, противдесантни, противоклопни и

противтерористички дејства, по пат на голема мобилност(подвижност) и употреба на оние простори каде ќе се укаже потреба.

Одамна се надминати доктринарните ставови за формирање на таканаречените одбранбени бастиони, чии периферии би биле уредени и запоседнати со вооружени сили на општонароден одбранбен отпор, не дозволувајќи му на агресорот да навлезе во бастионите и нанесувајки му загуби до конечна победа.

Техничкиот и технолошкиот напредок на 21 век на некој начин ги депласира ставовите за долготрајни, исцрпувачки и ослободителни војни на привремено заземени територии од агресорот.

Во одредени ситуации на противтерористичка борба, големата концентрација на население се смета за негативна карактеристика, заради опасноста од недолжни жртви и таканаречени колатерални штети. Како типичен пример во Република Македонија може да се посочи Скопје. На пример, борбата против откриена идентификувана терористичка група е многу потешка во густо изградено и населено место(пример делови од Скопје) во споредба со справување со таква група во некој помал град, некое село или на отворени простори.

Последните збиднувања во светот(терористички активности во Израел, Истанбул, Москва и др.) покажуваат дека, густо населените места и големите концентрации на луѓе се најпогодни средини за изведување на терористички активности  со големи ефекти.

Точно е дека до одреден степен концентрацијата на население на некој конкретен простор е позитивна од производноекономски, инфраструктурен, социолошки, културен и друг аспект, меѓутоа, од аспект на заштитата и аспектот на ефектите од терористички активности може да се смета за негативна. Практично преголемите концентрации од секаков вид се негативни, во случај на елементарни непогоди, природни катастрофи, воени разурнувања, и во последната деценија од терористички акции.

И конечно, се поставува прашање дали контингентот од 8682 припадници на нашите вооружени сили во 2008 година е добро одмерен или е предимензиониран или поддимензиониран. Од споредбениот преглед произлегува недвосмислен заклучок дека тој е добро димензиониран и дека Република Македонија ќе се најде меѓу оние држави со понизок процент на вкупните вооружени сили во однос на вкупното население. Исто така, од делот на машкото население ќе може да се обезбедува прогнозираниот потребен персонален состав иако на тоа ќе влијаат и многу други фактори, а пред сè што државата ќе им нуди на професионалните војници и за какви намени и активности ќе бидат обучувани и употребувани. Кон ова ќе треба да се додаде и донесување на соодветна законска регулатива која на професионалните припадници на вооружените сили ќе им гарантира  или ќе им обезбедува услови за понатамошна нивна егзистенција после надраснувањето на староснiот лимит т.е. после заминувањето од единиците, согласно специјалноста, формациското место и оспособеноста за примена на стекнатите знаења и способности од воената единица во цивилниот живот.

**ЛИТЕРАТУРА:**

1.Даскаловски Васа: Социогеографскиот развој на руралната средина во Република Македонија / Васа Даскаловски // Географски Рагледи.. *ИССН: 0435-3722. 31(1996) 109-120.*

2.Даскаловски Васа: Демографски развој на населението во Република Македонија / Васа Даскаловски // Географски Разгледи.. *ИССН: 0435-3722. 30(1995) 23-28.*

3.Панов Митко:Социјална Географија и просторно планирање на примерот на СР Македонија / Д-р Митко Панов // Посебно издание Кн. 3.Скопје: ПМФ, 1976.

4.Талевски Д. Јове(2003):Воена Географија. Скопје:Воена академија, 2003.

5.Темјановски Ристе, Мијалов Ристо (2000): Население и демографски развој на општина Богомила. Зборник на трудови од Конгресот одржан во Охрид од 3-5 ноември 2000. Скопје: Македонско географско друштво, стр. 153

6.Темјановски Ристе (2000): Патната инфраструктура како генерички ресурс за циркулација на луѓето во Република Македонија. Скопје: ПМФ, 2000. (магистерски труд)

7. http://www.cia.gov/cia/publications/factbook/geos/mk.html

8. Завод за статистика на Република Македонија: Статистички годишник на Република Македонија: Statistical Yarbook of the Republic of Macedonia. Скопје 1998 година.

9. Државен завод за статистика на РМ (2003): Попис на населението, домаќинствата и становите, 2002 година: дефинитивни податоци. Соопштение 2.1.3.30 Скопје: Државен завод за статистика, 2003.

# ПОЛИТИЧКО-ГЕОГРАФСКИОТ ПРОЦЕС КАКО ДЕТЕРМИНАНТА НА ФОРМИРАЊЕТО НА ПОЛИТИЧКАТА КАРТА

**Тони МИЛЕСКИ,**
Филозофски факултет, Институт за одбранбени и мировни студии - Скопје

**Апстракт:** *Основната цел на трудот претставува запознавање со принципите на создавањето на светската политичка карта. Основните закономерности кои претставуваат резултат на историската прераспределба на светскиот ривалитет, всушност ги продуцираат промените на политичката карта. Таквите промени најчесто се манифестираат преку политичко-географскиот процес како фундамент во создавањето, развојот и исчезнувањето на политичко-територијалните субјекти. Креирањето на политичката карта се одвива преку повеќе фази кои можат да бидат со долгорочен карактер и можат да бидат краткорочни и големи промени.*
*Прекројувањата на политичката карта, особено на Балканот и Блискиот Исток претставуваат продолжение на политичко-географскиот процес кој своето влијание го манифестира преку променливоста на ривалитетот на светските сили.*
*Сосема е јасно дека нема конкретни шаблони за "исцртување" на политичката карта, меѓутоа нејзината промена е консеквентна со лоцираноста на кризните жаришта, суштината на територијалните и малцинските спорови, преку кои може навремено да се проникне и осознае политичко-географскиот процес и евентуално да се развиваат одредени пристапи во процесот на прераспределба на светскиот ривалитет.*

**Клучни зборови***:* *политичка карта, политичко-географски процес, територија, суверенитет*

**Abstract***: The main goal of this paper is to introduce into the issue of completing of the world political map. The basic principles that result from the world rivalry reshaping actually are producing the changes into the political map. Such changes manifests trough the political and geographical process. Those are fundamental in creating development and disappearing of political-territorial subject. The creation of the political map goes trough several phases that could be long or short term and coasts huges changes. Reshaping of the political map especially on the Balkans and Near East is represents continual of the political and*

*geographical process that manifest its influence trough challenges of the main powers rivalry. It is clear enough that concrete "template" for drawing of the political map does not exist. However, the change consequence with several indicators as crisis location, the issues of territorial and minority disputes, etc, trough which political and geographical process could be timely asses and appropriate approaches could be developed.*

**Key words:** *Political map, political and geographical proces, territory, sovereignty.*

## Вовед

Своите историските корени политичката географија, односно проучувањата на феноменот на меѓусебната поврзаност и интерактивност на „политичкото" и „географското" ги има уште од античкиот период. Меѓутоа, како јасно издиференцирана и профилирана научна дисциплина нема долга традиција. Главната „пречка" за воспоставувањето на политичката географија како академска практика, претставува нејзината нацистичка хипотека, поради што подолг временски период била оспорувана и одбегнувана. Таквата привидна слика после Втората светска војна беше само „илузија", затоа што политичко-географските истражувања, било да станува збор за теоретско-методолошки или станува збор за конкретни истражувања на конкретни просторни целини кои имаат свој придонес во геополитичката и воено-стратегиската практика, добиваат се позначајна улога.

Промените кои се случија во Светот, особено на Евро-азиското копно, кон крајот на осумдесеттите години (крајот на блоковската поделеност на светот) и по дезинтеграцијата на СФР Југославија и Советскиот Сојуз на почетокот на деведесеттите години од дваесеттиот век, повторно ги активираше политичко-географските, геополитичките и геостратегиските постулати. Таквите промени условија создавање на поинаков систем на вреднување, адаптиран на современите услови и несомнено предизвика поинаков теоретски и апликативно-регионален пристап кон политичко-географските проблеми. Во тие рамки искуствата во изминатата деценија и половина наметнуваат потреба за подобро запознавање на политичко-географскиот процес и неговото влијание врз моделирањето на политичката карта.

## Политичко-географскиот процес и политичката карта

Политичко-географскиот процес може да се дефинира како процес на создавање, развој и исчезнување на политичко-територијалните системи на светската политичка карта. Политичката карта, без разлика дали станува збор за светска, регионална или некоја локална, всушност претставува географска експресија на меѓународниот систем. Целиот структурен систем на политичката карта се темели врз два основни концепта: концептите на територија и на суверенитет.

Џин Готман (Jean Gottman) го опишал потеклото на концептот за територијата. Имено, зборот има латинска основа и изворно означувал област околу поголем град која била под негова јурисдикција. Неговата употреба, во

почетокот, се однесувала на градовите - држави во стариот свет и подоцна повторно влегол во употреба, означувајќи области под власт на средновековните италијански градови. Никогаш не се однесувал на целата Римска империја или средновековното христијанство. Денес, овој израз се однесува на современите држави. Територија е земја која му припаѓа на оној кој владее со државата. Ова значење се појавува уште во 1494 година, приближно во времето на почетоците на создавањето на светската економија[1].

Современото значење на зборот територија е тесно поврзано со правниот концепт на суверенитетот. Всушност, на овој начин се разликува од почетната дефиниција за област која му припаѓала на градот. Суверенитетот е израз кој имплицира постоење на апсолутна власт во една политичка заедница[2]. Овој концепт не бил развиен во стара Грција: териториите на градовите не биле суверени. Наместо тоа, Хинсли (Hinsley) овој концепт го наоѓа во Римската империја и владеењето на императорот со Империјата. Суверенитетот претставувал лична политичка доминација без експлицитна територијална врска со универзалните барања на Империјата. Ваквиот концепт кој е пренесен во средновековна Европа во Римското право, исто така е задржан во современиот јазик каде зборот крал или кралица означува суверен на една земја. Но средновековна Европа под феудализмот била хиерархиски систем на власт и владеење, а не на територија. Односите на господар и поданик биле лични односи на заштита и служење и не биле одредувани со територија.

Соединувањето на територијата и суверената власт обезбедува правна основа на современиот меѓудржавен систем. Овој процес почнува да се одвива по 1494 година. Тогаш со договорот во Тордесиљ се поделени интересните сфери на Шпанија и Португалија со таканаречениот „папски меридијан“ ($46^0$ западна географска широчина) и е финализирано со Договорот од Вестфалија во 1648 година[3]. Ова обично се толкува како прв договор кој го дефинира современото меѓународно право. Според него, секоја држава е суверена во рамките на својата територија: првата повреда на меѓународното право е

1) Gottman, J., (1973), “The Significance of Territory”, Charlottesville: University Press of Virginia, p.16.

2) Hinsley, F.H., (1966), “Sovereignty”, London: Watts, p.26.

3) Вествалскиот мир од 1648 година претставува завршеток на втриесетгодишната војнаг во Европа и овозможил услови за формирање на рамнотежа на силите во Европа. Резултатите биле следни: Германија останала раздробена и многу ослабена, Шведска станала господар на Балтикот, Франција ги добила Алзас, Стразбур, Зундхау и Хагенау, а формално и е признато приклучувањето на епископиите Мец, Тул и Верден. Холандија и Швајцарија добиле меѓународно признавање како самостојни европски држави. После триесетгодишната Шпанско-Француска војна, идејата на Хабзбурговците да создадат во Европа вХристијанска империјаг претрпела пораз. Главната улога во Европа ја преземаат централизираните феудални држави Франција и Русија. Грчиќ, М., (2000), вПолитичка географијаг, Географски факултет: Београд, стр.436.

мешањето во внатрешните работи на една земја. Резултатот бил формално признавање на Европа која била поделена на околу 300 суверени единици. Ова е почетната територијална основа на современиот меѓудржавен систем, односно првата „политичка карта на светот "[4] .

Доколку се согласиме дека територијата претставува платформа за учество во меѓународни односи, во тој случај суверенитетот обезбедува легитимитет. Суверенитетот е основно правило во меѓудржавните односи кое ги идентификува територијалните ентитети кои се достојни за учество во оваа игра[5] .

Меѓутоа, сите територии не претставуваат суверени држави. Пред дваесеттиот век, кога сè уште постоеле области надвор од светската економија, политичките ентитети од надворешната или екстерната арена не се разгледувани како да имаат одредени политички права. Ирокезите во Северна Америка, Зулу народот во јужна Африка и Маратите во централна Индија не биле признати како легитимни учесници во меѓудржавниот систем. Резултат на таквата состојба е што нивните територии биле погодни за придодавање кон суверените држави кои биле во фаза на експанзија. Смол и Сингер (Small and Singer) војните кои од ова произлегуват ги нарекле "екстра-системски"[6] . Но, ваквиот формален империјализам бил легитимен во меѓународното право бидејќи не го повредувал суверенитетот.

Државата не станува суверена само со тоа што ќе се декларира како таква. Сувереноста никогаш не е прашање на само една држава. Тоа е меѓудржавен договор затоа што суверенитетот може да постои само за држави кои реципрочно го признаваат легитимното постоење во рамките и според нормите на меѓудржавниот систем. Бантустаните во Јужна Африка (Бофутацвана, Транскеј, Цискеј, Венда) и покрај прогласената независност заради политиката на апартхејд не биле признати како суверени држави и не станале дел од меѓудржавниот систем. Слично, републиката која била основана на северниот дел на Кипар по турската инвазија од 1974 не била призната од никого освен од Турција[7] .

Од 1945 година, суверенитетот обично се потврдува со прием во Организацијата на обединетите нации. Прва задача на постколонијалните држави на Африка и Азија била да се пријават за влегување во ООН со што го

4) Taylor, P., (1993), "Political Geography, World-economy, Nation-States and Locality", Essex: longman Scientific&Technical, p.157

5) James, A., (1984), "Sovereignty: ground rule or gibberish?", in: *Review of International Studies 10: 1-18*.p.2

6) Small, M., Singer, J.D., (1982), "Resort to Arms: International and Civil Wars 1816-1980", Sage: Beverly Hills, Calif.

7) Wallerstain, I., (1984), "The Politics of the World-Economy", Cambridge UP: Cambridge, UK, p.175

докажуваат своето присуство на светската сцена. Овој процес на признавање и непризнавање се повторува и со новосоздадените држави по распадот на СССР и СФР Југославија, додека самопрогласените ентитети како што се Придњепровската Република и Гагаузија во Молдавија, Чеченија во Русија и Република Српска Крајина во Хрватска не се признати. Постојат територии чиј суверенитет го гарантира меѓународната заедница, односно ООН, како што е случајот со Косово и Метохија. Накратко, суверенитетот им дава на териториите меѓународна вредност во светската економија.

Меѓународното признавање на државите може да биде потполно или делумно. Денес, на светската политичка карта постојат околу 50 држави, територии и други ентитети, кои немаат целосно меѓународно признавање. Во таа група спаѓаат:

- Државите со специјален статус - меѓународно признати и слободно придружени на САД (Порторико, Микронезија, Палау, Маршалските Острови, Северните Маријански Острови);
- Квази суверените автономни територии - Крим во Украина, провинцијата Касаи во ДР Конго, Гагузија и Придњестровската Република во Молдавија, Аландските Острови, Јужен Тирол;
- Ентитетите кои имаат непотполно признавање, меѓутоа ефективно функционираат. Најпознати примери се Тајван, Чеченија, турскиот дел на Кипар, Република Српска;
- Ентитети во чии рамки постојат движења за независнот како што се Абхазија, Нагорно Карабах, Тамилски Цејлон, Кабинда, Курдистан, Палестина, Бугенвил, Западна Сахара, Нагорно-Бадахшанска Автономна Област, Косово;
- Ентитети во кои постои свест за посебност како што се Тибет во Кина, Калистан во Индија, Гагаузија во Молдавија, Татарстан во Русија, Квебек во Канада, Сомалиленд во Сомалија;
- Територии кои се споменуваат како геополитички единици без некои посериозни основи, како што се британското острово Сарк во Ла Манш, провинцијата Хат Ривер во Западна Австралија, Паданија на северот од Италија, Ескимската територија Нанавуд во Канада, Илирида во Република Македонија[8].

## Територијални спорови и трговии со територии

Дејството на двојниот принцип на територија и суверенитет како основа на меѓународното право имаат заедничка последица: државите станале

[8] Грчиќ, М., (2000), Политичка географија", Београд: Географски факултет, стр.174

„колективни индивидуи" во кои се создаваат законите. „Правата на државите" имаат приоритет над интересите на други институции. Ова стои во Член 2 од Повелбата на ОН која го потврдува територијалниот интегритет на државите - членки и го смета за незаконско секое мешање во нивните внатрешни работи. Оттука, може да се каже дека меѓународното право е всушност конзервативно по својата природа и одржува статус љуо во меѓународниот систем. Таквиот конзерватизам претставува услов за стабилност на светската политичка карта. Промени се случуваат кога политичките барања за територија го надвладуваат правниот конзерватизам. Во геополитичката теорија познати се две концепции за графскиот простор (геопростор) кои се темелат врз економска (концепција „животен простор") и воено-стратегиска (концепција „природни граници") нужност за проширување на државната територија. Доколку две држави претендираат на иста територија, истата можат да ја имаат со сила и закана на сила, со купување и со договорна спогодба за размена на територии.

Најчесто оправдувањата за политичките барања кои имаат важно влијание врз создавањето на политичката карта, се: ефикасна контрола, територијален интегритет и историски културни барања.

*Ефикасната контрола* како критериум за прифаќање на правото на државата за територија се користи за легализирање на оружените освојувања. Во меѓународната сфера, како во народните судови, „сопственоста е девет - десетини од законот". За идеализмот на ОН и другите светски субјекти, моќта на политиката сè уште лежи во коренот на меѓународните односи. Сега никој веќе не го оспорува присоединувањето на Гоа од страна на Индија кон нејзината територија во 1962 по успешната инвазија врз оваа португалска колонија. Суверенитетот обично се прифаќа штом врз територијата се демонстрира ефикасна контрола. Овој принцип бил применет при поделбата на Африка помеѓу европските сили по Берлинскиот конгрес во 1884.

*Територијалниот интегритет* може да се искористи за предизвикување на правото на државата која има ефикасна контрола врз некоја територија. Географските барања може да бидат од било каков обем. Најпознат е концептот на САД за „судбинскиот манифест" (Manifest Destiny)" кој го оправдува ширењето на САД од „океан до океан". Голем дел од барањата се многу поскромни, најчесто одредени стратегиски објекти. Во моментов најпознато е барањето на Шпанија за Гибралтар. И покрај британската ефикасна контрола како и желбата на жителите на Гибралтар да ги одржат врските со Британија, во 1968 ОН гласале за предавање на Гибралтар на Шпанија. Фактот што тој бил дел од Иберискиот полуостров обезбедил основа за барање за територијален интегритет. Исто така како илустративен пример можеме да го посочиме барањето на Србија и Црна Гора за територијален интегритет над Превлака која е составен дел на Бокакоторскиот залив.

*Историските и културните барања* вообичаено се однесуваат на одреден приоритет или времетраење на одредена мината сопственост (окупација) на територија. Културните барања се поврзани со национални барања за територија, односно биле поврзувани со „националното самоопределување“[9].

Значајно место во создавањето на политичката карта, односно одвивањето на политичко-географскиот процес имаат и прераспределбите на териториите. Прераспределбата на териториите како последица на промените на односите на силите, претставувала историски сложен проблем кој бил решаван со војни, со трговија на територии, меѓународни конгреси, конференции и спогодби. Постојат голем број примери за размена, спогодба или трговија со територии и население, особено во XIX и XX век. Така на пример, Наполеон во 1803 година ја продал Луизијана на САД за 15 милиони долари. Во 1819 година САД ја купуваат Флорида од Шпанија за 5 милиони долари, исто така САД, после војната 1846-48 година, склучиле договор со Мексико (договор Гваделупе-Идалго) според кој за 15 милиони долари го добиле Тексас, Ново Мексико, Горна Калифорнија и дел од Аризона или вкупна површина од 1 300 000 км$^2$. Во 1853 година САД купуваат уште 140 000 км$^2$ од мексиканската територија помеѓу реките Колорадо и Рио Гранде за 10 милиони долари. Рускиот цар во 1867 година на САД ја продава Аљаска (21 000 км$^2$) за 7 200 000 долари (11 милони рубљи во злато). Голема Британија во 1890 година ѝ го отстапува островото Хелголанд (во Северното Море) на Германија во замена за Занзибар во Источна Африка. Во 1898 САД ги купуваат Филипинските острови од Шпанија за 20 милиони долари, а исто така ги добиле и островите Порто Рико и Гуам како компензација за воените трошоци. Американскиот милионер Џон Хенли, во 1951 година понудил 18 милиони, а покасно и 24 милиони долари за да ја откупи Северна Ирска од Британија и да ѝ ја подари на Ирска со цел да го реши историскиот спор помеѓу двете држави. Кримската област во 1954 година е доброволно предадена на Украина од страна на Руската Федерација. Идеја за размена на територии имаше и во текот на конфликтот во 2001 година во Македонија. Идејата беше да се разменат територии од североисточниот дел на Македонија со доминантно албанско население за територии од Албанија (Мала Преспа) каде што живее македонско население. Ваквите територијални отстапки не треба да бидат против суверената волја на населението, поради што на спорните територии,

[9] Taylor, P., (1993), “Political Geography, World-Economy, Nation-States and Locality”, Essex: Longman Scientific&Technical, p.p.160-162

во краен случај, се спроведуваат референдуми[10].




***Слика бр.1 Разменети територии помеѓу Голема Британија и Германија во 1890 година. (Хелголанд и Занзибар)***

Исто така, под категоријата „долгорочна аренда", во интерес на заемната одбрана, империјалистичките држави по пат на сила добивале право на

[10] Грчиќ, М., "Политичка Географија", Београд: Географски факултет, 2000, стр.180

екстериторијалност на териториите на формално суверените држави. Во Кина постоеле 39 странски сетлменти и концесии (Цјаочжоу, Вејхајвеј, Кванчжоуван и други), дадени во „вечна аренда“ (вообичаено на 99 години) на странски сили, кои ги поседувале до кинеската револуција во 1943, односно 1947 година. Иран во 1901 година и предал на Голема Британија концесии на 60 години за истражување и експлоатација на нафта, додека англо-персиска нафтена компанија добила слични концесии од 1935 до 1993 година. Пример за „сфера на влијание“ претставува доктрината „Монро“[11], според формулата „Америка на Американците“, односно за оправдување на мешањето во внатрешните работи на државите од Латинска Америка и освојувањата на САД во реонот на Карибите и на Пацификот. Доктрината „Хеј“ од 1899 година истакнува дека секој воден пат од Атлантскиот кон Тихиот океан, мора да биде под контрола на САД. Пред Втората светска војна САД ја користеле доктрините на „отворена врата“ и „еднакви можности“ за остварување сфери на влијание во Кина. По завршувањето на Втората светска војна интересните сфери се реализираат преку „Маршаловиот план“ и „Трумановата доктрина“ кои предвидуваат програма за помош врз основа на заемна безбедност и програма за интеграција на Европа, НАТО пактот и другите сојузи. Врз основа на НАТО, САД имаат право да градат воени бази на територијата на државите - членки[12].

## Создавање на светската политичката карта

Создавањето на светската политичка карта претставува резултат на политиката на моќ. Тоа е карта на променливи модели со губитници и победници. Територијата создава платформа, суверенитетот оправдување, но ниту едното ниту другото не претставува адекватна одбрана за една држава против успешната акција спроведена од позиција на политика на моќ на ривалската држава, кога станува збор за елиминирање од светската сцена.

Основната задача на политичката географија претставува објаснувањето на политичка карта која оддава впечаток на стабилност која е потполно имагинарна. Најверодостојна интерпретација на политичката карта овозможува фактот што, доколку истата се разгледува како серија на шаблони кои драстично се менувале во минатото и кои, без сомнение, можат од корен да се променат во иднината[13].

---

11) Суштината на доктрината "Монро" (донесена 1823 година) се состоела во фактот што САД секој обид на европските држави за наметнување на сопствената политичка власт во западната хемисфера ќе го сметаат за загрозување на нивната безбедност. Пошироко во: Миноски, М., (1994), “Соединетите Американски Држави и Македонија 1869-1919”, Скопје: Архив на Македонија, Матица македонска, стр.13-16

12) Грчиќ, М., “Политичка Географија”, Београд: Географски факултет, 2000, стр.145-146

13) Исто, стр. 431

Светот и политичката карта каква што ја познавале Страбон и Рацел, повеќе не се актуелни. Современите промени се однесуваат, како на територијата на државите така и на нивното внатрешно уредување. Во поновата историја политичката карта на светот се менувала како резултат на три политичко-географски процеси:

1. Колонијалниот ривалитет и деколонијализацијата, кои впрочем, претставуваа причина за Првата светска војна;

2. Идеолошкиот ривалитет, претставен преку трите главни идеологии - либерализмот со предводник САД, фашизмот со предводник Германија и комунизмот со предводник СССР. После поразот на фашизмот во Втората светска војна, преостанатите две идеологии кои беа сојузници, стануваат ривали и ја започнуваат “Студената војна” во која доаѓа до пораз на комунизмот.

3. Цивилизациски ривалитет, потпрен на диверзитетот во религиите, кои според одредени прогнози може да заврши со светски судир.

Промените на политичката карта кои имаат *долготраен карактер* се одвиваат според одредени закономерности. Историските последици од распаѓањето на империите се долготрајни и траат со векови. Така на пример распадот на империјата на Шпанија доведе до големите атлантски (светски) војни помеѓу Франција и Англија. Самото создавање на Соединетите Американски Држави претставува продукт на тој процес, односно дел од бурната човекова историја. Светските војни помеѓу Англија и Франција во XVIII век траеле 126 години, додека опаѓањето и редуцирањето на Шпанската империја траело преку 300 години. Распадот на Отоманската империја траела 240 години, односно од поразот кај Виена 1683 година до 1923 година. Распадот и повлекувањето на Отоманската империја ја предизвикала, меѓу другото, и Првата светска војна. Русија, Австро-Унгарија, а подоцна и Германија и Турција, упорно бранејќи ги сопствените интереси на Балканот, искажувајќи поддршка на сопствените „сателити“, предизвикувале разновидни конфликти, мали војни, закани за поголеми војни и атентати. Тој период е особено значаен за поделбата на етничката територија на Македонија, која според историскиот тек и прераспределбите на светскиот и регионалниот ривалитет има долготраен карактер. Во меѓувреме доаѓа до распад на Руската империја, поради што се зголемија апетитите не само на Германија, туку и на исламските, јапонско-кинеските и монголеските “играчи“ за Азиското руско пространство. Со воспоставувањето на Новиот светски поредок во почетокот на деведесеттите години од минатиот век (падот на комунизмот и револуциите

во Источна Европа), доаѓа до завршување на „Студената војна“ но, и на крајот на поделбите на Европа (Западна и Источна).

*Краткотрајните промени*, исто така, заземаат значајно место во процесот на формирањето на политичката карта. Така, на пример, во последните илјада години помеѓу Русија и Европа се сменувале непријателството и пријателството, заемното привлекување и одбивање, геополитичката согласност, напади и отстапувања, изолации и соработка. Во одредени моменти Русија се поврзува со Прусија и Германија на сметка на Полска, а потоа со Полска против Германија. Понекогаш имала сојузнички релации со Англија или Франција, другпат и се заканувала на Англија со војна, а се случувало истовремено да војува и со Англија и со Франција (Кримската војна од 1854-1856 година). Во 1812 година, Французите под водство на Наполеон ја заземаат Москва, во 1814 година Козаците маршираат по Шанз-Елизе, а четири реони во Париз имаат руски губернатори. Во 1941 година Германците доаѓаат до Москва, а 1942 до Волга и Кавказ, 1945 година Русите го заземаат Берлин. Ниту едно од овие екстремни географски прекројувања немало долготраен карактер.

*Големите промени* на политичката карта, секако, претставуваат резултат на војните и конфликтите поврзани со големите геополитички промени. Само за илустрација, светската политичка карта е прекројувана во Вестфалија (1648) по Триесетгодишната војна, во Виена (1815) по Наполеоновите војни, во Версај (1919) по Првата светска војна, во Париз (1947) по Втората светска војна. Секоја нова карта дава основа за создавање на нов светски геополитички поредок[14]. Меѓутоа, светската политичка карта не

---

[14]) Геополитичкиот поредок секогаш претставува организација на просторот во кој постојат одредени центри на моќ кои се грижат за одржувањето или ревидирањето на поредокот. Така, на пример, во Британскиот геополитички поредок доминирала Голема Британија, после тоа, се појавиле повеќе сили кои имале за цел да учествуваат во организацијата на просторот и заземањето на светските и регионалните позиции кои ги имала Голема Британија. Во периодот на вСтудената војнаг доаѓа до создавање на рамнотежа на светско рамниште помеѓу големи воени и политички сили. Периодот потоа, е одбележен со доминација на една голема светска политичка, воена и економска сила и неколку светски економски сили, односно неколку светски/регионални воени сили. Во такво опкружување голема е веројатноста да дојде до зголемување на незадоволството поради тенденциите една сила да доминира со целиот свет.

Сегашниот геополитички поредок ги уредува меѓусебните прашања преку организирање на светскиот пазар и трговијата чии што политички израз се наднационалните интеграции и меѓународните институции и организации, како што се Европската Унија, Меѓународниот монетарен фонд, Светската банка и слично. Во денешниот свет идеологијата за хегемонија се гледа во верувањето дека светскиот прогрес е единствено можен преку ширењето на идејата за пазарна економија и демократија низ целиот свет. Политичката, економската и безбедносната практика се стреми кон хиерархиска организација на стабилен простор, кој е неминовен за развој на демократијата, економијата и толеранцијата. Поширoко во: Taylor, P., (1993), “Political Geography, World-economy, Nation-States and Locality”, Essex: longman Scientific&Technical и Бацаров, З., (1999), “Геополитически системи”, София: Фондация “Свободна и демократична Бъгаря”.

претставува резултат само на големите сили и нивното геополитичко ривалство, туку е резултат на постојаните мали промени кои се резултат на војните и конфронтирањата на помалите сили.




**Слика бр.2 Развој на политичката карта на Европа од 1500 година до 1878 година**

## Заклучок

Се наметнува констатацијата дека промените на политичката карта се детерминирани од потенцијалното „разместување“ на војната и мирот. Современиот распоред на кризните жаришта, (доколку се погледне Балканот и Блискиот Исток), всушност, претставува одраз на поранешните конфронтирања и конфигурација на

победниците и поразените. Меѓународниот ривалитет ги продуцира промените на политичката карта, односно светската политичка географија ќе биде консеквентна на идниот распоред на светскиот ривалитет.

Во XXI век модерното информатичко општество сѐ повеќе го релативизира поимот суверенитет и неговата територијална рамка. Сѐ поголемото значење на информацијата, доведува до „стеснување" на просторот и „забрзување" на времето. Се чини дека завршува поредокот базиран на контрола на просторот, а настапува поредокот на контрола на времето, со цел забрзување на движењето на финансискиот капитал, стоката, луѓето и информациите во глобални рамки. Новиот поредок воведува, на одреден начин, хиерархија на суверенитетот. Со територијата која правно припаѓа на одредена држава, управува во реалноста друга помоќна држава. Исто така, транснационалните компании како „невидливи империи" сѐ повеќе го рушат и релативизираат територијалниот суверенитет на државите.

**ЛИТЕРАТУРА**


1. Agnew, J., (1997), "Political Gepgraphy", London, New York, Sydney, Auckland: Arnold.
2. Бацаров, З., (1999), "Геополитически системи", София: Фондация "Свободна и демократична Българя".
3. Brown, E.M.,Coté, R.O.Jr., Sean, M.L.J., Miler, S., (eds.), (1998), "Theories of War and Peace", London: The Mitt Press.
4. Gottman, J., (1973), "The Significance of Territory", University Press of Virginia: Charlottesville, Va., p.16.
5. Грчић, М., (2000), "Политичка географија", Београд: Географски факултет.
6. James, A., (1984), "Sovereignty: ground rule or gibberish?", in: *Review of International Studies 10: 1-18.*
7. Карастојанов, С., (1997), "Политическа география, геополитика, геостратегия", София: Университетско издателство "Св. Климент Охридски".
8. Pavić, R., (1973), "Osnove opće i regionalne političke geografije, geopolitike i geostrategije I deo", Zagreb: Fakultet političkih nauka.
9. Петковић, Р., (1996), "XX век на Балкану, Версај, Јалта, Дејтон", Београд: Новинско-издавачка установа Службени лист СРЈ.
10. Poulton, H., (1993), "The Balkans – Minorities ans States in Conflict", London: Right Publications.
11. Small, M., Singer, J.D., (1982), "Resort to Arms: International and Civil Wars 1816-1980", Sage: Beverly Hills, Calif.
12. Taylor, P., (1993), "Political Geography, World-economy, Nation-States and Locality", Essex: Longman Scientific&Technical.
13. Todorova, M., (1997), "Imaginig the Balkan", New York: Oxford University Press.
14. Tuathal, O.G., Dalby, S., (eds),(1998), "Rethinking geopolitics", London: Routledge.
15. Hinsley, F.H., (1966), "Sovereignty", London: Watts.
16. Holsti, J.K, (1996),"The State, War and State of War", New York: Cambridge University Press.
17. Христов, Т., (2001), "Политическа География на България", Пловдив: Академично издателство на Аграрния университет.

18. Fouskas, K.,V., (2003), “Zones of Conflict”, London, Verginia: Pluto Press.
19. Wallerstein, I., (1992), “Geopolitics and Geoculture”, London: Cambridge University Press.
20. Wallerstain, I., (1984), “The Politics of the World-Economy”, Cambridge UP: Cambridge.

# СЛОВЕНЕЧКАТА ВИЗИЈА ЗА НАТО

**Марина МИТРЕВСКА**
Филозофски факултет, Институт за одбранбени и мировни студии - Скопје

**Апстракт:** *Во овој труд акцентот е ставен на искуството на Република Словенија во процесот на приклучувањето и приемот во НАТО.Суштинската анализа покажа дека членството во НАТО е опција која за Република Словенија реално значи поголем степен на безбедност и одбранбена способност, отколку, било која друга опција. Според анализата, членството во НАТО за Република Словенија значи поголем степен на безбедност и рамноправна положба со другите земји-членки на Алијансата. Во таа насока, во трудот истражувањето е насочено кон анализата: прво, на процесот на реформи во безбедносниот сектор на Република Словенија. Второ, на процесот на реформи во одбранбениот систем на Република Словенија. Оттаму, реформите во одбранбениот систем започнаа во согласност со Резолуцијата на концепцијата на националната безбедност и со Законот за одбрана. Според нив, направени се реформи во организациската структура на одбранбениот систем и неговата намена за нејзина одбрана од надворешна воена агресија и други насилни активности од страна на странски вооружени сили, насочени кон загрозување на нејзината независност, самостојност и територијален интегритет. Како заклучок, оваа анализа укажува дека Словенија е класичен пример за успешна држава, која релативно брзу го помина патот за евроинтеграција во НАТО. Република Македонија, на патот кон НАТО, треба да го искористи нејзиното искуство.*

**Клучни зборови:** *Словенија, Македонија, НАТО, безбедност, цивилна одбрана*

# SLOVENIAN VISION FOR NATO

**Abstract:** *The emphasis of the work is put on the experience of the Republic of Slovenia in the process of joining NATO. The essential analysis has showed that NATO membership is an option that for the Republic of Slovenia means more security and defence capability rather than any other option. According to the analysis, NATO membership for the Republic of Slovenia offers equal status with the other member states of the Alliance. In that direction the research in the study is towards analysis of: first, the reform process in the security sector of the Republic of Slovenia; second, the reform process in the defence system of the Republic of Slovenia. Therefore, the reforms in the defence system have started in accordance to the*

*Resolution of the Conception for National Security and with the Defence Law. According to them, reforms have been done in the organizational structure of the defence system and its use for defence from military aggression from abroad and of the violent activities by foreign armed forces, directed to jeopardizing its independence and territorial integrity. In conclusion, this analysis tells that Slovenia is a classical example of a successful country, which relatively fast passed the road to euro-integration in NATO. The Republic of Macedonia should use Slovenian experience on its way to NATO.*

**Key words:** *Slovenia, Macedonia, NATO, security, civil defence, protection and saviour.*

## Вовед

Овој труд произлегува од анализата во врска со прашањето: На кој начин Република Словенија и Република Македонија можат во сегашни меѓународни услови да ја гарантираат својата национална безбедност? Суштинската анализа, сепак покажува дека членството во НАТО е опција, која за Република Словенија и Република Македонија реално значи поголем степен на безбедност и одбранбена способност, отколку било која друга опција. Според анализата, членството во НАТО-алијансата за Република Словенија и Република Македонија сигурно значат поголем степен на безбедност и рамноправна положба-рамо до рамо со оние држави кои одлучуваат за современите безбедносни услови. Република Словенија и Република Македонија се потполно свесни во која мерка националната безбедност и безбедноста на соседните држави е значајна за зачувување на безбедноста, мирот и стабилноста во целокупниот регион. Без стабилни, безбедни и развиени држави во југоисточниот регион, Европа никогаш нема да биде во состојба да направи значителен прогрес во економска, културна или во безбедносна смисла. Затоа од голем интерес е приклучувањето не само на Република Словенија, туку и на другите држави, особено од југоисточниот регион, во евроатланската интеграција. Оттаму, имајќи ја пред сè во вид комплексноста на процесот на интеграција во НАТО, во овој труд акцентот ќе биде ставен на искуството на Република Словенија во процесот на приклучувањето и приемот во НАТО. Имено, нејзиното искуство во голема мерка ќе ѝ помогне на Република Македонија на патот кон НАТО.

## Искуството на Словенија на патот кон приклучувањето во НАТО

Со осамостојувањето на Словенија, започна нова фаза во развојот на ова бивша република на СФРЈ. Имено, Република Словенија како новонастаната држава на територијата на СФРЈ започна нов општествен развој насочен кон демократијата. Со тенденција на брз и успешен развој на демократските институции, почитување на човековите права, брз економски и политички развој, Република Словенија успеа за релативно кратко време да го оствари својот меѓународно – правен субјективитет.

Во 1994 година Словенија стана земја-членка на иницијативата „Партнерството за мир“. Програмата на „Партнерството за мир“ на Република

Словенија ѝ овозможи соработка во одбраната, дијалог и соработка. И, секако, членството во иницијативата Партнерство за мир ѝ овозможи создавање вистинско партнерство меѓу Словенија и другите земји партнери и НАТО.

Исто така, спроведувањето на Акциониот план на Република Словенија и овозможи покана од Прашкиот самит за прием во НАТО-алијансата.

Ако работите ги гледаме низ призмата на остварувањето на активностите на внатрешен план за интегрирање во НАТО, тогаш во Република Словенија се спроведе агресивен процес на реформи. Овој процес опфаќа три етапи, и тоа:

- *прва етапа од 1992 до 1996 година;*
- *втора етапа од 1996 до 1999 година; и*
- *трета етапа, после 1999 година.*

Во првата етапа Република Словенија интензивно работеше на координацијата на информациите помеѓу сите министерства и институции кои по различити основи соработуваа во рамките на „Партнерството за мир“. Покрај тоа, формирани се меѓуресорски групи и значително е зајакната нивната активност.

Во втората етапа Република Словенија ги направи есенцијалните реформи во безбедносниот и одбранбениот сектор.

Во почетокот на третата фаза словенечката влада ги реорганизираше меѓуресорските групи и нивните активности ги насочи кон реорганизација и поделба на активностите на две нивоа, и тоа: управувачко и оперативно ниво. На оперативно ниво меѓуресорската група давала насоки за меѓуресорската соработка, а на второто ниво групата имала советодавна функција за самата Влада и одделни Министерства. Денес, постојат вкупно десет меѓуресорски групи, и тоа за:

- *политички и економски прашања;*
- *одбранбени и воени прашања;*
- *безбедносни прашања;*
- *правни прашања;*
- *финансии;*
- *следење на јавното мислење и односи со јавноста;*
- *вооружување, производство и стандардизација;*
- *интероперабилност со НАТО;*
- *координација на Индивидуалната партнерска програма; и*
- *цивилно-кризно управување.*

Во исто време, Република Словенија ја изработи и првата Индивидуална партнерска програма, која се темели на Партнерската работна програма. Во

неа прецизно се дефинираат активностите, според сопствените потреби и приоритети. Во согласност со тоа, Република Словенија успешно се вклучува во заедничките вежби на „Партнерството за мир” во рамките на НАТО.

Во истата година, Република Словенија го започна првиот циклус на т.н. „Процес на планирање и проценки“ во рамките на „Партнерството за мир“.

(Planning and Reviw Process-PARP). Овој процес, за Република Словенија, одигра позитивна или клучна улога во понатамошните реформи во одбранбениот систем. Треба да се потенцира и тоа дека во рамките на НАТО процесот на планирање е воспоставен и развиен со цел да се определат и оценат оние сили кои партнерската држава ќе може да ги намени за повеќенационалните вежби и операции, заедно со силите на НАТО сојузот. Исто така, овој процес е наменет и за развојот на интероперабилноста помеѓу тие сили и силите на земјите-членки на НАТО сојузот, а овозможува транспарентност во планирање на националната одбрана и др.

Во 1996 година Република Словенија е примена во Североатлантскиот совет за соработка. Членството во Советот ѝ овозможи индивидуални контакти и соработка со НАТО- сојузот. Потврда за успешната соработка е одржаната воена вежба “Cooperative Adventure Exchange ’98” . Република Словенија со оваа вежба ја провери и докажа својата способност да ги прифати силите на НАТО-сојузот на својата територија и истовремено да им овозможи услови за непречено дејствување.

Следен чекор на Република Словенија на патот кон приклучувањето во НАТО е спроведувањето на Акциониот план за членство во НАТО и спроведување на овој план во облик на Годишна национална програма за подготовки на Република Словенија за членство во НАТО.

Стратешките насоки се поставени и реализирани. Поддршката од граѓаните е искажана на референдум на кој 66% од населението се произнесе во полза на членство во НАТО. Позитивните резултати од референдумот значеа позитивна потврда за словенечката влада и натамошното насочување на државата.

Всушност, доколку се прифати дека процесот на реформите во Република Словенија претставуваат континуиран процес со цел безбедноста во државата да се остварува успешно и на ефикасен начин во рамките кои се определени со принципите на НАТО сојузот, тогаш овој процес треба да се постави и како составен дел од службената покана од самитот во Прага во 2002 година за прием на Република Словенија во НАТО алијансата. Имено, со тој чин Република Словенија влезе во НАТО клубот за одбранбено планирање.

Република Словенија ги спроведе внатрешните реформи и ја засили дипломатската комуникација. Република Словенија беше во акција. Меѓутоа, со право, акцијата ја направи членка на НАТО.

Меѓутоа, треба да се има предвид дека процесот на реформите на безбедносниот и одбранбениот сектор е континуиран процес кој се спроведува и во овој период.

**Реформите во безбедносниот сектор на Република Словенија**

Во настојувањето да се достигнат стандардите на НАТО, Република Словенија ја направи реформата на безбедносниот сектор. Од овој аспект, особено значајно е да се нагласи дека со реформите безбедносниот сектор на Република Словенија е составен од три основни елементи, и тоа:

***1. одбрана;***
***2. безбедност; и***
***3. заштита и спасување.***

***Првиот елемент*** на системот за национална безбедност е ***одбраната***. Таа е наменета за одвраќање на агресорот и за заштита на независноста, самостојноста и територијалниот интегритет на Република Словенија.

Елементот ***одбрана*** се состои од два сегмента, и тоа:

- ***воена одбрана и***
- ***цивилна одбрана.***

***Вториот елемент*** на системот за национална безбедност е ***безбедноста.***

Овој елемент го сочинуваат државните органи и служби, кои овозможуваат безбедност, отстранување и спречување на сите потенцијални опасности со кои се загрозуваат основните вредности, одредени со Уставот и законите. Овој елемент се состои од следните потсистеми, и тоа:

- ***Министерство за внатрешни работи;***
- ***безбедносни и разузнавачки служби;***
- ***надзорни и инспекциски служби и***
- ***правосудните органи.***

***Третиот елемент е заштита и спасување.***

Овој елемент е наменет за заштита и спасување од природни и други несреќи.

**Реформите во одбранбениот сектор на Република Словенија**

Реформите во одбранбениот систем на Република Словенија започнаа во согласност со Резулуцијата на концепцијата на националната безбедност на Република Словенија и со Законот за одбрана. Според нив, направени се реформи во организациската структура на одбранбениот систем и тој е

наменет за нејзина одбрана од надворешна воена агресија и други насилни активности од страна на странски вооружени сили, насочени кон загрозување на нејзината независност, самостојност и територијалниот интегритет.

Одбранбениот систем на Република Словенија се состои од два дела, и тоа:

***-воена одбрана и***

***-цивилна одбрана.***

***Воената одбрана*** претставува одбрана на државата со оружје и со други воени средства. Воената одбрана ја спроведува словенечката војска.

Во изминатиот период во овој дел се правеа интензивни реформи. Поконкретно кажано, се спроведува рационализација на командната структура до 2010 година треба да се намали воениот состав на околу 14.000 илјади припадници. Од тоа 8000 илјади професионални војници и 6000 илјади резервен состав. Словенечката влада успеа да ги задржи во структурата и да ги модернизира старите тенкови Т-55. Целиот процес на модернизација на тенковите траеше осум години и чинеше 53 милиони евра. Со вакви модернизирани перформанси Словенија доби дозвола од НАТО старото оружје да го вклопи во својата армиска структура. Тоа е позитивен пример, кој треба да се следи. Меѓутоа, другите армии од регионот, вклучувајќи ја и Република Македонија, не издејствуваа модернизирање на орудијата, туку се под постојан притисок да се ослободат од него. Одговорот на прашањето: зошто е тоа така, сигурно треба да го бараме во анализата на политичкиот, стратегискиот и безбедносниот аспект на дилемата, и се разбира одговорот е јасен, се се сведува на парите. Во Република Македонија пари за модернизација немаше. Во изборот помеѓу модернизацијата и уништувањето, ја одбравме поевтината варијанта уништување на тенковите.

Од аспект на оваа анализа за реформите во одбранбениот сектор, може да се предочи дека успешноста на реформите зависи не само од промена во воената одбрана туку и од реформите, во системот на цивилната одбрана.

Затоа, имајќи ја, пред сѐ, во вид комплексноста на процесот на реформи на одбранбениот сектор, условите во кои се изведуваат, како и целите кои треба да се постигнат, особено позитивно може да се зборува за состојбите, промените и намената на системот цивилна одбрана. Затоа еден од предизвиците пред кои беше исправена Република Словенија во однос на одбранбените реформи ќе биде да се класифицираат приоритетите во реформите во делот за цивилна одбрана. Притоа, секако, треба да се имаат предвид претходните достигнувања и искуства во процесот на реформите, особено реформите во безбедносниот сектор и воениот сектор, кои потоа требаше да се вклопат во рамките на цивилната одбрана. Квалитативната

анализа на примарните и секундарните промени во делот цивилна одбрана, укажува на основен заклучок дека цивилната одбрана претставува приоритет во реформите. Во таа смисла, таа претставува збир на мерки и активности на државните органи, органите на локалната самоуправа, стопанството, заводите и другите организации, кои со невоени средства и начини ја помагаат и пополнуваат воената одбрана на државата, истовремено овозможувајќи нормални услови за работа на власта, заштита и преживување на населението во услови на воена состојба.

Доколку се прифати дека процесот на реформи во одбранбениот сектор претставува континуиран процес со цел одбраната на државата да се остварува успешно и на ефикасен начин, тогаш овој процес треба да се постави и како составен дел на вкупните одбранбени реформи во Република Словенија. Ова се однесува, пред се на реформите од организациски аспект на одбранбениот сектор на Република Словенија, според кои одбранбениот систем е сочинет од одбранбена политика, воена одбрана, цивилна одбрана и заштита и спасување.

Како генерална констатација може да се каже дека одбранбената политика на Република Словенија ги опфаќа сите активности на Владата во врска со унапредувањето и остварувањето, со сите средства и инструменти, на сите одбранбени аспекти на националната безбедност на Република Словенија.

Од друга страна, останатите три елементи: воената одбрана, цивилната одбрана и заштитата и спасувањето се тесно поврзани во една целина, и претставуваат единствена организациска структура, со која управува Министерството за одбрана на Република Словенија.

Оттаму, вака формиран или организиран одбранбен сектор во рамките на безбедносниот сектор на Република Словенија во процесот на интеграција во НАТО претставува дел од решението за успешни реформи. Од една страна, реформите во одбранбениот сектор претставуваат дел од одговорот за прием на Словенија во НАТО.

Од друга страна, успешните реформи во одбранбениот сектор се тие коишто треба да претставуваат патоказ за Република Македонија на патот кон реформите и приемот во НАТО.

Во рамките на реформите во одбранбениот систем, исто така не може да не се спомене и успешно оценетата реформа во системот за цивилна одбрана, според која, системот за цивилна одбрана, како основна компонента на одбранбениот систем на Република Словенија, во себе ги инкорпорира следниве потсистемски или системски содржани активности:

- ***стопанска одбрана;***
- ***одбранбени мерки на државните органи;***
- ***психолошка одбрана;***
- ***невооружено спротивставување.***

***Стопанска одбрана***

Првиот потсистем на системот на цивилната одбрана е стопанската одбрана. Таа опфаќа нужни подготовки и мерки за осигурување на материјалните, здравствените и другите потреби на одбранбените, безбедносните и заштитните сили и заштита на населението во случај на војна.

Стопанската одбрана се спроведува кај сите стопански субјекти, кои според одлуката на Владата се прогласени за стопански субјекти од посебен интерес за одбраната.

***Одбранбени мерки на државните органи***

Вториот потсистем на системот на цивилната одбрана се одбранбените мерки на државните органи. Тој опфаќа подготовка на мерки за осигурување и нивно непрекинато работење во услови на војна.

***Психолошката одбрана*** е третиот потсистем на системот на цивилната одбрана.Таа, во прв ред, ги опфаќа подготовките за работа на сите медиуми во услови на војна. Имено, основната активност и е психолошко-пропагандно дејствување во услови на војна против агресорот.

***Невооруженото спротивставување*** претставува четврт елемент, односно четврт потсистем на системот на цивилната одбрана. Ова спротивставување се реализира преку организирано и масовно учество на граѓаните во различни активности, насочени против агресорот и негово оневозможување за контрола на државните институции.

Во рамките на вкупната анализа, поврзана со реформите во цивилната одбрана, исто така, имаше уште еден позитивен пример од аналитички или стручен аспект за реформите во цивилната одбрана во Република Македонија.

***Заштита и спасување***

Може да се констатира дека покрај тоа што со реформските активности заштитата и спасувањето од природни и други несреќи се организирани како самостоен потсистем, таа и понатаму останува под ингеренции на Министерството за одбрана.

Имено, заштитата и спасувањето се организирани како орган во составот на Министерството за одбрана, кој, меѓу другото, располага и со инфранструктура за дејство во случај на несреќи.

Основни задачи на потсистемот заштита и спасување се:

- ***откривање, следење и проучување на опасностите од природни и други несреќи;***
- ***спречување на природни и други несреќи;***
- ***известување, предупредување и алармирање за опасностите, како и давање упатства за заштита, спасување и помош;***

***- образование и оспособување за заштита, спасување и помош;***
***- организирање на цивилната заштита;***
***- самозаштита, самопомош и взаемна помош;***
***- мобилизација на сили и средства за заштита, спасување и помош;***
***- одредување и спроведување на заштитните мерки;***
***- спасување и помош;***
***- отстранување на последиците предизвикани од природни и други несреќи и создавање на основни услови за живот;***
***- надзор во спроведувањето на прописите за заштита од природни и други несреќи;***
***- помош за странски држави во случај на природни и други непогоди.***

Имено, системот за заштита и спасување на луѓето, материјалните и други добра е организиран, пред сѐ, за заштита од природни и други несреќи, а дејствува и во вонредна или воена состојба.

Задачите за заштита и спасување, пред сѐ, се спроведуваат во државните органи, претпријатија, установи и други организации, на кои основна дејност им е заштита и спасување или, пак, индиректно нивната дејност е поврзана со заштитата и спасувањето.Основните задачи и активности за спасување се во надлежност на оперативниот состав на противпожарните организации, Црвениот крст и други хуманитарни организации, планинарските друштва, спелеолошки и други сојузи, како и граѓаните со лична и взаемна самозаштита.

Во случај на масовни или големи несреќи во услови на мир или, пак, војна, се организираат штабови и единици на цивилната заштита како посебни, наменски сили за заштита и спасување. Овие сили се организираат на сите нивоа во државата, во сите реони и во локалната самоуправа.

Штабовите и единиците на цивилната заштита се пополнуваат врз основа на Законот за одбрана. Заштитата и спасувањето во пошироки рамки е во надлежност на штабот за цивилна заштита како стручен оперативен орган.

Доброволните друштва и невладини организации, со одлука на државните органи, активно учествуваат во заштитата, спасувањето и помошта во случај на несреќи.

Исто така, со реформите е овозможено доброволци да учествуваат во заштитата и спасувањето, пред се, во рамките на:

*- доброволните противпожарни сојузи;*
*- Црвениот крст;*
*- планинарските сојузи;*
*- спеолошките сојузи;*
*- кинолошките сојузи;*

- *сојузот на извидниците;*
- *сојузот на радиоаматерите и др.*

Имено, за спроведување на своите активности, цивилната заштита организира :

- *единици за прва помош;*
- *единици за противпожарна заштита;*
- *технички единици;*
- *единици и служби за радиолошка, хемиска и биолошка заштита;*
- *единици за заштита од неексплодирани убојни средства;*
- *служби за одржување и употреба на засолништата и*
- *служби за поддршка.*

Основна констатација од оваа анализа е дека реформите во одбранбениот сектор не можат успешно да се реализираат без да бидат следени со безбедносна, политичка и економска реформа. Кон оваа констатација треба да се додаде дека реформите во одбранбениот сектор ја задоволуваат целта, создаден е економичен, поефикасен, професионален национален одбранбен систем. Во таа рамка и уште поважно, се дефинира неговата улога, цел, организација, функција, задачи и тој се постави во рамки на цивилна и демократска контрола.

Успешно извршени безбедносни и одбранбени реформи во Република Словенија и донесоа членство во НАТО. Оттука, овој пример сметам дека треба да го следат сите држави кои пројавија иницијатива за рамноправно членство во НАТО.

## Заклучок

Во вкупниот корпус подготовки за членство во НАТО, реформите во системот на национална безбедност на Република Словенија имаат високо место, но, од витална важност е политичката и економската рамка во која тие реформи беа во целост вклопени.

Приемот во НАТО е потврда дека Република Словенија е:

- внатрешно стабилна држава, која придонесува кон безбедноста на регионот и пошироко;
- дека е држава во која постои високо ниво на демократија;
- дека во Република Словенија владее правото;
- дека во Република Словенија владее пазарна економија;
- вака организирана држава, значи дека има добро организиран систем на национална безбедност кој може успешно да одговори на новите предизвици;
- се чини, многу значаен е фактот што Република Словенија е позитивен и успешен пример како треба да се направат и завршат реформите во сите сегменти;

- и на крај, Словенија е класичен пример за успешна држава, која релативно бргу го помина патот за евроинтеграција во НАТО и ЕУ.

Сознанијата, недвосмислено, укажуваат дека Република Македонија на патот кон НАТО, треба да го искористи искуството на Словенија.

**ЛИТЕРАТУРА:**


1. Митревска М.,: „Цивилна одбрана”, НИП Европа 92, Кочани, 2003 .
2. Grizold A.,: “Suvremeni sistemi nacionalne sigurnosti”, Sveuciliste u Zagrebu, Fakultet politickih znanosti, 1999.
3. Grizold A.,: „Iskustvo Slovenije s ukljucavawem u NATO”, Casopis za medunarodne odnose, vanjsku politiku i diplomaciju, god.III,br. 4/2003.
4. Збирка на трудови: „ Македонија во НАТО“, Министерство за одбрана, Скопје, 2003.
5. Митревска М.,: Цивилната одбрана во Словенија, Годишен зборник на Филозофски факултет, Скопје, 2003.
6. NATO-Handbook, NATO Office of Information and Press, Brussels, 2003.
7. Митревска М.,: Стратегиска цел и реална потреба, Одбрана, Скопје, 2004.

# ПРЕСТРУКУИРАЊЕ НА ВОЕНАТА ЛОГИСТИКА ВО АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Сокле КОЧОСКИ**
Воена академија "Генерал Михаило Апостолски" - Скопје

**Апстракт:** *Во трудот "Преструктуирање на воената логистика во Армијата на Република Македонија" станува збор за анализа на структурата на логистиката во функција на зголемување на нејзината ефикасност низ организациско – формациското преструктуирање во смисла на обединување на нејзините органи (управнопланските и логистичките командни рамништа) за оптимално користење на нејзините капацитети и ресурси. Посебно внимание му се посвеува на обезбедувањето логистички кадар за потребите на Армијата, како на една од основните логистички функции на воената логистика која се занимава со школување на посебен профил кадри - логистичари специјалисти.*
*Исто така, во трудот станува збор и за побрза преориентација во смисла на надминување на традиционалните мислења и сфаќања кон стручно оспособување на логистичари специјалисти за предвидување и креативно размислување во согласност со стандардите коишто се достигнати и се почитуваат во армиите на земјите членки во колективните системи за безбедност, НАТО алијансата и барањата на идното време 2010 – 2020.*

**Клучни зборови:** *борбена сервисна поддршка, воен потенцијал, здравствена поддршка, логистика, логистичка поддршка, логистичко обезбедување, персонална поддршка, преструктуирање, ресурси.*

# RESTRUCTURING OF MILITARY LOGISTICS IN THE ARMY OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

**Abstract:** *This study "Restructuring of military logistics in the Army of the Republic of Macedonia" analyses logistics structure, increasing of its efficiency through organizational-formational restructuring in terms of unification of their organs (planning and logistic command levels) with ultimate tasks to provide optimal use of its capacities and resources.*

*The special attention is focused on providing of logistics personnel for the army, as one of the basic logistics functions of military logistics, which task is education of specific types of personnel- logisticians specialists.*
*Study also explain the process of faster restructuring in terms of overcoming of traditional thinkings about education and training of logistics personnel, forecasting and creative thinking commpatible with the standards reached and implemented in the armies of the countries members of collective security systems, NATO Alliance and tasks for the future 2010-2020.*

**Key words:** *combat service support, military potential, health support, logistics, logistic support, personnel support, restructuring, and resources*

## Преструктуирање на воената логистика во Армијата на Република Македонија

Преструктуирањето би требало да се сфати како "револуционерно престројување на мислењата и практичното влијание (поради објективните потреби) врз брзото и квалитетно обновување на материјално-техничката база на државата (со тоа и на Армијата), за нејзино подигнување на повисоко рамниште, но и за подигнување на повисоко рамниште на стопанскиот и општествениот развој на земјата воопшто". На мислење сум, дека таквото преструктуирање е неопходно во сите области на општеството, па и во воената област (воената логистика), меѓутоа, тоа би требало да се направи врз основа на претходна објективна процена или солидна претходна економска анализа.

Во врска со изнесеното за преструктуирање на воената логистика би било добро да се одржи симпозиум на логистичари- специјалисти, експерти во областа и раководители со военологистичката проблематика. На таков собир би се изанализира досегашните резултати (вклучувајќи ги и слабостите) и би се изнеле многу мислења за можностите за побрзо преструктуирање, а со вклучување на достигнувањата во структурите на военологистичките институции (логистички единици, команди и установи) би се дошло до оптимална организациско – формациска поставеност на логистиката и забрзување на материјално-техничкиот напредок на научна основа. Исто така, на симпозиумот, учесниците би изнеле и многу мислења во врска со зголемувањето на квалитетот на логистичката борбена обука и ефикасноста на користењето на материјално-техничките и финансиските средства кои што се издвојуваат за потребите на одбраната на земјата, односно нејзината армија.

Појдовната основа за преструктуирање на воената логистика на Армијата на Република Македонија, односно нејзината организација би требало да се засновува врз глобална шема на раководење и командување со Армијата (прво да се даде глобална шема од логистички аспект) и тоа по

рамништа на командување и раководење, а потоа да се даде детален шематски приказ и теоретски основи за сите логистички нивоа (стратегиско, оперативно и тактичко), како на пример[1]:




Имајќи го предвид фактот, дека воената логистика и нејзините елементи (воената логистика со нејзините основни логистички функции[2]) го имаат своето силно влијание врз обуката и подготвеноста на единиците и установите во сите видови, родови и служби на Армијата, неопходно е да се има предвид и

---

[1] Сокле Кочоски, главен истражувач, шемата е изведена врз основа на Научно-истражувачки проект: „Проектирање на модел за логистичко обезбедување на вооружените сили на Република Македонија компатибилен со моделите на ВС на земјите членки во колективните за безбедност - НАТО и ПзМ", Воена академија на РМ, Скопје, 2002 година, стр. 126.

[2] Види пошироко: С. Кочоски, ВОЕНА ЛОГИСТИКА основи на логистичкото обезбедување на армијата"МАГНАТ"- Скопје, 1997 год. стр.61 до 160, и NATO LOGISTICS HANDBOOK, NORTH ATLANTIK TREATY, ORGANIZATION, BRUSSELS, APRIL, 1994.

потребата за што порационално и поекономично користење на средствата кои што се издвојуваат за таа намена. Ваквите барања на воената логистика би требало да се оправдани и да се очекуваат, но тие би можеле да се задоволат само со преструктуирање и забрзан развој на воената логистика.

Од искуството во стручното оспосбување (обуката) на логистичките старешини и нивната работа во трупа може да се заклучи дека е неопходно што побрза преориентација во смисла на надминување на традиционалните мислења и сфаќања, а потоа преминување кон стручно оспособување на логистичари специјалисти за предвидување и креативно размислување во согласност со стандардите коишто се достигнати и се почитуваат во армиите на земјите членки во колективните системи за безбедност, НАТО алијансата и барањата на идното време (2010 – 2020) год.

Ова навистина е неопходно, бидејќи кандидатите за стручно оспособување и усовршување за офицери во Воената академија за логистичките служби на Армијата на Република Македонија во непосредната трупна практика веднаш ќе се сретнат со нова современа воена техника (ново оружје и воена опрема), но и со нов профил на војници професионалци коишто треба да се обучуваат. Во врска со изнесеното треба да се работи на создавање услови за креативно мислење со цел, покрај другото, да се изврши и проверка на постојните прописи, нивно осовременување и иновирање во согласност со современите техничко-технолошки достигнувања и стандардите и критериумите коишто се применуваат во армиите на земјите членки во колективните системи за безбедност и НАТО алијансата.

Исто така, имајќи го предвид изнесеното, неопходно е и преструктуирање и на Воената академија на Република Македонија за таа да продолжи со работа како воена високообразовна и научноистражувачка установа за образование на кадри (вклучувајќи го и логистичкиот) за потребите на Армијата на Република Македонија согласно Законот за Воена академија, Законот за високо образование и Законот за научно-истражувачка дејност, како дејност од јавен интерес.

Оспособувањето на човечкиот потенцијал за одбрана на земјата треба да е и во согласност со актуелната воено-политичка ситуација и со економските можности на земјата. Преструктуирањето и решавањето на високото воено образование има и стратегиско значење, бидејќи тоа го наложува политичката ситуација на нашето опкружување, како и експанзијата на техничко-технолошките иновации во производството на сè посложени, попрецизни и поподвижни убојни средства. Затоа, преструктуирањето на високото воено образование, односно оспособувањето на старешинскиот состав за високо професионално извршување на поставените задачи треба да биде од особен интерес. Што се однесува до преструктуирањето и стручно-специјалистичките

и техничко-технолошките знаења за успешно работење во Армијата, односно учествување во одбраната на земјата во сите видови борбени дејства, мисии во земјата и странство и различни борбени ситуации, треба да се истакне поврзаноста на преструктуирањето со зголемената потреба и важност од високообразовен воен потенцијал.

Изнесеното, покрај зголеменото военостручно образование и практично знаење, ни наложува да им посветиме особено внимание и на нашите борбени и револуционерни традиции, потоа на морално-патриотското и на психофизичкото подготвување на старешинскиот кадар за потребите на Армијата, со цел да се зголеми неговата мотивираност, одлучност, храброст и подготвеност за извршување на задачите. Притоа, треба да имаме предвид дека младите генерации сакаат да живеат во мир, да се занимаваат со поубавите страни на животот и да ги раководат високостручни кадри кои ќе уживаат углед и доверба како кај војниците (професионалците) така и кај народот.

Врз основа на изнесеното, може да се заклучи дека постои логично-методолошка оправданост од преструктуирање, но и од континуитет на воениот образовен и воспитен систем во Воената академија, бидејќи воениот систем на обука треба да е автономен, со сопствени белези, карактеристики и принципи. Исто така, високото воено образование во сите армии во светот е сврзано со воената организација, но е и интегрален дел на високото образование во државата. Претставува постојан и повеќедимензионален процес (низ системот на високото образование, обучувањето и оспособувањето на старешинскиот кадар за родовите и логистичките служби на АРМ од најмладите години), и тоа, како основа за апсорбирање на искуствата вклучувајќи, го и развитокот на воената мисла и наука.

Во Република Македонија имаме добро развиен средношколски систем на образование. Тој навистина може да претставува база за стручно оспособување и обучување професионален подофицерски кадар. Тоа е и базата за запишување на Воената академија за додипломско студирање за некои од родовите на нашата армија и доаѓање до прилив на професионални македонски воени старешини стручно високооспособени во наша Воена академија, со развиена воена мисла, но и со патриотски чувства високо подготвени за работа и продолжување на професионалниот развој во Армијата. Високото образование е базата и за логистички офицерски кадар, што треба да се има предвид при преструктуирањето и стручно оспособување на кандидати со завршен соодветен факултет за соодветна логистичка функција - служба.

## Воената логистика и појдовните основи за обезбедување логистички кадар за потребите на АРМ[3]

При преструктуирањето на воената логистика треба да се има предви и фактот, дека во Република Македонија, а особено во армиската јавност постоеја различни пристапи и толкувања на поимите логистика и логистичко обезбедување и заднина и заднинско обезбедување. Терминот логистика во Армијата на Република Македонија, во военото школство, прво во Установата за обучување на воени старешини во наставниот процес се воведе веднаш по осамостојувањето. Денес во Воената академија на Р. Македонија воената логистика се изучува како специфична научна дисциплина класифицирана во областа на емпириските, со свој **предмет, метод и своја терминологија (јазик).**

Под поимот **ВОЕНА ЛОГИСТИКА** се подразбира военогеографски простор, со луѓето и материјалниот потенцијал, оспособен за материјално обезбедување и здравствено згрижување на армијата во мир и за живот и стопански и други активности на населението во војна.

**ЛОГИСТИЧКО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ** (на армијата во мир, како процес и интегрален дел од економскиот систем), претставува збир на активности, мерки и постапки на МО, генералштабот, командите, секторите, управите, единиците - установите на армијата, и на државните органи, претпријатијата и граѓаните, кои со организирано користење на материјалните извори, производствено - услужните и здравствените капацитети, на армијата во мир и обезбедат поволни услови за живот, работа и подготовка за воени акривности вклучувајќи ја и вооружената борба.

Под поимот **ЛОГИСТИЧКА ПОДДРШКА** се подразбира процес на одржување на материјално техничките средства и снабдување на единиците и нивните борбени системи, со посебно фокусирање на поддршката на единиците за време на изведување на борбени операции.

**Борбената сервисна поддршка** како елемент на воената логистика ја сочинуваат три компоненти: **логистичката поддршка, персонална поддршка и здравствена поддршка.**

**Логистичката поддршка** обезбедува соодветни материјални средства и услуги на армијата за да се осигури успешно извршување на поставените задачи. Логистичката поддршка се реализира преку следните четири функционални области: снабдување, одржување, теренски услуги и транспорт .

**Персоналната поддршка** опфаќа различни функции кои ја поддржуваат замислата на командантот за извршување на задачата на полето на грижата

[3] Сокле Кочоски, главен истражувач, Научно-истражувачки проект: ..., стр.36-48.

за здравјето и состојбата на војникот. Таа ги опфаќа следните функции: персонални и административни услуги, правни услуги, финансиски услуги, поштенски услуги и згрижување на воени заробеници.

**Здравствената поддршка** ги опфаќа третманот, евакуацијата, снабдувањето со медицински материјал и превентивната медицина. Мисијата на здравствената подршка е да се одржи здравствената состојба на живата сила. Главните функции на здравствената служба се: болничко лекување, евакуација, превентивна медицина, лабораториски услуги, стоматолошки услуги, ветеринарни услуги, обезбедување на очила или контактни леќи, резерви на крв за трансфузија, медицински сервис надвор од борбената зона, како и снабдување со медицински материјал, изработка на очила и снабдување со медицинска опрема и медицински услуги.

Основни задачи на борбената сервисна поддршка се единиците да се снабдат со муниција, да се превезат, да се пополнат со гориво, да се изврши поправка на техниката на единиците, да се заштитат единиците за поддршка како и да се изврши “поддршка на војникот”. Секоја од овие задачи е многу тешка, а интеграцијата на сите шест компоненти во една заедничка мисија преставува предизвик за персоналот одговорен за борбената сервисна поддршка. Станува збор за следните функции на борбената сервисна поддршка: снабдување со муниција, снабдување со гориво, поправки, транспорт, заштита на системот и персоналот за борбена сервисна поддршка и поддршка на војникот. “Поддршка на војникот” преставува поддршка на секој војник за одржување на неговата подготвеност и здравје. Станува збор за исхрана, снабдување со оброци, облекување и индивидуална опрема. Ова на војниците им го пружа тнр. полски сервис, служба која според задачите е најблиску до задачите на нашата интендантска служба. Во “подршка на војникот” спаѓаат и капеланските услуги, финансиите и правните услуги.

Борбената сервисна поддршка е интегрален дел на борбените сили на сите ешалони. Борбената сервисна поддршка мора да дејствува во согласност следните принципи: антиципација, континуитет, одговорност и импровизација. Главен фокус на борбената сервисна поддршка е снабдувањето со муниција, гориво, поправки и транспорт, но еднакво значајни се и снабдувањето со другите материјални средства, медицинските услуги и полскиот сервис.

Логистичкото обезбедување и поддршка на армијата е активност на логистичките органи, единици и установи за обезбедување на материјални средства и здравствени услови за живот, работа и обука на единиците во мир, односно за борба во воена состојба. Основни дејности на логистичкото обезбедување и поддршката би можеле да бидат следниве: снабдување со материјални средства, исхрана, водообезбедување, производство, одржување и ремонт, здравствена и ветеринарна заштита, сообраќај и транспорт, градежништво и финансирање.

Логистичката поддршка на единиците е насочена кон создавање на поволни материјални и здравствени услови за живот, работа и борба на единиците. Задачите од доменот на логистичката поддршка ги извршуваат управните и извршните органи за логистиката определени со формација.

За извршување на задачите од доменот на логистиката, начелно сите земји - нивните армии (па и Армијата на Република Македонија) имаат организирано логистички органи, единици и установи, што ја организираат воената логистика и ги реализираат логистичкото обезбедување и поддршката.

Организацијата на воената логистика би требало да се одвива на стратегиско, оперативно и тактичко рамниште (во согласност изнесената глобална шема за преструктуирање), а да ги опфати основните логистички функции: обезбедувањето на логистички кадар; техничкото, интендантското, здравственото (санитетско-ветеринарното), сообраќајното, градежното и финансиското обезбедување; потоа другите видови обезбедувања (мерките на противпожарна заштита, асанацијата на боиштата-теренот, згрижувањето на воени заробеници, борбеното обезбедување и безбедност во логистичките единици); обезбедувањето и обработката на информациите и раководењето, командувањето, управувањето и контролата на логистичките функции.

Со оглед на фактот, дека обезбедувањето логистички кадар за потребите на секоја армија, може да се смета за логистичка функција која се занимава со школување на посебен профил на кадри, логистичари-специјалисти, старешини и граѓански лица, во оваа прилика ќе стане збор за тоа, бидејќи преструктуирањето на воената логистика може да го изврши само високо професионално школуван логистички кадар.

### Обезбедување воено – логистички кадар

Обезбедувањето воено – логистички кадар за потребите на секоја армија, може да се смета за основна логистичка функција, но имајќи ја предвид одбраната на земјата, спектарот на специјалностите кој што таа го бара станува сѐ поширок во сите пори на животот и работата во армиската структура. Поради сѐ посложените операции и современата техника и оружјето наменети за одбрана, таа бара соодветен високо стручен кадар (како родовски така и логистички) со високо диференциран степен на стручно образование во поглед на познавањето на одбраната, не само за задоволување на потребите туку и за оптимизација на одбраната како функција. Тоа може да го понуди само преструктуирана и оптимално организациско – формациска поставеност на управнопланските и извршните органи на воената логистика, подготвени за предвидување и креативно размислување во согласност со нормите, стандардите, критериумите и принципите коишто се достигнати и се

почитуваат во армиите на земјите членки во колективните системи за безбедност како што е и НАТО алијансата.

Сето тоа укажува на фактот дека биле во право оние армии и земји кои се определиле за школување посебен профил на специјалисти логистичари кои ја развиле побрзо воената наука, како стратегијата, оператиката и тактиката, така и воената логистика како посебна научна дисциплина.

**Некои фактори со силно влијание врз обезбедувањето логистички кадар**

Имајќи го предвид фактот дека обезбедувањето логистички кадар може да се смета за една од логистичките функции која се занимава со школување кадар од посебен профил логистичари – специјалисти, тоа значи дека е неминовно преструктуирањето во оваа логистичка сфера. Ова школување станало пракса во сите поголеми армии во светот под разни специјалности и звања, меѓутоа суштината им е секаде иста. На пример: интендндтски кадар може да се школува во воени и цивилни школи и во универзитети за извршување на логистичката функција интендатско обезбедување, според програмите кои ги покриваат знаењата за точно одредена логистичка функција. Со продирањето на логистиката во сите пори на животот и работата во армиската структура, спектарот на специјлностите кои таа го бара постанува сѐ поширок, а и поради сѐ посложените операции логистиката бара и многу различен степен на стручно образование на кадарот во поглед на познвање на логистичкиот процес не само за задоволување на потребите туку и за оптимизација на тој процес. Сето тоа укажува на фактот дека биле во право оние армии и земји кои се определиле за преструктуирање и школување на посебен профил логистичари – специјалисти и кои ја развиле побрзо воената логистика како посебна научна дисциплина.

Може да се заклучи дека на секоја армија, (па и на АРМ) и е потребен логистички кадар – активни воени старешини со средно образование (подофицери) и високо образование (офицери) и граѓански лица профилирани за вршење на широк спектар логистички командирски, командантски и стручно-специјалистички формациски должности во единиците, командите и установите на армијата. Нивното планско и квалитетно школување, оспособување и усовршување е важен предуслов за создавање на тие кадри во сопствената земја, во сопствени училишта и сопствени универзитети, а и во соодветен преструктуиран сопствен военошколски систем, односно во сопствена Воена академија. Притоа, не се исклучува школувањето на определен логистички кадар за специфични или повисоки и ретки формациски должности, веднаш или по завршувањето, односно оспособувањето за логистички воен старешина, во воени школи надвор од земјата.

Покрај останатото, основна цел е, да се обезбеди рационално и економично пополнување на армијата со соодветен квалитетно образован стручен логистички кадар. Бројот на кандидатите за логистички воени старешини на стручно оспособување за подофицери и офицери во логистичките служби во армијата, слушатели во Школата за резервни логистички офицери итн., кои би се школувале за потребите на Армијата во училиштата и на универзитетите во земјата и во Воената академија претставува сегмент на вкупното планирање за обезбедување логистички кадар, односно планирање на логистички кадар како прилив во Армијата во активна воена служба врз основа на одливот по разни основи, треба да претставува основа за преструктуирањето низ дефинирањето на факторите со силно влијание врз обезбедувањето логистички кадар. Се работи за комплексна задача која е појдовна за планирање на квалитативната и квантитативната кадровска компонента, врз основа на однапред поставени барања како врска помеѓу трупата и школството, односно универзитетите и военошколскиот систем, вклучувајќи ја тука и Воената академија.

Доколку треба да се обезбеди неопходен старешински кадар (родовски и логистички) за раководење и командување со единиците и установите на една имагинарна армија, на пример: во воена состојба со приближно 10.000 до 15.000 луѓе или во мирновремена со 6.000 до 8.000 луѓе, се доаѓа до заклучок дека на една таква армија и се потребни околу 2.000 до 2.500 воени старешини (од кои околу 800 офицери и 1.700 подофицери, а од тие околу 40% логистичари-специјалсти)[4] . Напред наведеното ја наметнува потребата за дефинирање на факторите кои влијаат врз определувањето на бројот на кандидати (кадетите, слушателите) што треба стручно да се оспособуваат и усовршуваат (школуваат) со цел пополнувањето на армијата со стручни логистички кадри да биде планско, односно приливот на офицери и подофицери да биде еднаков на одливот ѝ да не се доведе во прашање функција на армијата која и е утврдена со устав. Кога би сакале да ги дефинираме тие фактори, тоа би можеле да бидат следниве: големината на армијата (видовите, родовите и службите односно формациските потреби); нивото на пополна на Армијата со воени старешини; должината на работниот стаж (век) на воените старешини; коефициентот на останување во активна воена служба до полна пензија (поради престанување на службата по разни основи - трајна неспособност и сл.); процентот на осипување на кандидатите-кадетите-слушателите во текот на школувањето.

**Големината на армијата**, како фактор може да се каже дека влегува во редот на примарните фактори, бидејќи со утврдените формациски елементи

[4] Литературата од оваа област е скромна, податоците се земени како пример, цифрите се апроксимативни врз основа на искуствени норми и сознание од експерти во земјата, земјите членки на НАТО и разни семинари одржани во нашата земја од 1993 - 2003 година.

(видовите, родовите и службите, односно формациските потреби), претставува значаен фактор за определување на бројот на кандидати за школување. Тоа е фактор којшто го определува бројот на кандидатите што треба да се школуваат за да се обезбеди кадар за секое логистичко формациско место. Предвидувањето на движењето на формациските потреби за подолг временски период, односно квантификација на влијанието на бројни фактори врз организациско-формацискиот развој на армијата, претставува најсложен процес во вкупното планирање на развојот. Од навременото и квалитетно утврдување на формациските квоти по одредени рамништа и структури зависи успешноста на планирањето на логистичкиот кадар. Треба да се нагласи и тоа дека една армија (како што е и нашата) мора особено да поведе сметка за затекнатиот кадар како фактор со огромно влијание врз почетната квота на кандидати за школување, бидејќи тоа може да предизвика и поголеми промени при определувањето на бројот на кандидати за школување.

**Нивото на пополна на армијата со воени старешини** за определување на бројот на кандидати за школување на логистички кадар како фактор има големо влијание. По правило, ниво од 100% пополна треба да се земе како трајно определение. Секое отстапување од 100% пополна, може да предизвика состојба да нема соодветен логистички кадар за пополнување на армијата.

Пополнувањето на логистичките служби, треба да се нагласи дека може да биде од различни извори, од воени или цивилни училишта и факултети, што зборува за тоа дека треба да се има предвид при димензионирањето на бројот на кандидатите за школување на логистички подофицери и офицери. На пример, додека родовите можат да се пополнуваат со кадри школувани во Воена академија во траење од четири години, службите можат да добиваат кадар школуван во училиштата и на факултетите во земјата и странство, за кој што ќе биде доволно само нивно оспособување и усовршување за подофицер или офицер во соодветна логистичка служба за потребите на армијата во воена образовна институција во земјата или странство. Ова зборува, дека нивото на пополна треба посебно да се има предвид при определувањето за секоја логистичка функција (служба) и редовно да се корегира, за да може бројот на кандидатите на стручно оспособување за логистички воени старешини да биде што попрецизно определен и да бидат опфатени сите релевантни фактори. Со тоа ќе се постигне приливот на логистички кадар во армијата да биде најмалку еднаков на одливот, односно оптимален.

**Должината на работниот стаж** (век) се појавува како фактор со свое влијание врз бројот на кандидати за школување за логистички старешини. Имајќи го предвид бенифицираниот стаж, во пресметките не може да се земе

работен стаж од 40 години, туку од 35 години. Воен старешина кој ќе помине одреден број години на работните места на кои што остварува бенифициран работен стаж, може да стекне во просек пет години бенифициран стаж и за пет години порано да му престане активната воена служба. Постоењето на бенифициран стаж влијае на остварувањето на повеќе варијанти за исполнување на потребниот работен стаж и тоа: 12/12 месеци (се чита: 12 месеци ефективен стаж е и 12 месеци пензиски стаж), 12/14, 12/15, 12/16 и 12/18 месеци. Ефективниот работен стаж во првата варијанта се поклопува со пензискиот, додека во останатите не. Овие модалитети на определен начин го отежнуваат планирањето, бидејќи бараат просечност, затоа што исполнувањето на полн пензиски стаж не значи и престанување на службата (што како појава е присутна и го отежнува планирањето на школување логистички кадар и кај нас).

**Коефициентот на останување во активна воена служба до полна пензија** има силно влијание врз бројот на кандидати за школување за логистички воен старешина и не е занемарлив фактор. Тука се работи за трајната неспособност за активна воена служба, потоа умирање, загинување, одење по барање и сл.. И покрај тоа што во пресметките се оперира со триесет и пет години работен стаж како просек, во сите армии се зема предвид и фактот што определен број воени старешини не успева да ја исполни нормата за пензија, што како фактор влијае на планирањето на бројот на кандидати за школување на логистички кадар за потребите на армијата на универзитетите или во воена академија. Во сите светски армии овој фактор земен како искуствена норма. Одливот (престанување на службата) на логистичкиот кадар се движи од 10-16%, само врз основа на некоја од споменатите причини, пред исполнувањето на условите за одење во пензија. Врз основа на тоа е утврден коефициентот (K=87) на останување на воените старешини во активна воена служба до полна пензија.

Овој коефициент како искуствена норма во сите армии постојано се следи, затоа што на предвремен одлив на кадарот влијаат статусните и системските решенија, можностите за остварување на саканиот развој на армијата, животниот стандард и бројни други фактори кои тешко можат да се предвидат и квантифицираат. Поради овие појави, коефициентот мора повремено да се корегира бидејќи реално влијае врз нивелирањето на приливот и одливот.

**Процентот на осипување на кандидатите** во текот на школувањето, исто така како фактор има свое влијание при определувањето на бројот на кандидати за школување за логистички воен старешина. Во сите армии во светот е познато дека сите кандидати не го завршуваат школувањето.

Процентот на осипување исто така е искуствена норма и во последните години во стопански развиените земји изнесува околу 25%, со тоа што постојат разлики меѓу училиштата и факултетите, па и генерациите во иста воена или цивилна високообразовна институција. Процентот на осипување служи за определување на бројот. Меѓутоа, бидејќи нормата е искуствена и се однесува на изминат период, коефициентот К=75 може да биде само апроксимативен и за генерацијата која доаѓа.

**Техника на пресметување**

Изнесените фактори се со силно влијание врз определувањето на бројот на кандидати за школување логистички кадар. Меѓутоа, за да се изврши точна пресметка, неопходно е да се изнајде техника на пресметување. За постигнување на целта, односно за доаѓање до точна пресметка може да се употреби следната формула:

$$Шк = \frac{ФП \times ПрП}{ЕФСт \times К}$$

каде што: Шк е потребениот број кандидати за школување; ФП се формациските потреби; ПрП е процентот на пополна со воени старешини; ЕфСт е ефективниот стаж, иК=87 е коефициентот на останување на воените старешини во активна воена служба.

Пресметувањето на потребите од активни логистички воени старешини може да се врши на следниот начин. На пример: ФП=800 (околу 300 офицери и 500 подофицери), ПрП=100%, ЕфСт=35 и К=87. Тогаш со примена на дадената формула се добива:

$$Шк = \frac{\mathbf{800 \times 100}}{35 \times 87} = \frac{\mathbf{80\ 000}}{3\ 045} = 26,27 = 26 \text{ кандидати.}$$

Пресметката зборува за вкупниот број кандидати за школување – стручно оспособување за логистички старешини (офицери и подофицери за логистичките служби), од кои околу 40% офицери (или 10) со завршени соодветни факултети и околу 60% подофицери (или 16) со завршени соодветни средни училишта. Исто така, доколку е потребна 100% пополна на армијата со логистички воени старешини, би требало да се земе предвид и осипувањето во текот на школувањето кое може да биде и до 25%. Тоа може да се пресмета по следната формула:

$$Шкп = \frac{Шк \times ПрП}{К} = \frac{26,27 \times 100}{75} = 35,03 = 35 \text{ кандидати,}$$

каде што: Шкп е почетен број кандидати за школување; Шк е поптребен

број кандидати (воени старешини);   ПрП е процентот на пополна со воени старешини и К е коефициентот на осипување во текот на школувањето.

Со изнесената техника на пресметување се доаѓа до заклучок дека со школување би требало да се опфатат околу 35 кандидати (од тоа околу **40% или 14**, на стручно оспособување за офицери за логистичките служби и на стручно оспособување за подофицери за логистичките служби околу **60% или 21** како неопходен број логистички воени старешини за прилив врз основа на одливот.

Наведениот начин на пресметување на бројот на кандидатите за школување може да се примени поединечно за секоја логистичка служба, како и за било кој вид профил на кадри за потребите на армијата или надвор од неа.

Пример: Пресметка на бројот на кандидати за школување за потребите на една логистичка служба (на пример интендантска) на која и се потребни 160 активни интендантски воени старешини. По претходната формула се добива:

$$Шк = \frac{160 \times 100}{35 \times 87} = \frac{16\,000}{3\,045} = 5{,}25 = 5 \text{ кандидати,}$$

за школување, што зборува дека на службата ѝ се потребни 5 интендантски воени старешини годишно, не сметајќи го осипувањето во текот на школувањето. Доколку се земе предвид и осипувањето кое може да биде и до 25%, тогаш со пресметката се добива следното:

$$Шкп = \frac{Шк \times 100}{75} = \frac{5{,}25 \times 100}{75} = 7 \text{ кандидати.}$$

Од изнесеното за соодветната служба може да се заклучи дека годишно со школување треба да почнат околу 5-7 кандидати (од кои 40% или 2-3 за офицери и 60% и 3-4 за подофицери) за да се исшколуваат - завршат околу 5. Меѓутоа, со оглед на фактот, отворање насока за школување - стручно оспособување на кандидати со завршен соодветен факултет 2-3 за офицери (односно 3-4 за подофицери) не е рационално, за оваа служба би било најдобро да се школуваат по 5-6 кандидати за офицери, односнопо 7-9 кандидати за подофицери секоја втора година.

Имајќи ги предвид факторите и нивното влијание врз обезбедувањето логистички кадар, со наведената техника на пресметување може да се пресмета бројот на кандидати за школување - стручно оспособување за логистички воени старешини за секоја логистичка служба. Исто, така наведената техника на пресметување овозможува да се дојде до податок колку логистички кадар треба да се школува како годишен прилив во армијата (за одбраната) врз основа на одливот. Изнесеното доволно зборува за сериозноста на проблемот и пристапот при решавањето на истиот вклучувајќи го и прструктуирањето.

Една од најважните задачи на стручно оспособениот воено логистичкиот кадар на ваков начин е оптимална организациско – формациска поставеност на логистиката или преструктуирањето. Преориентацијата на мислењето на логистичкиот кадар и работата во современата воено логистичка организација се сведува на навремена и објективна анализа и оценка на военологистичката поддршка во реалните услови на економскиот развој, (но и во согласност со развојот), имајќи ги притоа предвид воочените проблеми и патишта за нијзино радикално подобрување. Ова е неопходно да се нагласи поради тоа што економскиот развој на Република Македонија таков, каков што беше во последните десетина години значајно влијаеше на состојбата во логистиката на Армијата. Тоа значи, иако во целина ги задоволуваше потребите, логистиката во бројни случаи наидуваше на сериозни проблеми во врска со бројот и квалитетот на техничките материјални средства за повеќекратна намена, бидејќи усогласувањето секогаш не беше со согласност со потребите на времето. Беше неопходно, задачи од поголем обим да се извршуваат со "помали" сили и средства и "по секоја цена", поради што логистиката во такви околности не обезбедуваше висок квалитет на извршување на задачите. Анализирајќи ја структурата на логистиката во Армијата покажа дека еден од најважните патишта за зголемување на нејзината ефикасност е организациското преструктуирање на логистиката во смисла на обединување на нејзините органи (особено управнопланските и логистичките командни рамништа), со што се овозможува нејзините капацитети и ресурси да се користат оптимално. За да се достигне максимално висок степен на борбена готовност на Армијата, неопходно е логистичките задачи да се извршуваат во целина системски и организирано, со тоа да се обезбеди и економично снабдување, чување и транспорт на резервите, рационално нивно ешелонирање, а времето на доставување до корисникот да биде што покусо.

Со зголемувањето на ефикасноста и квалитетот на логистичкото обезбедување на единиците и установите на Армијата позначајно се придонесува за натамошниот развој на материјалната база, под што се подразбира покрај објектите на логистиката и училишните објекти, објекти за борбена обука, објекти за различна техничка намена итн. Барањата треба да се насочат кон натамошен развој на логистичката инфраструктура, истата да се усогласи со потребите на една мала но модерна армија. Да се зголеми животниот стандард, а воспитувањето и борбената готовност да бидат во согласност со едно радикално подобрување на условите за живот и работа на војниците професионалци, на што во минатиот период не му се посветуваше соодветно внимание.

Решавањето на наведените проблеми би требало да се постави на научна основа, бидејќи треба да се бара максимална унификација, стандардизација и

модернизација на средствата за да се намалат постојните димензии и цени, а во исто време да се зголеми издржливоста и ефикасноста на средставата. Така на пример: на зголемувањето на ефикасноста на воената логистика може силно да влијае контејнерскиот транспорт. Оваа задача треба да се развива и со воведување на единствен контејнерски парк (во рамките на сеармиска логистичка база) за сите видови транспортни средства и средства коишто се користат за пакување и чување на сите видови товар. Од изнесеното ќе произлезе, дека за воведување на контејнерски транспорт е неопходно осовременување на складовите на логистичката база, реконструкција и изградба на пристапни патишта и платформи за автоматизиран прием и испраќање на контејнерски пратки, но и создавање на затворен систем на контејнеризација.

## Заклучок

Од изнесеното за преструктуирањето на воената логистика може да се заклучи дека еден од условите за нејзино преструктуирање претставува стручното оспособување и усовршување на соодветен високопрофесионален логистички кадар којшто би претставувал услов за преориентација во работата (преструктуирање) на суштинските промени во досегашните сфаќања, начин на заклучување, мислење и донесување одлуки. Тоа не е и нема да биде лесно со оглед на тоа што човекот често не е во состојба да се оценува себе непристрасно и му треба многу време за да мисли (размислува) на нов начин. Покрај тоа, треба да се надмине "товарот" од поранешните искуства, ставови, стекнато образование, индивидулани способности и повеќегодишна практика, а низ стручно усовршување да се стекнат нови знаења и да се прифатат стандардите и критериумите што ги наметнува новото време, односно оние коишто се почитуваат во армиите на земјите членки во колективните системи за безбедност Ђ НАТО и ПзМ.

За сето ова да се дистигне, покрај расположениете е неоходен и соодветен напор од секој поеденец, но и организирана работа во воените колективи, особено во високообразовните институции како што е и Воената академија каде што се оспособува логистички кадар подготвен за продор кон нови достигнувања.

## ЛИТЕРАТУРА

1. NATO LOGISTICS HANDBOOK, NORTH ATLANTIK TREATY, ORGANIZATION, BRUSSELS, APRIL, 1994.
2. С. Кочоски, ВОЕНА ЛОГИСТИКА основи на логистичкото обезбедување на армијата,"МАГНАТ", Скопје, 1997 година.
3. С. Кочоски, главен истражувач, Научно-истражувачки проект: Проектирање на модел за ЛОб на ВС на РМ компатибилен со моделите на ВС на земјите членки во колективните системи за безбедност Ђ НАТО и ПзМ, Воена академија на Р. Македонија, Скопје, 2002.

# ПОЛИТИКАТА НА НАЦИОНАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА И НАТО

**Синиша ТАТАЛОВИЌ**
Факултет за политички науки – Загреб

**Апстракт:** *Безбедносната позиција на Република Хрватска е одредена од нејзината понова историја, од нејзината мултирегионална припадност, како и од интеграциските стремежи и перспективи. За разлика од поновата историја, која претставува оптоварувачки фактор на националната безбедност, во најширока смисла на зборот, интеграциските перспективи се единствената историска можност за нејзиното зајакнување и отстранување на сите последици од неодамнешната војна. Со влегувањето на Хрватска во „Партнерството за мир“, националната безбедност се здобива со уште еден дополнителен квалитет, а истовремено и инструментите на безбедносната политика се здобија со нови содржини. Стапувањето во НАТО е една од основните надворешнополитички цели на Хрватска, која смета дека безбедноста и стабилноста најдобро може да се решат со кооперативни и заеднички напори. Националната безбедност на Република Хрватска се темели на начелата и механизмите на колективната безбедност.*

**Клучни зборови:** *национална безбедност, колективна безбедност, евроатланска интеграција, одбранбени сили, безбедносни предизвици.*

# THE POLICY OF NATIONAL SECURITY OF THE REPUBLIC OF CROATIA AND NATO

**Abstract:** *Security position of the Republic of Croatia is determined by its recent history, its multiregional belonging as well as the integration strives and perspectives. Apart from the recent history which represents burdening factor of the national security, integration perspectives are the only historical opportunity for its strengthening and elimination of all consequences of the recent war. By joining the “Partnership for Peace”, national security of the Republic of Croatia acquires another additional quality, and at the same time, the instruments of the security policy have acquired new substances. Joining NATO is one of the primary objectives of the foreign policy of Croatia, which thinks that security and stability can*

*be solved best with cooperative and joint efforts. National security of the republic of Croatia lies on the foundations of principles and mechanisms of the collective security.*

**Key words:** *national security, collective security, Euro-Atlantic integration, defence forces, security challenges.*

## Вовед

Основно подрачје на дејствувањето на НАТО е постигнувањето на меѓународна безбедност. Затоа безбедносната позиција на државата и нејзините безбедносни интереси се главни фактори, кои го определуваат интересот за соработка и зачленувањето во Сојузот. Примерот на новопримените членки, покажува дека безбедноста, односно стабилноста е важен критериум за проценување на подобноста на државата за вклучување во НАТО. Од новите членки се очекува исполнување на критериумите одредени во студиите за проширувањето на НАТО, кадешто е и запишано исчекувањето , идните членки да ги решат споровите со другите држави или внатрешните спорови, по мирен пат, Со тоа им е овозможено зачленувањето во НАТО на земјите со висок степен на безбедност и стабилност. Поради ова, може да се прочитаат и оценките на критичарите дека НАТО реално им овозможува безбедност на државите кои веќе се безбедни, а не на оние со понизок степен на безбедност и со полоша безбедносна позиција.[1]

Безбедносната позиција на Република Хрватска, од гледна точка на нејзиното непосредно окружување е мошне битна, и во тој контекст се очекува дека НАТО битно ќе ја зголеми нејзината безбедност. Во приближувањето и тенденцијата за вклучувањето како полноправна членка на НАТО, од јануари 2000 година до денес се постигнати значајни резултати: Република Хрватска е повикана и вклучена во Програмата "Партнерство за мир" во месец мај 2000 година; во 2001 е отворен процесот на интензивните дијалози на релација Република Хрватска -НАТО, во 2002/2003, успешно е завршен првиот циклус на учеството на Хрватска во Акциониот план за членство, а во октомври 2003 започна вториот циклус. Со вклучувањето во МАП, Акциониот план за членство, Република Хрватска стана кандидат за членство во НАТО, а во завршните документи од Самитот во Прага е наведена како потенцијален кандидат за следниот круг на проширување. Активностите во рамките на НАТО, подразбираа изработка на низа документи, организациски прилагодувања и промени, усвојување низа стандарди, како и значителни напори со кои континуирано се настојува да се постигне што поголема компатибилност и интероперабилност со НАТО и неговите партнерски земји. Во Република Хрватска е во тек целосното преструктуирање на одбранбениот систем, кое има приоритетна цел да развие способни и ефективни одбранбени сили, добро организирани, обучени и опремени за

[1] Bailes L.K. Alison, The Backwash of NATO First Wave: The problems of Usuccessful ,Candidates (and Non-Candidates), vo Cental-Eastern Europe and the Euro-Atlantic Security (2nd Edition), University of Ljubljana, Faculty of Social Sciences, Defence Reasch Center, Ljubljana, 1997.

извршување на доверените задачи. Притоа Република Хрватска не е повеќе сосредоточена само на одбрана од поединечна агресија или директна закана со таква агресија, туку и на различните облици безбедносни предизвици какви што се регионалната нестабилност, глобалниот тероризам, транснационалните криминални активности и слични предизвици, со кои се соочуваат повеќето демократски држави во светот. Основно начело со кое Република Хрватска предничи во развојот на националните одбранбени сили е НАТО интероперабилноста, затоа што квалификацијата за членство во НАТО и унапредувањето на националните одбранбени способности се цели кои меѓусебно се зајакнуваат и со тоа придонесуваат кон регионалната и меѓународната безбедност.

Вооружените сили на Република Хрватска ја применуваат новата организациска структура и ја намалуваат професионалната и резервната компоненета, со што ресурсите ќе можат да се пренасочат на модернизацијата и унапредувањето на способностите.

Поголемиот дел од реорганизацијата и намалувањето на персоналот ќе се доврши во 2004 година. После тоа ќе се преземат дополнителни чекори, а акцентот ќе биде ставен на модернизацијата на вооружените сили.Способноста за мобилност и распоредување на силите (mobility and deployability) ќе добие на тежина, а тоа секако дека ќе бара и одредени зафати во законската регулатива, особено во врска со развојот на професионалните сили, нивното раководење и распоредување. Во согласност со целите и задачите дефинирани во Стратегијата за одбрана, како и со преземените меѓународни обврски, Република Хрватска вложува дополнителни напори за зголемување на своите способности за учество во меѓународните операции. Покрај досегашните активности во набљудувачките мисии и повеќегодишната поддршка на меѓународните операции во регионот, Република Хрватска за првпат учествува во мировна операција на НАТО со целосен воен состав (ИСАФ во Авганистан).

## Аналитичка рамка и одредниците на политиката на национална та безбедност на Република Хрватска

При формирањето на аналитичката рамка, која би се употребила за емпириско проверување на степенот на безбедноста, односно загрозеноста, се земаат предвид теориските одредници. Според нив, степенот на безбедноста е во зависност од изложеноста на државата од индивидуални закани (од нејзината ранливост), исто така е зависен и од моќта на државата и нејзината социјално-политичка кохезивност.[2] Националната безбедност определува два вида дејност, кои произлегуваат од внатрешната политика на државата и од политиката на меѓународната заедница (субрегионална, регионална и/или глобална).[3] Во поглед на видот на дејноста, која ја определува националната

---

[2] Buzan Barry, People, States and Fear, Harvester Wheatsheaf, New York, London, 1991.
[3] Grizold Anton, Evropska varnost, Fakulteta za dru`bene vede, Ljubljana, 1999

безбедност, битно е да се направи разлика помеѓу поимот безбедност, од гледна точка на воената моќ и од гледна точка на сè повеќе присутното поимање на безбедноста, во кое се вклучува економската, културната и политичката моќ. Безбедноста не е само објективна сосотојба, таа има, исто така и субјективна верзија. Вистинските закани не е можно да се измерат, па е можно за некои закани и да не знаеме.[4] Можно е да дојде до извесни претерувања во поглед на значењето на некоја закана или до различни погледи на вистинското значење на некоја закана. Исто така, можно е заканата која е наменета за политичкото водство, да не се доживее на ист начин во јавноста. Тоа укажува на потребата од разграничување на заканите, на оние кои навистина се сериозни, кои ја загрозуваат националната безбедност, од оние кои не се такви. Се поставува прашањето: Кога со некоја закана е можно легитимно да се постапува како со национален безбедносен проблем? Тоа го повлекува и прашањето на политичкиот избор и објективноста. Ако критериумите, според кои некоја закана се класифицира во загрозувачка за националната безбедност, се премногу ниски, тоа може да има негативни последици, кои лесно се нарекуваат параноја, невнимателно трошење ресурси, агресивна политика и сериозни последици на внатрешната политика. Превисоките критериуми за последица може да имаат неподготвеност во случај на сериозна закана.

При емпириската анализа на безбедносната позиција и загрозувањето на безбедноста на Република Хрватска може да се тргне од три збира на показатели: прво, мнението на стручњаците, при што се анализираат научните извори; второ, политичките документи, каде се анализираат соодветните национални документи, во кои е опфатено подрачјето на спроведувањето на безбедноста и јавното мнение, при што се прави посебен осврт на резултатите од истражувањето на јавноста во поглед на перцепирањето на загрозувањето на националната безбедност.

Од гледна точка на окружувањето, како влијае глобалната и регионалната средина на безбедноста на Република Хрватска, може да се констатира дека со окончувањето на Студената војна, и евидентното намалување на оружјето на европскиот континент овозможија да се подобри безбедносната позиција на Република Хрватска во воена смисла. Воениот фактор на загрозувањето на безбедноста, на Република Хрватска, како и на повеќето други држави во Европа, го изгуби некогашното значење. Стремежите при поставувањето на новите безбедносни односи во Европа, во што е вклучена и интеграцијата на двата претходно одвоени дела на Европа,

---

[4] Buzan Barry, People, States and Fear, Harvester Wheatsheaf, New York, London, 1991.

што секако дека има дополнително позитивно влијание врз безбедносната позиција на државата. Меѓу најбитните позитивни ефекти за безбедноста на Република Хрватска може да се вброи и поголемата подготвеност на државата за мирно решавање на меѓудржавните и меѓуетничките судири, како и зголемениот опфат на соработка меѓу државите и мултилатералното решавање на безбедносните проблеми. Сепак воениот фактор во современиот свет претставува само еден од низата фактори на загрозување на безбедноста. Современото одредување на загрозувањето на безбедноста тргнува од петте сектори од кои се јавува загрозувањето: од воениот, политичкиот, социјалниот, економскиот и еколошкиот сектор.

Безбедносното окружување на Република Хрватска зависи од одредени фактори кои имаат пресудно влијание на нејзината сегашна позиција. Пред сè, транзицијата во Република Хрватска кон демократско општествено уредување и пазарната економија, во првите години беше обележана со војна на сопствена територија и во соседната Босна и Херцеговина. Повеќето економски потешкотии и безбедносни ризици, со кои Република Хрватска денес се соочува, повеќе или помалку, се предизвикани токму од наведената околност. Но, исто така, неодминлив е и фактот дека хрватското окружување го сочинуваат и стабилни и консолидирани демократии. Едни се наоѓаат во висок степен на транзиција, непосредно пред стекнувањето членство во Европската унија и НАТО, додека другите се матицата на европските и евроатлантските интеграции.

Осознавајќи го значењето на влезот во европските и евроатлантските интеграции, Република Хрватска и пред 2000 година се обидуваше, на патот кон НАТО, да стане членка на Партнерството за мир, за што службено побара зачленување во Програмата уште во 1996 година. Меѓутоа одговорот на тогашниот главен секретар на НАТО беше дека е "е се уште прерано", но дека барањето активно се разгледува. Во основа, проблемот беше во неподготвеноста на тогашната влада да ги прифати и примени сите демократски стандарди и посебни услови кои во тоа време беа поставувани пред Хрватска. На тогашната криза во системот на националната безбедност и вооружените сили, која беше една од пречките за влез на Хрватска во Партнерството за мир, укажаа повеќе независни истражувачи уште во 1999 година во сеопфатната студија „Хрватската војска 2000: националната безбедност, вооружените сили и демократијата".[5] Со демократските промени

---

[5] Skupina autora, Hrvatska vojska 2000: nacionalna sigurnost, oru`ane snage i demokracija.,Strata istra`ivawa i SDP, Zagreb,1999

на власта по изборите на почетокот на 2000 година ситуацијата битно се менува во позитивна смисла. Истата година Хрватска станува членка на Партнерството за мир и започнува да ги исполнива програмите неопходни за влез во НАТО. Проширувањето на Европската унија и на НАТО за Хрватска претставува најзначаен меѓународен процес. Затоа и пристапувањето кон овие две интеграции е еден од најважните национални цели.

Безбедносната позиција на Република Хрватска е одредена од нејзината понова историја, мултирегионалната припадност, интеграциските настојувања и перспективи. Додека новата историја претставува фактор на оптоварување на националната безбедност, сфатена во нејзина најширока смисла, интеграциските перпективи се единствена историска можност за нејзино зајакнување и за отстранување на сите последици од неодамнешната војна. Со влегувањето на Република Хрватска во Партнерството за мир, националната безбедност се здобива со дополнителен квалитет, а инструментите на безбедносната политика со нови содржини.[6] Билатералните и мултилатералните програми за соработка, кои на Република Хрватска претходно ѝ беа недостапни, со влегувањето во Партнерството за мир станаа важно средство за усогласување на вооружените сили и целиот систем на националната безбедност со највисоките демократски стандарди. Искуствата на НАТО покажуваат дека широко заснованата соработка е најдобриот можен начин за решавање на проблемите кои ја минуваат границата на една земја.[7] Хрватска е свесна за тоа и затоа влегувањето во НАТО за неа е стратешки интерес.

Тргнувајќи од НАТО стандардите, под национална безбедност во Хрватска се подразбира: (1) одредена (достигната или проектирана) состојба на безбедност, (2) функционално подрачје на дејствување на различни безбедносни институции, заедно со вкупните општествени настојувања на полето на постигнување на безбедносните цели, и (3) самите безбедносни институции, поврзани во одреден систем на односи. Во тој контекст, Хрватска настојува да изгради состојба на национална безбедност во која ќе биде осигурана нејзината слобода, суверенитет и територијален интегритет во рамките на меѓународно прифатените аранжмани, човекови права и слободи на нејзините граѓани, политичката и социјална стабилност на општеството, стабилен економски развој во услови на

---

[6] Во 2001 година хрватска учествуваше во 97 активности предвидени во Индивидуалата партнерска програма, како и во 18 дополнителни активности (наречени во Духот ПзМ). Хрватска во наведените години учествуваш е во вкупно 8 ПзМ вежби, а активно беше вклучена и во ПАРП, во чии рамки е изработен и Прегледот на севкупните интероперабилности.

[7] Skupina autora, Hrvatska u 21 stoljecu-nacionalna sigurnost, Ured za strategiju Vlade RH, Zagreb,2001.(www.hvatska21.hr-nacionalna sigurnost str 24

пазарна економија и претприемништво, функционирање на правната држава, внатрешниот ред и личната безбедност на граѓаните, како и здрави и еколошки услови. Во наведената смисла, националната безбедност може да се дефинира како состојба на заштитеност на темелните вредности на општеството и на нив заснованите институции. [8]

За да се создаде правна рамка за нужните демократски промени во системот на националната безбедност и посебно во вооружените сили во 2001 година Саборот ги усвои уставните реформи со кои полупретседателскиот систем е заменет со парламентарна демократија. Претседателот ги задржува поголемиот број овластувања во областите на надворешната и безбедносната политика, но главната политичка моќ му е пренесена на Саборот. Уставот го овозможува и утврдува учеството на вооружените сили и персоналот во меѓународните операции, не ограничувајќи го распоредувањето на странските војници во Хрватска. Покрај тоа, Саборот стана надлежен и одговорен за демократската контрола врз вооружените сили и надзор над безбедносните служби. Организацијата на одбранбениот систем, командниот систем и демократската контрола на вооружените сили се регулираат и со Уставот и со неколку значајни закони за одбрана и во стратешките документи.

Усвојувањето на пакетот стратешки документи и закони на полето на националната безбедност и одбрана треба да се смета за битна претпоставка на реформите на безбедносниот и одбранбениот сектор и приближување на Република Хрватска кон НАТО. Анализирајќи ги овие документи, *Стратегијата на националната безбедност*[9] како концепциски документ предвиден со членот 80 од Уставот е најважен. Преку него, Саборот како врховна законодавна и политичка институција ги изнесува основните политички ставови за базичните прашања на националната сигурност (вредностите, интересите, безбедносните цели и безбедносната политика). Овој документ претставува врв на законодавната пирамида на подрачјето на националната безбедност и политичкоправен извор на понатамошната легислатива. *Стратегијата на одбраната*[10] исто така е пропишана со Уставот. Таа долгорочно ги уредува постојните одбранбени ресурси за одговор на постоечките и можните безбедносни предизвици, ризици и закани. Произлегува директно од Стратегијата на националната безбедност и е основна одредница за сите останати и спроводни акти. *Законот за одбрана*[11] ја утврдува структурата и функционирањето на националната одбрана. Тој ги одредува

---

[8] Srategija nacionalne sigurnosti Republike Hrvatske, “Narodne novine” broj 32/2002.

[9] Srategija nacionalne sigurnosti Republike Hrvatske, “Narodne novine” broj 32/2002.

[10] Strategija obrane Republike Hrvatske, “Narodne novine”broj 33/2002.

надлежностите и должностите на државните органи на подрачјето на националната одбрана, насочувањето, управувањето, командниот систем и цивилната контрола над вооружените сили. Законот за одбрана ги дистрибуира и ограничува овластувањата за насочување на одбраната на највисоко уставно ниво - помеѓу Саборот, претседателот, Владата, министерот за одбрана и Генералштабот.

*Законот за служба во Вооружените сили на Република Хрватска*[12] е статусен закон со кој се одредуваат сите аспекти за служба во вооружените сили – чиновите и нивното доделување, напредувањата и другите статусни прашања. Законот забранува политичка активност на воените лица.

*Законот за производство, ремонт и промет со оружје и воена опрема*[13] овозможува систематски приод во областа на трансфер на оружје. Со Законот се овластува Министерството за надворешни работи за одобрување на секој трансфер, со што се обезбедува усогласеност со законите и со праксата на главните хрватски партнери и сојузници.

И на крајот *Законот за учеството на припадниците на Вооружените сили на РХ, полицијата, цивилната заштита и државните службеници и назначени лица во мировните операции и други активности во странство.*[14]

Наведените документи и закони се темелат на начелото на концептуално и правно уредување на подрачјата на националната безбедност и одбрана. Република Хрватска тргнува од ставот дека во модерно демократско општество националната безбедност мора да биде концепциски и правно уредена област на општественето дејствување. Концепциските и правните решенија треба да бидат рационално осмислени и соодветни на општествените услови и поставените безбедносни цели, општествено праведни и поставени како потпора на демократскиот развој на општеството. Во формална смисла, мора да бидат во согласност со уставните одредби, со нормите на меѓународното право, како и со меѓународните обврски кои во таа смисла ги има прифатено Република Хрватска. Надлежностите и меѓусебните односи на институциите мора да бидат прецизно уредени и доследно спроведувани во пракса.

Преку начелата за остварување на националната безбедност на Република Хрватска е поставена основната концепциска рамка за

---

[11] Zakon o obrani Republika Hrvatske, “Narodne novine”, broj 33/2002

[12] Zakon o slu`ni u Oru`anim snagama republike hrvatske, Narodne novine broj 33/2002

[13] Zakon o proizvodwi, remontu i prometu naoru`awa i vojne opreme, Narodne novine broj 33/2002

[14] Zakon o sudjelovawu pripadnika Oruzanih snaga RH, policije,civilne zastite te drzavnih sluzbenika i namjestenika u mirovnim operacijama i drugim aktivnostima u inozemstvu, Narodne novine broj 33/2002.

организирање и дејствување на наменските институции на националната безбедност, но и на сите други општествени институции и субјекти, кои со своите активности, посредно или непосредно, придонесуваат во изградбата и остварувањето на националната безбедност. Овие начела претставуваат општи критериуми за усогласување и вреднување на достигањата на подрачјето на националната безбедност. Тие се долгорочно поставени, но и се подложни на периодични вреднувања и преиспитувања.

## Стратегија на националната безбедност и одбраната

Хрватскиот Сабор во 2002 година ги прифати двата клучни стратегиски документи-Стратегијата на националната безбедност и Стратегијата за одбрана во кои се содржани целите на националната безбедност и одбранбената политика во согласност со стратегискиот концепт на НАТО. Клучна стратегиска цел на Република Хрватска, според овие документи, е придружувањето на Република Хрватска во Евроатлантскиот сојуз (НАТО) и полноправно членство во евроатлантското семејство на народи кои споделуваат исти вредноси и имаат исти цели. Стратегијата на националната безбедност ги дава основите за развој и воведување на долгорочните цели и го насочува развојот на специфичните среднорочни и краткорочни цели. Стратегијата е насочница за сосредоточено планирање и е примарен документ во развојот на системот на планирање на националната безбедност. Иако од Стратегијата за национална безбедност се очекува да има трајна вредност и употреба, Република Хрватска прави периодична ревизија на овој документ, како и ревалоризација и преуредување на структурата и содржината на подредените документи. Севкупните цели на националната безбедност и одбрана на Република Хрватаска се дефинирани врз основа на националните вредности, моменталните и идните интереси и безбедносни потреби. Општо гледано, примарните цели на националната безбедност на Република Хрватска се следните:

- одржување на суверенитетот и територијалниот интегритет на Република Хрватска со сите нејзини вредност и установи;
- поддршка на слободното и независно општество кое се темели на демократски начела и законска регулатива;
- овозможување безбедност, благосостојба и просперитет на народот;
- употреба на сите средства за одржување на политичката, дипломатска и минимална воена способност, кои се неопходни за да се избегне криза или судир, или - во случај овие средства да потфрлат- да одговори на напад;
- да се осигура способноста за одржување на територијалниот интегритет и да се заштитат сопствените граѓани по пат на национална оспособеност и со

помош на сојузи со други демократски земји кои споделуваат исти вредности;

- да се одржува и прошири поврзаноста со меѓународните и регионални организации и сојузи со слични начела и вредности , и
- да се истрае во настојувањето за стекнување членство во НАТО и во Европската унија како средство кое ја овозможува и придонесува кон националната, регионалната и меѓународната стабилност и безбедност.

Тргнувајќи од така дефинираната политика на националната безбедност, во Стратегијата за одбрана е дефинирана политиката на национална одбрана. Во стратегијата за одбрана се содржани долгорочните политички насоки и општи приоритети во организирањето и остварувањето на одбраната на земјата. Во неа се разгледуваат целите на управувањето со цел да се достигне ефикасност и делотворност на одбаната во секојдневните операции. Исто така, таа се занимава и со организациските и функционални аспекти на Министерството за одбрана и Вооружените сили, во врска со нивните обврски во националната одбрана. Според овие документи, Вооружените сили имаат обврска да развиваат поддршка за меѓународните мировни операции, вклучувајќи ги и хуманитарните и мировни мисии, потрага и спасување и учество во операциите под водство на ОН или НАТО. Стратегијата за одбрана треба да стане стабилно оружје на новиот систем на планирање на националната безбедност и составен дел на усогласеното по НАТО стандарди планирање, програмирање и систем на изработка на буџет кој постојано се развива и подобрува. Таа беше и основата за Воената стратегија , што ја донесе претседателот на Република Хрватска во март 2003 година. Стратегијата за одбрана е одраз на постојните способности и ограничувања наметнати од буџетот, но исто така служи да се истакне кои способности треба да се подобрат. Тоа е рационалната основа за приоритетните вложувања за военото оспособување во фазата на програмирање и изработката на буџетот. Спојувањето на Стратегијата за национална безбедност, Стратегијата за одбрана и Воената стратегија, на Република Хрватска треба да ѝ овозможи цврст логички пристап и да му даде поддршка на прагматичното планирање и изработката на буџетот.

Во остварувањето на националната безбедност Република Хрватска, со основа во наведените документи, битно е начелото на комплексноста и повеќекратната компонентност на националната безбедност, а се засновува на модерниот пристап во поимањето на националната безбедност како резултат на преземените напори во повеќе области од општествената дејност (политичка, економска, дипломатска, одбранбена, научна и техничко-технолошка, внатрешно-безбедносна и еколошка). Општествените настојувања во наведените подрачја се одвиваат во согласност со нивните природа, цели и логика на функционирање, додека во рамките на националната

безбедност ги поврзува заедничката причина за дејство - зачувување и унапредување на националната безбедност- како и заедничките општи цели. Тоа подразбира и разликување на посебни функционални подрачја, односно наменски институции на националната безбедност, кои заради остварување на наведените функции се специфично организирани, во однос на другите подрачја, субјекти и носители, на кои остварувањето на улогите и задачите во склоп на националната безбедност им е само една од дејностите. Меѓу таквите наменски формирани институции и понатака се истакнуваат вооружените сили, разузнавачко безбедносните служби,полицијата, како и посебните раководни тела. Во модерен пристап на националната безбедност тие треба да бидат оспособени за систематско дејствување и престануваат да бидат посебни компоненти на системот на националната безбедност, што сепак не ја намалува нивната клучна улога во системот.

**Политика на вклучување на Република Хрватска во НАТО**

Пристапувањето кон НАТО е едена од најважните надворешнополитички цели на Република Хрватска, која смета дека безбедноста и стабилноста најдобро ќе се постигнат преку коопераративни и заеднички напори. Националната безбедност на Република Хрватска се темели на начелата и механизмите на колективната безбедност. Една од посебните предности на зачленувањето во НАТО, која може да ја искористи Република Хрватска, е можноста за степенувано учество во дејностите на Сојузот, кое е прилагодено на националните можности, потреби, стратегиски определби и националното законодавство.[15] Поради тоа хрватската Влада се определи за создавање блиски воени и политички врски со НАТО, со што се придонесува за безбедноста и стабилноста во евроатлантското подрачје. Стратешкиот концепт на НАТО, усвоен на Вашингтонскиот самит во 1999 година, претставува безбедносна платформа којашто Хрватска ја има прифатено и ја поддржува. Проширувањето на НАТО се смета за значаен чекор во проширувањето на зоната на стабилноста во Европа и на нејзиниот југоисток. Придружувајќи му се на Партнерството за мир и на ЕАПС (Euro-Atlantic Partnership Council) , Република Хрватска се здоби со можност за поинтензивно развивање на односите со НАТО како целина и со одделни држави-членки на Сојузот. ЕАПС е најопфатен трансатлантски политички форум кој на своите членови им дава можност за обликување на безбедносната политика во Европа.

[15] Skupina autora, Hrvatska vojska 2000: nacionalna sigurnost, oru`ane snage i demokracija.,Strata istra`ivawa i SDP, Zagreb,1999 str 267

Република Хрватска смета дека ЕАПС може да одигра битна улога при координирањето на активностите кои имаат за цел да им се спротивстават на новите безбедносни закани како што е меѓународниот тероризам. Подготовките и прилагодувањата во насока на полноправно членство во НАТО мора да бидат систематски, координирани и спроведени на национално ниво.[16] Република Хрватска смета дека процесот МАП (Membership Action Plan) треба да остане средишен механизам за проширувањето на НАТО по самитот во Прага. МАП се покажа како извонредно средство за модернизирање и прилагодување не само на националните вооружени сили туку и на политичкиот систем во целост. Владата се обврза да ги спроведе реформите потребни за постигнување на НАТО стандардите и е уверена дека Република Хрватска како идна членка може да внесе дополнителни вредности во НАТО.

Анализата на релевантните уставни и законски одредби упатува на заклучок дека нема пречка за пристапувањето на Република Хрватска во НАТО, ниту пак за ставање на воените сили на располагање за операции според член 5. од Северноатлантскиот договор и надвор од него. Исто така, Уставот не ја ограничува можноста за давање домаќинска поддршка на НАТО (Host Nation Support-HNS), доколку за тоа се јави потреба. Република Хрватска има големо искуство од изминатото десетлетие во практичните и законодавни аспекти на домаќинската поддршка. Тоа се провлекува од почетоците на УНПРОФОР до актуелната логистичка поддршка на СФОР во Босна и Херцеговина. Меѓутоа, постои уставен услов (член 7 од Уставот) дека употребата на хрватските војници во странство подлежи на одобрување со двотретинско мнозинство од сите пратеници во Парламентот. Исклучок од ова правило се воените вежби кои се спроведуваат во рамките на одбранбените сојузи и организации во кои членува Република Хрватска. Затоа, употребата на воените сили според член 5 на Северноатлантскиот договор треба да се одобри со квалифицирано двотретинско мнозинство гласови во Саборот.

Со влегувањето на Република Хрватска во МАП програмата, започна фазата на интензивирање на контактите на Република Хрватска со НАТО, со цел да се прилагодат вооружените сили на побарувањата на идното членство во Сојузот. Новите партнерски цели кои беа усвоени во 2003 година, како и досегашната соработка во рамките на Партнерството за мир, се насочени

[16] Во јуни 2001 г.Владата на РХ формираше Меѓуресорска работна група за соработка на РХ со државите членки на НАТО и Партнерство за мир, во која беа вклучени претставници од десет министерства на ниво на помошници министри, како и претставници на Кабинетот на претседателот и на Владата. Оваа група го изработи првиот годишен национален план (Annual National Plan-ANP) за 2002/2003 година.

кон овозможувањето  на достигнување на интероперабилноста на Вооружените сили со вооружените сили на НАТО земјите. На ова подрачје може да се очекува значително проширување на обемот и интензитетот на соработката, затоа што целта на МАП е значително поширока од вообичаените активности во рамките на Партнерството за мир. Во рамките на Пртнерството требаше да се постигне интероперабилност со НАТО само во  определен број на состави наменети за партиципирање во меѓународните мисии на поддршка на мирот под водство на НАТО и/или Европската унија, МАП треба да подготви терен за постигнување интероперабилност на Вооружените сили со севкупните НАТО стандарди.

Меѓутоа, и оваа интензивирана  соработка не одговара на прашањето кое ќе биде клучно  не само за остварувањето на хрватското зачленување во НАТО, туку и за нејзината активност по влегувањето во Алијансата. Тоа е прашањето на хрватската специјализација  во рамките на НАТО, односно подрачјата со кои Република Хрватска ќе придонесува во активностите наСојузот. Деловите од Вооружените сили , кои во рамките на Партнерството за мир се подготвуваат за партиципирање во меѓународните мисии за поддршка на мирот ( PSO - Peace Support Operations ) тешко дека ќе го претставуваат конечниот придонес на Република Хрватска во рамките на НАТО, со оглед на економските проблеми во кои во овој момент се наоѓа Република Хрватска. Тешко дека во догледно време ќе може да се очекува брзо оспособување и давање на располагање на НАТО на поголеми воени формации. Тргнувајќи од наведеното, заедно со давањето различни облици логистичка поддршка, Република Хрватска мора да изнајде начини како активно ќе придонесува во активностите на НАТО. Во услови кога не е можно да се издвојат поголеми делови од Вооружените сили за НАТО операциите, единствен можен начин за постигнување на поставената цел е да се развиваат посебните специјалности потребни за идните НАТО активности.

Кон наведениот пристап упатуваат забелешките за промените кои ги има доживеано НАТО по Самитот во Прага, врз чија основа од земјите кои имаат намера да достават барање за членство во Сојузот ќе се бара развивање на одреден вид способности. Исто така, некои земји кои се кандидати за членство во НАТО, после Прага веќе имаат преземено извесни чекори во посочената насока. И пред Република Хрватска се поставува барањето за што пократок временски период да донесе одлука за сопствената специјализираност и во согласност со тоа да започне со разработка и развој на бараните способности. Тоа најверојатно, ќе се одвива паралелно со процесот на намалувањето на бројната состојба на Вооружените  сили, затоа што Република Хрватска не може да си го допушти луксузот на одложувањето на донесувањето на клучните стратегиски одлуки за две до три години.

Недонесувањето на одлука за ова, а и за други праашања(севкупната реформа на безбедносниот и одбранбениот сектор), може да да доведе до тоа Република Хрватска да ја изгуби активната поддршка за влез во НАТО. Меѓутоа, доколку Република Хрватска покаже напредок на патот кон НАТО, преку спроведувањето на потребните реформи на безбедносниот и одбранбен сектор и ги развие одредените специјалности од значење за НАТО, таа ќе стане пожелен партнер и веројатно иден кандидат за членство во НАТО. Од новите и идни членки на НАТО ќе се бара придонес во развивањето на борбените способности на Сојузот, но не преку развивање на големи вооружени сили, туку преку развојот на специјализираните ресурси (специјалните сили, способноста за брзо распоредување на мали состави во операции надвор од територијата на НАТО).

**Реформи во одбранбениот систем и во Вооружените сили**

Република Хрватска започна со сеопфатно реформирање на својот одбранбен систем и Вооружените сили. Република Хрватска започна со овој процес, свесна за промените во безбедносното окружување, намалувањето на одбранбените ресурси, како и за новите меѓународни обврски. Многубројни се прашањата на кои во тој процес ќе треба да се одговори: како да се постигне рамнотежа меѓу управувањето со националната одбрана и придонесот на сопствените сили во меѓународните мировни операции. Треба ли да се изврши прилагодување на воените структури и да им се даде повеќе значење на силите кои се подготвени и способни да одговорат на новите закани. Има ли Република Хрватска добра и оперативна правна рамка за испраќање на своите сили надвор од националните граници или давање поддршка на силите на НАТО на своја територија? Станува очигледно дека после сегашниот процес на преструктуирање на одбранбениот систем ќе следи нова анализа и нови прилагодувања кон идните побарувања и услови. Главните стратегиски задачи на Република Хрватска се сконцентрирани кон влегувањето во НАТО и во Европската унија како заемно поддржани цели. Примарните активности во поддршка на овие цели се темелат на Програмата за работа на Владата во периодот 2000-2004, односно 2004-2008 и се насочени кон зголемувањето на ефикасноста на вооружените сили и постигнување интероперабилност со НАТО, со што ќе се зајакне и зацврсти националната, регионалната и меѓународната безбедност. Како поддршка на националните цели, Република Хрватска пристапи во Програмата Партнерство за мир( ПзП), во мај 2000 година. Со интензивиран дијалог во мај 2001 и со Планот за дејствување за зачленување (МАП) во мај 2002 година, Република Хрватска веќе две години учествува во Процесот на планирање и преглед ПАРП), и до сега има прифатено неколку десетици партнерски цели. Истовремено, Република

Хрватска започна со целосно преструктуирање на одбранбениот систем со цел да се развијат модерни, оспособени, добро обучени и економични вооружени сили. Во согласност со новите задачи и задолженија ( национална одбрана, поддршка на цивилните институции, учество во меѓународните операции) и меѓународните обврски, Република Хрватска планира да вложи дополнителен напор за зголемување на способностите, потребни за учество во операциите под водство на НАТО и давање поддршка на НАТО силите во Хрватска. Едно од основните начела за приближување кон НАТО е интероперабилноста со вооружените сили на државите членки.

Првата фаза на преструктуирањето на одбранбениот систем е довршена: изработени се и усогласени клучните стратегиски документи (Статегијата за национална безбедност; Стратегијата за одбрана; законите што се однесуваат на одбраната, извршните одлуки). Овие документи и програми периодично ќе се анализираат и дополнуваат за да се усогласат со новите планови и документи, моменталните и планираните подобрувања, како и преземените чекори за намалување и реорганизација на Министерството за одбрана и на Вооружените сили. Во тек е процесот за воведување нова организациска структура и развој на новата одбранбена позиција на Вооружените сили, заедно со новата воено-територијална поделба на земјата, а се спроведува истовремено со намалувањето на бројот на војници и програмите на транзицијата. Одбраната како долгорочна задача побарува доследна политичка насоченост и воена оспособеност. Затоа Министерството за одбрана ќе го заврши Долгорочниот план за развој на Вооружените сили до 2015 година и ќе даде јасна визија за улогата на Вооружените сили во светот кој постојано се менува, како и за целта на создавање структура на сили во која зголемувањето на способностите ќе биде поефикасно. Изработката на долгорочниот план за развој на Вооружените сили се темели на потребата од постојано ажурирање на анализите на променливиот стратегиски концепт, преценување на неговото влијание на идните одбранбени потреби, и во согласност со тоа, прилагодување на разработените цели за насочување и планирање. Министерството за одбрана има во план да изработи и студија за професионализацијата на Вооружените сили. Студијата ќе се изработи во соработка со академските стручњаци и цивилните установи, а во неа треба да бидат презентирани придобивките и недостатоците на одржувањето професионална војска (без обврзници) и да се постават темелите за преструктуирањето на Вооружените сили, во случај да се донесе одлука за професионализација. Во текот на 2003 година Република Хрватска продолжи со активностите насочени кон создавање модерен и ефективен одбранбен систем. Реформата на одбранбениот систем напредуваше, првенствено, во поглед на спроведувањето на преструктуирањето на Министерството за одбрана и на Вооружените сили

на Република Хрватска, создавањето услови за поактивна улога на Вооружените сили во меѓународните хуманитарни и мировни операции, како и во поглед на придвижувањето на развојното планирање, програмирање и извршување на пресметките (СППП/ППБС). Променливоста на безбедносното окружување, конкуренцијата на приоритетите при распределувањето на ограничените средства на државниот буџет, сè поголемите побарувања поврзани со меѓународната улога и обврските на Република Хрватска, се препознаваат како фактори кои изискуваат континуирана ревизија и прилагодивање на стратегискиот пристап, организациската структура на одбранбениот систем и неговите плански и управувачки функции.

Досегашната организација на Министерството за одбрана се состоеше од осум сектори, кои со реорганизацијата се намалија на четири управи и Воено-безбедносната агенција како посебна целина. Новоформираните управи ја преземаа главната планска и надзорна функција на бившите сектори, а дел од оперативните функции е пренесен во надлежност на Вооружените сили. Тоа најмногу се забележува во преструктуирањето на службата на Воената полиција која беше составен дела на бившата Управа за разузнавачко - безбедносните работи, која со новата формација стана Управа на Воената полиција во рамките на Генералштабот на Вооружените сили. Сите формациски целини кои извршуваа лпгистички дејности (Управата за стопанисување, Управата за информациска и комуникациска технологија, Управата за опремување и набавки се обединети во единствената Управа за материјалните ресурси, при што во Министерството за одбрана се задржани функциите за планирање, развој и контрола, додека сите оперативни задачи се пренесени во надлежност на Вооружените сили ( посебно треба да се нагласи дека сите нивоа на одржување на техничките средства од сите гранки на Вооружените сили). До структурни промени дојде и во делот на внатрешно-финансиското работење. Од составот на поранешната Управа за финансии и сметководство на Министерството за одбрана, издвоени се подрачни оддели за финансии кои работата во врска со финасиското обезбедување во иднина ќе ја извршуваат како отсеци за финансии при командите на воените состави на Вооружените сили.[17]

Како клучен фактор во настојувањата за што побрзо влегување во НАТО. Република Хрватска развива систем на петогодишно планирање,

[17] Кон крајот на 2003 година бројната состојба на персоналот во Министерството за одбрана изнесуваше 2295, од кои 1522 беа државни службеници, а 767 активни воени лица. Реформите во Министерството за одбрана се уште траат, и треба да се очекува дека со нив, предвидената бројка од 2005 вработени ќе се оствари со прераспределба на персоналот во различни државни агенции.

програмирање и изработка на пресметка кои се темелат на начелата на планирањето, програмирањето и изработката на буџети во НАТО. Во планирањето е постигнат напредок во текот на фискалната 2002 година, како и во изработката на пресметката за 2003 година. Интензивиранаата меѓуресорска соработка ќе ја овозможи потребната контрола и увид во процесите за целосна инплементација на програмите при изработката на пресметката за фискалната 2004 година.

Започнатата реформа на Вооружените сили , започната е и со цел по пат на намалување на персоналот во Министерството за одбранаи вооружените сили да се ослободи дел на средства наменети за операции и одржување, набавки и инвестиции, истражување и развој и друго. Намалувањето на Вооружените сили е основен услов за зголемување на нивните воени способности. Бројноста на персоналот беше несразмерна во однос на бројот на жителите. Предложениот модел за намалување на бројот на припадниците и нивно згрижување, именуван како „Спектра“ ги има следните цели: да се намали бројот на персоналот, заштеда во буџетот за одбрана, подобрување на структурата на персоналот и квалитетно згрижување на вишокот персонал. Моделот за намалување на бројноста на персоналот и згрижување на вишокот вработени се состои од три компоненти:

- здобивање со право за полна старосна пензија по 30, а предвремена после 20 години стаж за активни воени лица;
- преведување на дел од вишокот персонал во резервниот состав(Готова причува);
- спроведување други дополнителни заштитни и поттикнувачки мерки.

Непосредни ефекти од ова се следните: преведување на 14 000 активни воени старешини во резервниот состав во идните пет до шест години ќе значи намалување на бројот на активните воени особи во Воената резерва во наредните пет до шест години ќе значи намалување на вкупниот број на активни воени лица за 42,5% или намалување на вкупниот број на вработени во Министерството за одбрана и Вооружените сили за 32,9%. Ако кон ова се придодаде и бројката од 1399 активни воени лица кои од 2002 до 2007 по редовен законски пат ќе одат во пензија, вкупното намалување на бројот на активните воени лица ќе изнесува 46,4% , во однос на 2001 година. Со тоа се создадени претпоставки за намалување на составот на Вооружените сили за 18 до 20 илјади луѓе. Примената на овој модел со себе носи заштеди ( намалување на давачките за персоналот кој ја напушта службата во Вооружените сили и режиските трошоци), но и нови расходи ( трошоци за згрижување на вишокот персонал).

## Заклучок

Република Хрватска направи важни претпоставки за зајакнување на својата безбедносна позиција и започнување на реформите во вооружените сили. Донесени се основните стратегиски документи и закони од подрачјето на националната безбедност и одбрана. Со нив е овозможено република Хрватска успешно да ја заврши започнатата реорганизација на системот на националната безбедност и одбрана и уште повеќе да се доближи до евроатланските интеграции. Проширувањето на европската унија и на НАТО, како најзначаен меѓународен настан во изминатите години, се доплнителен мотив за Република Хрватска, на само да истрае туку и да ги интензивира започнатите реформи. Иако е една од најважните национални цели на Република Хрватска пристапувањето во наведените интеграции, таа сега за сега е надвор од нив. Декларативно, Република Хрватска целосно ги поддржува вредностите и целите на Евripоската унија и НАТО. Меѓутоа, во пракса до сега не е направелно доволно за Републиката да се квалифицира за полноправно членство. Зачленувањето во Европската унија и во НАТО за Република Хрватска би била единствена можност за јакнење на демократијата, безбедносните позиции, но и економски напредок. Иако може да се тагува по испуштените можности, заради заостанувањето во развојот на демократијата до 2000 година, претстојниот период Република Хрватска сака да го искористи за влегување во европските и евроатлантски интеграции

Доколку Република Хрватска не успее во своите намери во догледно време, тоа значително ќе влијае на нејзината безбедносна позиција, која е определена од поновата историја и од позицијата во регионот. Военото наследство и некои европски тенденции Република Хрватска да се вброи во Западен Балкан, претставуваат дополнителен оптоварувачки фактор на безбедносната позиција. Нестабилноста на дел од окружувањето, кое е на самиот почеток на општествено-економска транзиција, претставува безбедносен предизвик за Хрватска. Меѓутоа таа нестабилност повеќе не е директна безбедносна закана за Република Хрватска. Босна и Херцеговина и понатака се наоѓа под интензивна управна контрола на меѓународната заедница. Србија и Црна Гора, кои во деведесеттите беа главната причина за нестабилноста во регионот, повеќе не се директна безбедносна закана, туку нов економски партнер. Билатералните односи се нормализирани и во наредните години се очекува нивен развој по пат на различни облици на билатерална и регионална соработка. Подигањето на целокупниот простор на Југоисточна Европа во зона на партнерство, стабилност и економски напредок, од Република Хрватска ќе бара поактивно учество отколку во изминатиот период. Исто така, окружувањето на Република Хрватска го сочинуваат стабилни и консолидирани демократии. Унгарија и Словенија од неодамна пристапија или се во процес на пристапување во НАТО и во Европската унија, додека Италија е една од водечките европски НАТО земји. Тоа е значајно за регионалната стабилност на југоистокот на Европа. Овие земји, како соседи на Република Хрватска, може да бидат клучни партнери на Република Хрватска, во секој поглед, како на патот во европските интеграции, така во однос и заедничкото настапување спрема државите на Западен Балкан. Притоа, на Република Хрватска и е од интерес да го поттикнува решавањето на отворените прашања, кои во однос кон овие држави не беа решени во текот на изминатото десетлетие и претставуваат пречка за поинтензивната комуникација и соработка.

Република Хрватска се наоѓа на подрачје од правци преку кои европскиот простор се поврзува со енергетските извори на подрачјето на Азија, правци кои ги поврзуваат економски развиените држави на Западна Европа со индустриски неразвиените, но богати со ресурси подрачја на Источна Европа, како и на подрачје на сообраќајни правци преку кои Средна Европа е поврзана со Средоземјето и Југоисточна Европа. Затоа и се можни судири на интереси во иднина за превладување на овие простори и транзитни правци. Со оглед на позицијата, на безбедносните перспективи на Република Хрватска можните кризи во нејзиното непосредно соседство, како и на поширокото подрачје, може да влијаат негативно. Иако, во овој момент , во непосредното окружување ситуацијата е стабилна, потенцијалните жаришта и понатака опстојуваат. Со распоредувањето на меѓународните воени сили (Босна и Херцеговина, Косово и Македонија), опасноста од воена закана во Регионот, што значи и во Република Хрватска во догледно време е намалена , но не и целосно елиминирана. Во моментов поважни безбедносни проблеми се оние што произлегуваат како последица на негативните појави во прицесот на транзиција, а се однесуваат на пореметувања во економијата, тероризмот, организираниот криминал, корупцијата, илегалната миграција, трговијата со дрога и луѓе, порастот на сиромаштијата. За ефикасни одговори на овие безбедносни проблеми, на Република Хрватска ќе ѝ треба внатрешна стабилност, ефикасен систем на националната безбедност, но и интегрираност во институциите на меѓународната безбедност, особено во НАТО.

**ЛИТЕРАТУРА:**


1. Bailes L.K. Alison, The Backwash of NATO First Wave: The problems of Usuccessful, Candidates ( and Non-Candidates), vo Cental-Eastern Europe and the Euro-Atlantic Security (2nd Edition), University of Ljubljana, Faculty of Social Sciences, Defence Reasch Center, Ljubljana, 1997.
2. Buzan Barry, People, States and Fear, Harvester Wheatsheaf, New York, London, 1991.
3. Grizold Anton, Evropska varnost, Fakulteta za družbene vede, Ljubljana, 1999.
4. Grizold A., Tatalović, S.,Cvrtila, V., Suvremeni sistemi nacionalne sigurnost, Fakultet političkih znanosti, Zagreb, 1999.
5. McInnes,C., (ed), Security and strategy in the new Europe, Rouledge, London and New York,1992.
6. NATO Handbook, NATO Office of Information and Press, Brussels, 2002.
7. Skupina autora, Hrvatska u 21 stoljecu-nacionalna sigurnost,Ured za strategiju Vlade RH, Zagreb,2001.(www.hvatska21.hr-nacionalna sigurnost).
8. Skupina autora, Hrvatska vojska 2000: nacionalna sigurnost, oružane snage i demokracija.,Strata istraživanja i SDP, Zagreb,1999.
9. Srategija nacionalne sigurnosti Republike Hrvatske, "Narodne novine" broj 32/2002.
10. Strategija obrane Republike Hrvatske, "Narodne novine"broj 33/2002.
11. Zakon o obrani Republika Hrvatske, "Narodne novine", broj 33/2002.
12. Zakon o sigurnosnimslu`bama Republike Hrvatske, "Narodne novine",broj 32/2002.
13. Tatalovic, S, Europska sigurnost i nacionalni interesi Republike Hrvatske, Informator, broj 4758-4759, 1999, (Prilog Europska unija, str 6-9)
14. Tatalović,S., ishodisca nacionalne varnosti Republike Hrvaske, Teorija in praksa, broj 3/2002.
15. Tatalović, S., Hrvatska i NATO, Megunarodni problemi,broj 2/2003.

# НОВАТА УЛОГА (УЛОГИ) НА БУГАРСКАТА ВОЈСКА

**Стефан Е. НИКОЛОВ**
Институт за социологија, Софија

**Апстракт:** *Едно од новите важни искуства кои во голема мерка помогнаа да се забрза военатa реформа беше одлуката да се понуди бугарскиот воен персонал за мировните сили на ООН и НАТО. Прва беше бугарската мисија во Камбоџа која придонесе за олеснување и подобрување на тамошната ситуацијата. После Дејтонските договори бугарските трупи беа распоредени во Босна под германска и холандска команда, а подоцна главно, како полициска единица во Косово. Во 2003 година бугарскиот придонес во мировните акции го достигна својот врв со поканата да се приклучи на мултинационалната мировна единица во Ирак. Случувањата поврзани со бугарските елитни сили испратени во Ирак фрла повеќе светлина врз целокупната ситуација во бугарските вооружени сили, повеќе отколку десетте години на воени реформи и особено на самиот праг на зачленувањето во НАТО. Само со научување на сите лекции од мисии како оваа во Ирак може да се очекува реална и рационална полза за идниот развој на бугарската војска наместо од досегашното испраќање само на војска како "топовско месо" во мисии со нејасна цел. Во целина, учеството на бугарските вооружени сили во мировни операции не е имагинарна или второстепена активност, туку дел од добро заснована и намерна политика.*

**Клучни зборови:** *зачувување на мирот, наметнување на мирот, бугарски вооружени сили, воена реформа*

# NEW ROLE(S) FOR THE BULGARIAN MILITARY

**Abstract:** *One of the important new experiences that largely helped to accelerate military reform was decision to offer Bulgarian military personnel for UN and NATO-led peacekeeping forces. First was the Bulgarian mission in Cambodia which contributed for the relief and improvement of the situation there. Only after Dayton agreements Bulgarian troops ere deployed under German or Dutch commandment in Bosnia, and later chiefly policing unit in Kosovo. In 2003, Bulgarian contribution in the peacekeeping reached its apex with the invitation to join multinational peace enforcement force in Iraq. Developments with the Bulgarian elite forces sent to Iraq shed more light on the overall situation in the Bulgarian Armed Forces more than ten years after the military reform was started and in the very eve of joining NATO. Only in learning all lessons from it there will be a real, reasonable benefit for*

*the future development of the Bulgarian military from missions like this in Iraq instead of delivering only a cannon fodder for an unclear cause. As a whole, participation of Bulgarian Armed Forces in peacekeeping and peace-enforcing operations is not a whimsical or a secondary activity, but a part of well-grounded and deliberative policy.*

**Key words:** *peacekeeping, peace enforcement, Bulgarian Armed Forces, military reform.*

Во септември 1945 година, бугарските вооружени сили ја менуваат својата лојалност кон сè уште премладиот цар и сојузниците на нацистичка Германија, со една нова лојалност кон новата светска сила - сталинистичка Русија. Тие дури беа ставени под команда на советскиот маршал Толбукин од Третиот украински фронт. Истите трупи кои до пред неколку дена ја окупираа јужна Србија (која наскоро ќе стане Република Македонија во Федерална Југославија) и двете области од западна Бугарија, кои според Парискаta повелба во 1919 година им беа дадени на тогашното Кралсво на Србите, Хрватите и Словенците, сега требаше да ги ослободат истите територии заедно со југословенските партизани под водство на Тито. Оваа генерално конфузна ситуација каде оние што се бореа меѓу себе сега мораа да соработуваат на фронтовската линија, како што и можеше да се очекува, предизвика многу проблеми и внатрешни конфронтации. Сепак, тоа беше почетокот на комплетна чистка во војската. Регуларни трупи беа приклучувани на единици на бугарските партизани, и секоја единица од вод нагоре доби, како што беше во Црвената армија, заменик командант за политички прашања - или политички комесар - со големи овластувања да го контролира командантот. Во втората фаза од војната, Првата бугарска армија го премина Дунав, се бореше во Унгарија, соочувајќи се на реката Драва со последниот значаен обид на Вермахт да ја преземе иницијативата на Источниот фронт во март 1945 година. Заедно со битките, трупите се оформуваа да станат дел од новите вооружени сили на комунистичка Бугарија. Лојални офицери, кои во минатото биле отпуштени заради противење на прогерманската политика на државата и оние кои на 9 септември заговараа државен удар кој ја донесе на власт комунистичката коалиција, ги заменуваа овие команданти кои беа инволвирани во антигерилски напади и се очекуваше да ја оспоруваат новата власт. Еден обид на министерот за одбрана, генерал Дамјан Велчев, да донесе декрет со кој би ги спасил овие вторите заради нивните воени заслуги, послужи како повод тој да биде заменет со политичкиот емигрант и офицер на Советската армија - генерал Георѓи Дамјанов. Набрзо, воената команда беше пополнета со офицери обучувани во Советската армија, но со бугарско потекло и герилски борци кои набрзина беа обучени во советските воени академии. До 1947/48 година практично целиот воен персонал беше пополнет со луѓе верни на комунистичкиот режим, додека некои офицери од т.н. „стара гарда" беа назначени во воените школи и академии, но ослободени од било какви командни функции. Дури и оние капетани кои им помогнаа на комунистите да ја приграбат власта и беа наградени со генералски чин, беа истерани од активна должност. Многумина, дури и од последните класи на воените школи, ако и не беа осудени и ако избегнале казна со смрт или служеа долга казна затвор, беа лишени од можноста да продолжат со својата професија. Понатаму, беа отпуштени дури и легендарните партизански команданти како Славчо Трнски, Денчо Знеполски и други по основ наројугословенски симпатии

или наклонетост кон партизанска група која не се сметаше за сосема лојална на комунистично раководство во Москва. Со доаѓањето на власт на релативно непознатиот локален активист Тодор Живков, а посебно откога тој ја воспостави својата позиција во 1956-62 година, неговата партизанска единица, Чавдар, стана главен резервоар за кадри за високи позиции во цивилниот и воениот сектор. Со благослов на неговиот учител, советскиот лидер Хрушчов, Живков можеше да ги замени дури и поранешните офицери на советската армија како генералите Михајлов, Панчевски, Кинов и многу други, со лица од внатрешниот антифашистички отпор, пред сѐ лојални лично нему. Така, Тодор Живков, кој како лидер на бугарската Комунистичка партија и шеф на државата беше сменет во ноември 1989 година, создаде воена команда која веројатно беше најверна на комунистичката идеја и на која целосно ѝ се веруваше во Варшавскиот пакт. Поранешниот командант на партизанската единица Чавдар, генерал Добри Ѓуров, кој беше министер за одбрана од 1962 до 1990 година, беше најдолго на оваа позиција во современа Европа. Во негово време, војската стана партнер на тајните служби, во селектирањето на кадрите, за да се избегне влегување на политички, класно и идеолошки „неподобни“ луѓе. За да бидат примени како питомци, потеклото на апликантите беше поважно дури и од резултатите покажани на посебните тестови и физичката кондиција. Овие правила строго се применуваа дури и кога воената професија стана неатрактивна за младите и кога главно момчиња од руралните области одеа во воените школи (со исклучок на Военото воздухопловство и Морнарицата), заради неможност да завршат цивилни универзитети. Анонимно писмо со обвинение на далечен роднина за склоности кон некомунистичка организација во минатото беше доволно да се отпушти надежен млад питомец од школата. Како шаблон, питомецот мораше да биде син на член на герилска група или барем помагач на партизаните, а во најдобар случај член на Комунистичката партија во добра позиција или самиот тој да биде активен член на Комунистичката младина - Комсомол - или на самата Комунистичка партија. Оваа тесна политичка позиција продолжи не само за време на воената школа туку ги следеше и сите чекори во воената кариера. Секоја воена единица имаше организации на Комунистичката младина и Комунистичка партија и нивните бироа го надгледуваа секој офицер и го имаа последниот збор за негово унапредување или испраќање на повисоки воени курсеви. Повремен „неприфатлив“ израз на мислење спрема партијата или меѓународни настани можеа да уништат сечија кариерата. Така, воените офицери мораа да бидат, пред сѐ активни членови на Комунистичката партија (имаше малкумина меѓу офицерите и режиси ниеден помеѓу високиот воен персонал кои не беа членови) и мораше да се одржи баланс помеѓу патриотизмот и просоветската позиција. На крај, освен главната политичка дирекција на вооружените сили, исто така и политичката чистота и лојалноста беа опсервирани од т.н. воен административен оддел во Централниот комитет на Комунистичката партија, предводен од активен генерал.

## 1. Прва мисија во странство

Вака изгледаа вооружените сили кои Бугарија ги наследи на почетокот на процесот на демократизација. Првите преземени мерки беа да се отстранат

партиските организации од касарните и во август 1991 првиот демократски избран претседател, поранешен дисидент Жељу Желев, го започна својот мандат со декрет за деполитизација на одредени категории државни службеници - меѓу нив и војската. Овој чекор беше пречекан со некои опструкции, но генерално беше прифатен. Подоцна Варшавскиот пакт кој веќе стана застарен, беше расформиран. Сето ова му претходеше на дури и порадикални мерки во воената реформа што ја насочи Бугарија на нејзиниот долг пат до иницијативата „Партнерство за мир" и подоцна до полноправно членство во НАТО.

Важен дел од воената реформа беше, прво, реструктурирање и прераспоредување на бугарските вооружени сили и второ, голема редукција на нивниот број, облик и мисии. Моделирани строго според советскиот модел - и служејќи ѝ на советската воена стратегија на т.н. „југоисточното европско боиште" (беше договорено дека во случај на војна бугарските трупи мора да бидат ставени под команда на Киевскиот воен округ на Советската армија) - бугарските борбени единици беа концентрирани по должината на јужната граница спрема можните непријатели, НАТО членките Грција и Турција, додека внатре во земјата, а посебно во северна Бугарија беа распоредени главно задинските служби, воените школи и други помошни единици. Беше предвидено перманентните 105 - 120 илјади војска да се зголемат до повеќе од милион луѓе во случај на масовна мобилизација и тоа за два-три дена. Стрелечките полкови кои се состоеја од три пешадиски баталјони (транспортирани со советски оклопни коли, БМП-60), еден теренски артилериски баталјон, тенковски баталјон и единици за лесна артилерија (минофрлачи), противвоздушна артилерија и извидница беа главните компоненти на кои се сметаше. На прв поглед, ова создаваше впечаток на моќна војска - луѓето во униформа и воените возила, вклучувајќи голем број оклопни возила беа во голема мера видливи. Но, ова беше војска со извонредно комплексен и тром синџир на командување. Повеќето од овие компоненти требаше да одат во организација баталјон-бригада со многу пофлексибилна и мобилна единица. Сè уште има многу нешта што треба да се сторат, особено во поглед на застарената опрема и оружје - но барем половина од патот низ болните промени е веќе изоден и е дел од минатото. Воениот персонал беше намален на 45.000, а поранешната "превртена пирамида" со голем број команден персонал и со преголем број високи офицери веќе станува понормална. Ова беше направено по висока социјална цена - илјадници воени офицери не ги дочекаа годините и стажот за редовно пензионирање, па мораа да ѝ се придружат на армијата на невработени (каде често беа и нивните жени), а затворањето на гарнизоните лиши некои веќе економски слаби локации од веројатно единствениот или важен извор на приход.

Уште еднаш, бугарската армија мораше практично да почне од почеток, оставајќи зад себе како непотребна стара облека скоро сè што беше акомулирано со децении на обука, градење и вежбање. Ваквата задача се појави по трет пат во турбулентниот XX век: првиот пат беше по Првата светска војна, вториот - по Втората светска војна. Сега големата разлика се огледува во фактот што во 20-те години имаше премногу опрема и добро обучени кадри кои требаше да бидат преведени во други полиња на општествена активност, а во втората половина на 40-те години, новите правила безмилосно го заменија целиот воен персонал и високиот и нискиот, со комплетно нова сила, дури и буквално истребувајќи ги оние кои се противеа на новите мерки. Овој пат ситуацијата беше сосема различна. Новиот демократски режим не можеше никако целосно да го замени наследениот персонал со неговиот воспоставен начин на размислување и изглед - персонал, кој беше селектиран и подготвен за сосема различни цели. Нормалниот процес на изградување и промоција на новите питомци и поручници во полковници и генерали трае со години, и тој не може да се забрза без многу ризик па дури и со можност од неуспех. Во исто време, на вооружувањето и опремата веќе им требаше замена како резултат на застареноста и некомпатибилноста со барањата на модерното војување. Сепак, длабоката економска криза уште долго ќе го оневозможи набавувањето на она што и е потребно на една современа војска.

Едно од важните нови искуства кои ги придружуваа промените, и кои во голема мерка помогнаа да се забрза реформата, беше одлуката да се понуди бугарски воен персонал за мировните сили предводени од ООН и НАТО. Бугарија никогаш немала такво искуство во минатото. За време на комунистичкиот период, испраќање трупи во странство дури и за воени вежби беше многу ретко - заради географската локација која бараше преминување преку територии на земји кои не беа дел од Варшавскиот пакт. Во случајот на единствениот соседен воен сојузник, Романија, Чаушеску ги ограничи на минимум активностите поврзани со Варшавскиот пакт. Сепак, во август 1968 година еден бугарски полк беше испратен во тогашна Чехословачка со трупите на СССР, Источна Германија, Полска и Унгарија да учествува во задушувањето на Прашката пролет. Најмалку еден бугарски војник беше убиен тогаш, и тоа останува мисија која е далеку од причина за гордост. Во целина, за време на овој период само на полскиот воен персонал му беше дозволено да учествува во мировни мисии спонзорирани од ООН посебно како набљудувачи - на демаркационите линии помеѓу Северен и Јужен Виетнам, на Кипар, Либан, конфликтот во Газа, итн. Првите бугарски воени набљудувачи беа испратени дури во 1991 година на подалечни места како Таџикистан, Етиопија и Еритреа и иако им недостасуваше соодветно искуство, нивната изведба се сметаше за ефикасна. Претседателот Желев беше ентузијаст да испрати бугарски

медицински и инженерски единици да се придружат на коалицијата за војната во Персискиот залив, но времето се покажа недоволно за нивна подготовка - војната беше завршена со истерување на ирачките окупациски трупи од Кувајт пред Бугарија да биде способна да ги испрати своите војници. Првата голема мисија на бугарските мировници беше онаа во Камбоџа во 1992/93 година, со задача да обезбедат организација на легитимни и фер избори после децении на војни и ужасното владеење на Црвените Кмери. Во тоа време во Бугарија немаше никој со какво било искуство за таква мисија, која уште требаше да се реализира во една премногу далечна, егзотична и непозната земја. Понатаму, Бугарите беа одредени да престојуваат во области далеку од големите градови, во џунглата каде сѐ уште дејствуваа остатоци од Црвените Кмери.

Беше одлучено да се бараат волонтери за експедициската единица. Бидејќи во ова време немаше професионални војници надвор од генералниот регрутен контингент, беа поканети војници и подофицери од резервниот состав. Очигледно, странската експертиза беше многу малку простудирана и применета и многу малку барања и стандарди беа спроведени. Среде евидентната политичка нестабилност во Бугарија, длабоката економска криза, брзиот пораст на невработеноста и исклучително ниските приходи на вработените, првата причина за пријавување за учество во мисијата беше желбата да се дојде до заработка. И така, многу авантуристи беа привлечени со понудата, што подоцна се покажа како фактор кој ја предодреди судбината на првиот тим испратен во Камбоџа. Набрзо се појавија внатрешни конфликти, имаше случаи на непослушност и несогласување, што го загрози извршувањето на тешките задачи. Необичните и за мнозина неочекувано тешки услови - висока температура и влажност, клима премногу различна од бугарската, недостаток од елементарни објекти за лична хигиена и живот - дополнително ја загрозуваа ситуацијата. Неколкумина војници мораа да се вратат назад, а други загинаа во апсурдни несреќи - заради несоодветно користење на оружје, невнимателно возење, итн. Сето ова беше сериозно дискутирано, додека иницијално индиферентното јавно мислење се вклучи во дебатата па почнаа да се слушаат барања за враќање на единицата. Искуството се искористи при испраќањето на втората смена, што резултираше со подобра селекција на персоналот. Бугарската мисија во Камбоџа доби поддршка и совет од личниот претставник на Генералниот секретар на ООН, господин Акаши и шефот на воениот контингент во Камбоџа, генерал Сандерсон, што придонесе и за олеснување и подобрување на тамошната ситуација. Но во тој момент дојде до уште еден удар. Бугарите беа наклонети да одржуваат пријателски односи со локалното население кое често им пристапуваше на војниците со лични барања. Бугарите им помогнаа на селаните во обновувањето на училиштата и школите, давање медицински третмани, решавање на различни прашања. Дури

и лошите Црвени Кмери воспоставија врски на пријателство и доверба со командирите и војниците. Ним им беше дозволено, против прописите но и барањата на здравиот разум, да влегуваат во бугарскиот камп без да го оставаат оружјето на влезот. Една таква посета заврши со престрелка каде скоро дузина Бугари беа убиени или тешко ранети. Сепак, овој трагичен случај не го спречи бугарскиот баталјон од понатамошно исполнување на задачите и особено од придонесување во целосно смирување и организирање на успешни парламентарни избори и мирно преминување на власта на ново конституираните институции на политичкиот систем.

Оставајќи ги на страна сите лоши појави, искуството од Камбоџа беше горчливо и тешко, но клучно за идното учество на Бугарија во мировни мисии низ целиот свет. После завршување на таа мисија, бугарските власти и телата на ООН заклучија дека бугарските мировници во Камбоџа многу добро ги извршија 70 % од задачите кои им беа зададени, особено во однос на подготовките за изборите и разоружување на населението. На бугарската војска ѝ беше оддадено признание од авторитетите на ООН и беа одликувани со медали. Еден од командантите на баталјонот, полковник Стефан Николов[1] подоцна доби чин бригаден генерал и беше поставен за командант на поранешната Втора бугарска армија со седиште во Пловдив, која подоцна беше трансформирана во Сили за брзо распоредување - подоцна Оперативни сили - а неколку од нивните единици станаа први кои беа целосно професионализирани (т.е. се пополнија со волонтери, а не со регрути). Тие заслужија да бидат сметани за целосно подготвени за најразлични борбени задачи според модерните стандарди, но исто така станаа и извор на кадри за наредните мировни мисии во странство. Ветераните од Камбоџа се вратија дома со неколку повреди, посебно ментални (некои подоцна извршија самоубиство или беа неспособни да се вратат на секојдневниот живот), со тропски болести, но и со голема колекција тропски животни - птици, змии и други - кои придонесоа за изложбата во софиската Зоолошка градина. Но, најважно беше нивното теренско искуство, научените лекции кои имаа исклучителна важност за идните мисии во странство.

Преиспитувајќи го ова искуство, беше заклучено дека учесниците за ваквите мисии не само што треба внимателно да бидат селектирани, избегнувајќи какви било предиспозиции за екстремни ментални нарушувања и екцентрично однесување, туку тие мора да доаѓаат од еден единствен извор

[1] Коинциденцијата со името на автарот на овој труд е сосема случајна

- најдобрите меѓу професионалните војници кои служат во елитните единици. Исто така беше заклучено дека генерално и покрај недостатокот на набавки за вооружените сили, посебно внимание треба да се обрне на подобра опрема - вооружување, возила и други средства, но исто така и на облека и обувки - за мисиите во странство. Исто така, беше препорачано дека екстремните климатски и географски услови при распоредување мора да се избегнат, секогаш кога тоа е можно. Овие размислувања излегоа на површина кога во соседна Југославија граѓанската војна се рашири на поголеми територии на Хрватска и Босна и кога институциите на ООН, НАТО и европските институции полека бараа начини за запирање на крвопролевањата. Предлозите за возможно вклучување на бугарски трупи во можни идни мировни мисии наидоа на силно противење посебно од левото политичко крило. Претседателот Жељу Желев се противеше на слични шпекулации плашејќи се од можни идни компликации со народите и земјите од поранешна Југославија. Во основа, и меѓународната заедница во голема мерка беше неподготвена да се справи со вооружен конфликт од таков размер, особено како што беше случајот со егзодусот на Србите и Хрватите, масакрот во Сребреница и на други места во Босна, итн. По Дејтонскиот договор бугарски трупи - главно инженерски специјалисти - беа распоредени под германска и холандска команда во Босна (базата Бутмир кај Сараево), а подоцна (главно полициски единици) и во Косово. Стравувањата за покренување емоции на омраза се покажаа неосновани - Бугарите со нивните професионални способности и дисциплина, но, исто така, и со нивното подобро разбирање на јазикот и менталитетот на балканските народи, се покажаа како корисен дел од мировната мисија во Босна и на Косово. Ова индиректно беше потврдено и со фактот што никој од членовите на воениот персонал не беше убиен ниту ранет. Еден несреќен случај во кој беше инволвиран млад бугарски цивилен експерт на ООН, Валентин Крумов, се случи во Приштина во септември 1999 година. Имено, првата вечер после неговото пристигнување, тој излегол од хотелот да се прошета и никогаш не се вратил. И покрај вклучувањето на авторитети од највисоко ниво од ООН и од бугарска страна, истрагата не пронајде ништо за злосторството. Претпоставките укажуваат дака Валентин бил жртва на својата наивност и неподготвеност за сложената ситуација во поствоено Косово - наводно, бил прашан нешто сосема едноставно како "колку е часот" на српски, на што тој одговорил на истиот јазик, што служело како сигнал за напад.

Интересна конфузија која го открива балканскиот товар на далечното минато, се појави кога за време на една посета во Германија бугарскиот министер за одбрана Свинаров укажа на подготвеноста на бугарските трупи да ги заменат германските единици кои се повлекуваа од Македонија. Лошите

спомени од Втората светска војна, кога Бугарите го имаа под административна управа поголемиот дел од сегашната територија на Република Македонија под германско покровителство, ја одиграа својата улога. Уште пред да бидат преземени било какви практични чекори, таквиот предлог иницираше жолчна дебата, дури и во Парламентот покрај Вардар. Ова беше предупредување за тоа колку може ова прашање да биде чувствително, особено кога инволвира нерешени проблеми од минатото кои не е лесно да се заборават или закопаат. Еден метод за надминување на тие "духови од минатото", како што еден западен автор ја нарече балканската реалност на со векови акумулирана недоверба, предрасуди и конфронтации, беше иницијативата за создавање балканска мултинационална бригада. Во почетокот тоа звучеше како лоша шега или мечтаење - да се соберат на едно место луѓе со длабоки предрасуди и недоверба еден спрема друг, кои се сметаа за заемни непријатели скоро до вчера - Турци и Бугари, или Македонци и Албанци, да споменам само неколку од предизвиците - и, понатаму, да се ставаат во нивни раце пушки! Сепак, проектот се покажа успешен. За првиот термин од ротирачкото распоредување беше избран вториот по големина бугарски град, Пловдив, и реновираните касарни според стандардите на НАТО ги примија механизираните баталјони од Бугарија, Грција, Италија, Романија и Турција и пешадиските чети од Македонија и Албанија, ставени под команда првенствено на турски, а подоцна на грчки генерал (првиот командант на единицата, генерал Зорлу од Турција) подоцна имаше успешен мандат како главен команден офицер на мултинационалните трупи во Авганистан. Во првите четири години, балканските мултинационални сили поминаа целосна обука, зедоа учество во серија воени вежби спонзорирани од НАТО и - што е можеби најважно - се покажа дека првичните стравови беа безначајни и дека балканските земји можат да понудат способна, високоефикасна мултинационална единица која во иднина може да се справи со менаџирање на одредени можни конфликти - внатрешни и помеѓу две и повеќе балкански држави. Сепак, во меѓувреме, веројатно, беше мудро одлучено, дека би било прерано да се користат војници од мултинационалната балканска сила за задачата со која единицата се очекува да се справи во иднина - распоредување во конфликтната зона на некоја балканска земја. Во 2002 година, единицата беше успешно прераспоредена на следната одредена локација - пристанишниот град Констанца на Црното Море. Може да се очекува дека за неколку години таа ќе достигне целосна сила на бригада со персонал помеѓу 2.500 и 4.000 војници зависно од конкретните задачи, и со можно идно вклучување на српски и хрватски единици.

Следниот тест за способностите на бугарските мировници беше распоредувањето на единица за хемиска деконтаминација во Кабул, Авганистан. Со оглед на тоа што таа вклучуваше објект за одржување на

хигиена, таа стана извор на потсмев во бугарските медиуми, кои ги претставуваа нејзините членови како „прислужници на бања“ за тамошните мултинационални сили. Сепак, оваа единица имаше специјални и важни задачи кои беа успешно изведени во времето кога земјата беше растргната од војната. Ова овозможи командантот на мултинационалната бригада да упати покана до бугарското Министерство за одбрана да го зголеми бугарското присуство во Авганистан како дел од мултинационалната сила „Феникс“. Бугарските воени експерти беа назначени да извршат одговорни задачи во изградбата и обуката на новата авганистанска национална армија, вклучувајќи поправка на воена опрема од советско производство (оклопни возила, итн.). Тука, вториот баталјон на третата механизирана бригада беше земен под туторство на тринаесеттата оклопна бригада од Сливен, Бугарија - која има персонал од 18-20 офицери и подофицери постојано одредени да им асистираат на авганистанските колеги во обуката на возачите (вклучувајќи и на тенкови), оддржување и поправка на опремата и вежби со оружје и тактика.

**2. Мисијата во Ирак**

Во 2003 година, бугарскиот придонес во мировните операции го достигна својот зенит со поканата да се приклучи на мултинационалната мировна мисија во повоен Ирак. Силен баталјон со 480-500 луѓе беше сместен во шиитскиот центар на Кербала во централен Ирак под команда на полски персонал. Како што е познато, Полска, една од најновопримените земји-членки на НАТО доби една од трите оперативни зони во Ирак заедно со оние на САД и Обединетото Кралство. Така, според податоците од февруари 2004 година, бугарското распоредување во мисии во странство достигна 841 воен персонал - мажи и жени на трите континенти - Европа, Африка и Азија. Таквиот број на персонал во странство изгледа прилично голем за војска која вкупно брои 45.000 лица. Понатаму, таквиот број го надминува сразмерно бројот на слични контингенти од многу побогати и поискусни земји во овој домен како Норвешка, Белгија, Данска, Чешката Република и Португалија. Иницијално, Бугарија беше нестрплива да прати во здружената команда единица за хемиско војување, веројатно позиционирана во соседна земја на Ирак, за истата да биде вклучена во барањето на никогаш непронајденото оружје за масовно уништување. Сепак, брзото комплетирање на американското и британското присуство и напредување доведе до трансформација на аранжманите - наместо целосно опремена воена единица за спроведување на мирот беше побарана поголема воена единица.

Иако наизглед далечен и туѓ, Ирак е веројатно помеѓу можните природни цели на бугарските интереси и стратешки цели. Бугарија има долг список на добри односи во разни области, вклучувајќи и економска соработка со Ирак

без оглед на политичките режими на двете земји. Многу електрички централи, иригациони системи, инфраструктурни и други објекти во Ирак - помеѓу нив багдадскиот меѓународен аеродром - беа изградени од бугарски специјалисти и работници и според бугарски дизајн. Голем број ирачки високо квалификуван персонал - помеѓу нив членови на сегашната провизорна влада - го завршиле своето образование во Бугарија. За време на режимот на Садам, Бугарија беше домаќин на не толку занемарлива ирачка емигрантска заедница. И на крај, претходниот режим на Ирак имаше неплатен долг кон Бугарија од околу 3 милијарди американски долари, што претставува најголемиот дел на долговите на странски земји кон Бугарија, и што според сегашните услови на тешка економска криза и сопствени долгови кон странски земји и меѓународни институции може да биде основа за надеж за заздравување на Бугарија еден ден.

На 7 февруари 2003 година, бугарскиот Парламент (Народно собрание) одлучи Бугарија да земе учество во операција на Блискиот Исток, распоредувајќи во земја надвор од Ирак (веројатно во Јордан) чета за нуклеарна, хемиска и биолошка заштита. Овој контингент, кој започна со подготовки и обука се состоеше од 145 лица воен персонал по следниот редослед: вод за нуклеарна, хемиска и биолошка заштита, три вода за посебни задачи (деконтаминација), стражарски вод, вод за врски, воена полиција итн. Членовите на единицата беа обучени во 25 релевантни специјалности и беа одобрени да учествуваат во мисијата на 21 февруари 2003 година. Теренската работа продолжи целиот следен месец и на 4 април шефот на државата, претседателот Прванов изврши инспекција на единицата и детално се запозна со целата опрема и техника што беше употребена. Со брзото напредување на британските и американските сили во Ирак во средината на април, стана јасно дека најверојатно трупите ќе треба да бидат распоредени не во соседна земја, туку во самиот Ирак. Беа раширени некои извештаи дека алтернативна единица, исто така, започна со обука, а подоцна Генералштабот потврди дека врз база на четата за нуклеарна, хемиска и биолошка заштита, лесна пешадиска чета започнала со основна обука во просториите на 61-та механизирана бригада Струма, Карлово. Пополнувајќи ја четата со волонтери - професионален воен персонал главно од гарнизоните од Пловдив, Карлово и Стара Загора беше иницирам на 24 април. На 22 мај, Владата донесе решение за учество во ирачката мисија со пешадиски баталјон. Во исто време, на 22-24 мај генерал-полковник Ангел Запранов, заменик началник на Генералштабот зеде учество на конференција во Варшава за повоеното вклучување во Ирак, каде стана јасно дека бугарскиот баталјон ќе биде припоен на тамошната полската дивизија и бригада, кои ќе имаат оперативна зона во централен Ирак. Една недела подоцна, парламентот со 160 гласа „за“ и само 4 „против“ донесе одлука за учество на Република Бугарија во 4-та фаза од операцијата во Ирак,

наречена „Стабилизација и развој", што вклучуваше испраќање на пешадиски баталјон до 500 војници. Повторно беше потврдено дека оваа наменска единица ќе биде пополнета од релевантни волонтери и ќе биде ставена под американска централна команда на мултинационалните здружени оперативни сили. На 2-6 јуни беше одржана втора конференција во Варшава на експертско ниво за да ги одреди зоните на одговорност и распоредување, дислокацијата, инвентарите за транспорт, извидување, итн. За првпат градот Кербала - свето место за шиитските муслимани - беше споменат како идна база за бугарските трупи. На 8 јуни премиерот Симеон Саксобурготски го посети Карлово за да ги утврди подготовките на баталјонот. Тогаш беше објавено дека единицата е пополнета со 413 војници и министерот за одбрана издаде наредба за понатамошно регрутирање на потребниот персонал, специфицирајќи задачи за потребните офицери, подофицери и професионални војници. За време на посетата во Брисел, министерот Свинаров објави дека баталјонот ќе замине за Ирак во август. На 20 јуни бугарскиот воен тим, кој вклучуваше и командантот на баталјонот, потполковник Петко Маринов, ги посети Вавилон и Кербала за да ги провери идните места за распоредување на силите. На 17 јули процесот на сертификација на единицата со траење од една недела беше започнат. На 18 јули претседателот Прванов се сретна со Министерот за одбрана и началникот на Генералштабот, генерал Колев, за да го провери текот на подготовките и логистиката. На 25 јули во Варшава беше потпишан меморандум на бугарско партнерство во операцијата во Ирак. На крајот на јули тип на Ро-Ро брод - во сопственост на Грк, со украински екипаж и под малтешко знаме - беше натоварен со опрема, возила и други релевантни додатоци. На 11 август од аеродромот Крумово близу Пловдив, првата група ренџери отпатува за мисијата во Ирак - вклучувајќи го командирот - што беше проследено со испраќање на останатите групи во наредните два дена. На 26 август на потполковник Маринов му беше предадена позицијата Гувернер на кербалската војска од неговиот американски претходник. Бугарските трупи беа поделени во две бази - Индија и Кило. Како што се знаеше од претходно тие започнаа со патролирање, придружување, заштита на конвои, поставување контролни станици, дистрибуција на фондови, реконструкција на школи, стадиони, градинки, полициски станици, санирање бунари и друга инфраструктура во Кербала и соседните градови Аин Ал Тамур, Ал Форст, Ал Хиндија, и други. Изненадното одбивање на Фиџи да ги испрати ветените трупи за истата мисија им наметна на Бугарите да прифатат додатни задачи.

Поголемиот период од првата смена, бугарската мисија изгледаше ослободена од сериозни несреќи, споредено со другите делови на Ирак, посебно главниот град, Багдад и упориштето на Садам, Тикрит. Навистина, секојдневниот живот беше далеку од идиличен и лесен - напротив, скоро

секојдневно имаше обиди за напади, експлозии, пукање - но без штети за персоналот. Со приближување на времето за ротација се изгледаше дека оди исклучително мазно - оставајќи ја на страна релативно малата епизода на почетокот кога жена војник од медицинската служба имаше мала повреда заради невнимание на друга колешка која испука куршум додека го чистеше пиштолот. Тврдењата дека биле во алкохолизирана состојба беа енергично негирани од Генералштабот, но двата инволвирани војника заедно со нивниот претпоставен - кој се обиде да ја скрие несреќата - беа отповикани дома. Исклучок беше еден доста смешен настан кој ја потврди целосната збунувачка ситуација во повоен Ирак. Градоначалникот на Кербала дојде во Бугарија во официјална посета да преговара за соработка и набавки и беше примен на многу високо ниво за таков државен службеник - вклучувајќи ги премиерот и претседателот. И тука дојдоа ненадејните вести дека градоначалникот ја напуштил својата земја непрописно: му бил издаден нов пасош од Министерството за надворешни работи (како на универзитетски професор, на градоначалникот му беше забрането да патува во странство од режимот на Садам) и тој заминал нормално поминувајќи ги проверките на багдадскиот аеродром, но американските окупациони власти не биле информирани за да издадат формална дозвола. Американците веднаш издале наредба за апсење на градоначалникот, што можеше да ги стави во доста незгодна позиција бугарските власти, но недоразбирањето беше разрешено релативно брзо. На Божиќ, бугарскиот командант на баталјон, потполковник Петко Маринов беше прогласен за „офицер на годината“. И само неколку денови подоцна еден од двата бугарски кампови во Кербала, наречен Индија, претрпи напад (тип камиказе) од камион тешко вооружен со експлозив, кој резултираше со пет убиени бугарски војници и 60 ранети - 20 од нив потешко. Нивната воена база - поранешно училиште набрзина преуредено да одговори на новите потреби и лоцирано во област со густ цивилен сообраќај со автопат, џамија и електрична централа во близина - беше целосно уништена и мораше да се напушти. Истрагата покажа дека, според околностите, бугарските трупи дејствувале крајно професионално, избегнувајќи дури и поголема трагедија, така што никој не беше обвинет на било каков начин за ситуацијата. Сепак, една работа може да се земе за сигурна: иницијалиот пред-распоредувачки тренинг на првиот баталјон за Ирак, за да се исполнат роковите, беше намален на 186 часа (за вториот ротирачки баталјон овој период е 480 часа и за моменталната подготвителна трета фаза се предвидени дури 550-600 часови). Ова е целосно во надлежност на цивилното политичко водство, кое не успеа да ги исполни задачите на целосен надзор заради брзањето да ги промовира своите услуги кон американското и раководството на НАТО. Имајќи ги во вид овие околности, изгледа незрело, ако не и цинично, да се каже (како што тоа го стори министерот

Свинаров) дека бугарскиот контингент во Ирак беше „најподготвениот од сите коалициони сили таму“. Јавното мислење шокорано од неочекуваното пристигнување на ковчезите на пет млади луѓе на самата новогодишна ноќ, не престанува да поставува многу прашања за кои сè уште нема одговори. Како беше можно тоа да се случи? Дали можеше да се одбегне? Дали можеше да се најде посоодветно место за воена база, или барем подобро да се утврдеше кампот? Оваа дебата секако ги надмина чисто експертските мислења, достигнувајќи произволни димензии. Цивилните новинари зграпчија сензација и напишаа неосновани и возбудливи шпекулации - дури обидувајќи се да го обвинат полското командување за наводно испраќање на Бугарите на опасни места или сè уште обвинувајќи ги сојузниците за заговарање со локалните шеици. Таквото размислување доведе до непотребна тензија помеѓу полската команда и бугарската единица и до размена на писма помеѓу бугарскиот претседател и неговиот полски колега. Војниците - од мисијата и оние кои никогаш не биле дел од слични задачи - слободно разменуваа мислења во медиумите кои беа далеку од нивната стручност. Во едно интервју еден капетан рече дека е целосно погрешно да се обидете да воспоставите односи на пријателство и доверба со локалното население - наместо тоа „ние моравме да ги потиснуваме... Ние видовме дека на Арапите не може да им се верува“. Таквиот израз на омраза е, навистина, некомпатибилен со една мировна мисија. Некои поплаки од членовите на мисијата и нивните родители дека војниците испратени таму биле неподготвени за ситуацијата со која се соочиле, исто така изгледаше претерана - треба да се биде доволно свесен дека мисија каде секој учесник добива освен платата, дневница која е приближно еднаква на минималната месечна плата во Бугарија, не може да биде само безбедно патување на егзотични места.

Лекциите од трагичниот инцидент не можат да ги засенат генерално позитивните исходи од првите шест месеци од мисијата. Во целина, може да се опише дека за бугарските мировници, Кербала - провинција со 2.8 милиони жители од кои 700.000 во самиот град - во најголемиот дел од времето остана релативно мирна област, споредена со повеќето други делови на земјата. Некои комплексни ситуации за време на верските обреди на Шиитите - порано забранети од суни режимот - со учество на голем број аџии од другите делови на земјата и странство, вклучувајќи го и Иран - беа одржани доста мирно. Немаше случаи на насилство на локалното население, дури и после нападот што очигледно ја зголеми тензијата. Околу 480 ирачки доброволци беа обучени да учествуваат во цивилниот одбранбен корпус и 4.500 ирачки полицајци почнаа да ги извршуваат своите должности. Беа изградени станици за прочистување на вода, иригациони објекти, 8 училишта и една градинка беа реновирани, а меѓу 34 цивилни згради беа модернизирани и итната служба и акушерска клиника.

Вториот баталјон кој го замени првиот после истекот на неговиот рок ја презеде должноста под сенката на тажниот настан за крајот на претходната група. Овој старт беше обременет со други неуспеси. Во рок од две недели по прифаќањето на должностите, следниот командант потполковник Н. Љуцканов, беше одеднаш разрешен. Официјалната причина беше неспособноста да комуницира на англиски - тој течно зборуваше француски, наместо главниот јазик кој се користеше меѓу сојузниците. Зачудува фактот што едно толку важно прашање останало сокриено и по неколку месеци првични подготовки, проверки и увид во досиејата. Гласините, сепак, откриваат други причини - грубо однесување кон потчинетите, нељубезни изјави за постарите команданти, надзор на односите со полскиот персонал, недостигот на организациски способности... Дури беше речено дека откога дознал за неговото преместување - од приватен бугарски ТВ канал кој се следи во баталјонот, а не на формален начин - тој беше предупреден за можен бунт помеѓу неговите трупи. Вистина или не, овој нов развој откри дека сегашната бугарска војска не е способна да понуди поголем избор на соодветни кандидати за такви компликувани мисии: само 9 офицери од вкупно 4.000 во бугарските копнени сили се сметаат способни да командуваат баталјон, но само двајца од нив - потполковниците Петко Маринов (кој е најперспективниот кандидат за третата група на ротација) и Наско Љуцканов беа ентузијасти да се пријават доброволци за позицијата во Ирак. Еден од замениците команданти беше назначен да го пополни работното место - а неговото досие открива добро познавање на англиски јазик и експертиза во воено разузнавање и штабна работа, но неадекватна пракса во водење на трупите. Овој пат, без дополнителни објаснувања, бугарски командант беше назначен за заменик на воениот гувернер, додека главната позиција му беше дадена на полски офицер. Во меѓувреме, еден војник беше ранет во сообраќајна несреќа, а друг се здоби со повреда на главата како последица на невнимателно ракување со оружјето од страна на негов колега. Повторно, воените власти во Софија беа збунети со контрадикторни изјави и обиди да се одрече важноста на несреќите. Таквото однесување може сериозно да го загрози целосното извршување на мисијата во иднина.

Последните настани со бугарските елитни сили испратени во Ирак фрлија повеќе светло на целосната ситуација во бугарските вооружени сили, 10 години по започнувањето на воената реформа и на самиот праг од зачленувањето во НАТО. Големото намалување на персоналот - само кон крајот на 2003 година, дуги 1000 квалификувани офицери од различни родови поднесоа извештаи дека ја напуштаат воената професија, разочарани од одлуката да се зголеми за 5 години должината на службата потребна за пензионирање. Мерки како овие доведоа до исполнување на планираните

проценки за големината на трупите според познатиот "План 2004", но оставија цели сегменти без соодветен функционален персонал. Понатаму, уште еднаш стана јасно дека интеракцијата помеѓу цивилното раководство на Министерството за одбрана и Генералштабот се далеку од смиреност и сложност. Повторно извесни шпекулации за поставување на Генералштабот под цивилен министер покрена нешто што ја турка назад целата шема на реформата. Воените лидери изгледа, со право се разлутени од фактот дека повеќе од 5000 бирократи вработени од Министерството – речиси 12 пати повеќе од персоналот на Генералштабот што е вклучен во оперативниот менаџмент на трупите - трошат 25% од буџетот за одбрана, кој ја надминува сумата дадена на Морнарицата како вид. Во неговото обраќање, началникот на Генералштабот, генерал Никола Колев (офицер на военото воздухопловство, кој ја помина целата своја кариера во штабна работа без водење дури ни на вод), бараше военото разузнавање да биде пренесено од Министерството во Генералштабот. Сето ова се случи после сериозните расправии за неуспехот на воената истрага да ги дефинира однапред можните закани за бугарските мировници и да предупреди за ова, и на тој начин да помогне за превенција на трагедијата - или, откако началниците таму тврдеа дека биле навремено подготвени и доставиле соодветни проценки за она што може да се очекува, но дека тие, од необјаснети причини, никогаш не стасале до командантите во Кербала.

Според една бугарска поговорка, откако колата ќе се преврти, постојат бројни сугестии како тоа можело да се спречи. И една друга, според која, мали камчиња ја превртуваат колата. Трагичните настани што се случија во Кербала со бугарскиот контингент не се во целост изненадувачки - тоа е бојно поле и имаме војници кои имаат свој избор за професијата, што вклучува животни ризици дури и во мирно време, на стрелиштата и полигоните. Другите единици таму - посебно американските, исто така, имаа многу жртви и загуби во војна без класично бојно поле, каде можеш едвај да го препознаеш непријателот кога секој навидум невин минувач, дури и дете или млада жена, може да носи смртоносен експлозив под облеката. Но, само ако добро се научат лекциите од секојдневните напади, слични случаи може да се спречат или барем ефектите после тоа може да се доведат до можен минимум. Само на тој начин ќе има реална, разумна корист за идниот развој на бугарската војска од мисии како оваа во Ирак. И на крај, ова е единствениот начин да се докаже дека жртвите во Кербала - помеѓу нив некои надежни и добро обучени млади офицери - не загинаа попусто. Тоа е точно она што нивните претпоставени им го должат нив, не само свечената церемонија која беше приредена во централната воена сала во Софија за последно збогум, нешто што може да изгледа лицемерно ако не е проследено со вистинските чекори во иднина.

## Заклучок

Учеството на бугарските вооружени сили во чување на мирот и во мировните операции не е второстепена активност, туку дел од добро заснована и намерна политика. Освен тоа, како што кажа пред извесно време висок службеник на Министерството за одбрана, во контекст на неодамнешното стратегиско милје многу е поверојатно за вооружените сили да бидат користени во рамките на сојузнички и коалициони операции надвор од Бугарија, отколку на нејзината територија. Таква иднина, навистина не значи пад на подготвеноста на вооружените сили да се справат со заканите или негативен ефект во однос на националната безбедност - напротив, тоа е неделив дел од коплексно множество функции и задачи кои треба да се исполнат заеднички и во согласност со други државни тела, институции и структури. Но, тоа исто така има понепосредни и практични ефекти, имено на важното поле на социјалната политика и економија. Слични мисии создаваат или одржуваат работни места бидејќи има многу повеќе луѓе инволвирани во процесот на подготовка, поддршка и нивно снабдување, далеку повеќе од директните учесници. Овие мисии оживееја продуктивни активности на одделите во армиските логистички служби во Калофер, кои за краток рок подготвија нови ефикасни и соодветни униформи за баталјонот во Ирак. Тие се предмет на комплименти, како униформи од највисок квалитет во споредба со оние кои ги користат другите земји, и веќе се преговара за нарачки од странство. Некоја прецизна опрема, вклучувајќи ги и средствата за ноќно гледање беа обезбедени од Оптикоелектон во Панаѓуриште. Меѓу други слични набавки може да се споменат панцирите, иако тие мора да се подобрат после поплаките за тежината споредено со слични делови од странство - и исто така, повторно опремување, адаптација, зголемување на заштитата и повторното вооружување на возилата на располагање на контингентите, што вклучува модификација на машинеријата и опремата од подароците од трупите на САД и други земји. Овие исходи и ефекти, иако дополнителни, не може да се занемарат кога ќе се направи комплетна пресметка на позитивната страна на учеството во мировни мисии во странство.

# НАЈСИЛНО ОРУЖЈЕ ДОСЕГА

**Оливер БАКРЕСКИ**
Филозофски факултет, Институт за одбранбени и мировни студии - Скопје

**Апстракт:** *Врвната технологија, софистицираните компјутерски системи, огромната брзина, убиствената моќ - тоа се само дел од низата атрибути на војните што ќе се водат во текот на овој век.*[1] *Дали може да се измисли нешто уште посовршено? Една анегдота вели дека кога го прашале Алберт Ајнштајн како според неговите предвидувања би се одвивала евентуалната Трета светска војна, големиот научник се замислил за кратко и потоа одговорил: „За Третата не знам, но Четвртата светска војна сигурно ќе се води со стапови“. Денес, на почетокот на XXI век, се чини дека воената технологија и стратегија го достигнале својот врв на развојот. Ова е приказната за тоа како ќе изгледаат војните во блиска иднина.*

**Клучни зборови:** *информациска војна, информациона безбедност, нет војна, сајбер криминал*

# THE MOST POWERFUL WEAPON UP TO NOW

**Abstract:** *Top technology, sophisticated computer systems, huge speed, killing power – are only part from the range of attributes of wars that are being waged during this century. Is it possible to invent something more sophisticated? An anecdote says that when Albert Einstein was asked what course, according to his predictions, would a probable Third World War have the big scientist thought for a moment and answered: "I don't know about the Third, but the Fourth World War will certainly be waged with clubs." Nowadays, at the beginning of the XXI century it seems that the war technology and strategy have reached its peak of development. This is the story of how the wars will look like in near future.*

**Key words:** *information warfare, information security, net warfare, cyber crime*

[1] Списание: „Форум“, Форумпринт, Куманово, Година II, број 31, 12.03-25.03.1999, 37

Во делото на Arthur Waley „Три начини на размислување во древна Кина“, Chuang Tzu, вели:“... „Таму каде што постојат мудри изуми постојат и добри перформанси, а каде што има мудри перформанси, таму има мудри срца. Оној во чија душа лагата се замаглува со првобитната невиност на неговата природа, тој го нарушува мирот во својата душа...“

## Вовед

Во развиениот свет, има голем број услуги и погодности кои станаа основни за она што се смета „нормален живот“. Повеќето од нив се очигледни, како што се финансиските и итните услуги, како и јавниот транспорт.

Секогаш кога општеството има култура на отвореност и транспарентност, многу информации за овие важни инфраструктури се достапни и на мрежа. Точната физичка локација на многу **Интернет теми на размена** се во јавниот сектор и ова ја прави многу потешка работата на персоналот кој работи на безбедноста.

Работата за обезбедување на информациската безбедност во важните инфраструктури бара соодветна владина рамка.

Визијата за големиот број луѓе кои одржуваат врска помеѓу стратегиското постигнување на социјална и политичка сила е визија на иднината. Тоа е визија каде на културниот, на филозофскиот и на комерцијалниот пазар луѓето можат да стапат во интеракција со општеството на истомисленици и истовремено да ја израмнат својата пазарна моќ со светските социјални вредности.

Ние се соочуваме со револуционерен период во областа на комуникацијата. Интернет е потенцијал за изградба на алтернативна економија, која може да значи централизација или децентрализација на финансиската моќ. Ние не смееме да чекаме, ниту светот, ниту земјата. Мора да продолжиме да се движиме низ светот, да се среќаваме на виртуелните седници и да соработуваме за да ги оствариме нашите заеднички интереси. Интернет несомнено е игра на новиот живот. Треба само да се научат правилата кои постојано се менуваат.

Евалуацијата на моќта на малиот играч е многу поголема и покомплицирана. Тогаш постои едноставна димензија на брзина. Се што е мало е убаво, особено ако е во функција да чекори пред времето. Компјутерската брзина на комуникација, размена на искуства на големи далечини е квалитет многу корисен за големите централизирани институции.

Може да се претпостави дека компјутерски базираната комуникација претставува најмоќно средство кое води кон светска глобализација, а тоа значи напуштање на мрежната експанзија од централно контролирани транснационални корпорации и движење кон ново политичко, ново економско и ново социјално живеење.

Како резултат на штотуку разбудениот здружен свет во сферата на Интернетот, потенцијалот на овој медиум подразбира трошење на стотици милиони долари за маркетинг иницијативи. Уште повеќе дерегулацијата на медиумската индустрија им дозволи на одреден број здруженија да доминираат во ширењето на информациите. Додека без напор влијаат врз нашата способност за комуникација преку Интернет

мрежата, овие транснационални гиганти активно работат на развој и контрола на технологии кои крајно ќе го „затворат" Интернет просторот во многу поорганизирана и профитабилна област на дејствување.

Во трудот се содржани повеќе аспекти кои се однесуваат на информациската војна како нов проблем за повеќето држави во светот и неколку видувања на воениот и кибернетскиот аспект за овој доста значаен и сложен феномен.

## 1. Информациска војна

Новите алатки и технологии за комуникација создадоа потенцијал за нова форма на психолошка војна до степен кој може само да се замисли. Оваа нова форма на војна е позната под поимот „Информациска војна". Секоја стратегија од овој тип, би вклучила чиста доктрина и политика која по електронски пат дознава како воените сили стекнуваат, употребуваат, создаваат, дистрибуираат и проектираат знаење.[2]

Информациската војна претставува релативно нов и доста широк поим. Информациската војна е централен национален проблем во XXI век. Денес може да се каже дека потполно не е возможно да се контролира и искористува секоја информација. Многу од сегашните технолошки достигнувања можат да се искористат за планирање и реализација на национална инфо-војна.

Штом разбраа дека современиот свет се претвора во информација, САД создадоа теорија за информациската војна. Воените и цивилните институции кои се занимаваат со тоа прашање никнуваат секојдневно во САД. Секој ден технологијата овозможува нова примена и развиените општества мора да се прилагодуваат толку брзо зошто ширењето на информацијата стана моќно оружје со политичка и со економска моќ. Од таа револуција како што потенцирал Давид Боуден се роди концепцијата за „Доминација на информациите", според која е можно да се загосподари со средината ако постои господарење над информацијата.[3]

Концептот „Информациска војна" вклучува психолошки операции насочени кон напад на емоциите, мотивите, објективното резонирање и однесувањето на другите. Секоја експанзија би се одразила во еден вид еволуција од традиционален начин на војување во насока на водење војна од информациски карактер.

Додека првите војни биле водени за освојување на територии, вториот бран војни се карактеризира со борба за доминација и освојување на

[2] Alvin & Heidi Toffler, *War and Antiwar: Survival at the Dawn of the 21st Century* (Boston: Little, Brown & Co., 1993), 141.

[3] Пошироко види: В.Волков, Дезинформација, Наш дом, Београд, 2001, 206

производните капацитети, третиот бран војни ќе бидат војните за знаење, односно освојување на интелектуални капацитети и нивно контролирање.

Во моментов, не постојат голем број дефиниции за информациската војна. Може да се каже дека сè уште идејата за ваков вид војна не го достигнала потребното внимание на воените и политичките аналитичари.

Во основа, информациската војна претставува офанзивна и дефанзивна употреба на информации и информатички системи за да се искористат, поткупат, искриват и уништат информациите и системите за информирање на противничката страна, со истовремена заштита на сопствените информации и системи.[4]

Во компјутерскиот жаргон за овој вид војна се користат повеќе термини. Оттука, војната чие оружје е информацијата можеме да ја наречеме: мрежна војна „netwar“ или „cyberwar“. Остра граница помеѓу овие различни типови војна нема. Тие се испреплетуваат меѓу себе користејќи исти средства за постигнување различни цели, или користејќи различни средства за постигнување иста цел.[5]

Интересни се согледувањата на Jean-Francois Tacheau за разликите меѓу економската војна и информациската војна. Така, истражувањата за информациската војна се детерминирани од три аспекти:

- дознавање;
- спречување на другиот да дојде до некое сознание;
- насочување на другиот да дојде до лажно сознание.

Од друга страна Intelco (Defence Council International) разликува:

- војна за информации;
- војна низ информации;
- војна против информации.[6]

### 1.1. Информациска (не)безбедност

Како што различните компоненти на информациската технологија (компјутери, мрежи и софтвер) станаа инструменти, тие презедоа три улоги на информациска безбедност:

---

[4] Види: В.Волков, Дезинформација, Наш дом, Београд, 2001, 206-207

[5] Интересни размислувања во врска со оваа војна обработуваат John Arquilla и David Ronfeld во нивниот текст “Cyberwar is Coming!”. Нивните сугестии овозможуваат почетната размислувачка точка за испитување на исходите од евентуална информациска војна.

[6] Пошироко види: В.Волков, Дезинформација, Наш дом, Београд, 2001, 207

- инструменти кои извршуваат информациски офанзиви;
- оружја;
- цели на напад

Типичните офанзиви против компјутерските системи вклучуваат измама, одбивање на пристап и кражба на информација, или како резултат на шпионажа или со намера тенденциозно да се искористи како што е примерот со кредитните картички.

Користењето на информациската технологија како инструмент, исто така, има долга историја која започнува во Втората светска војна кога раните компјутери беа употребени да ги пробијат шифрите употребени за **енкрипција**[7] на воените комуникации.

Употребата на информациската технологија како оружје е најочигледна кога е комбинирана со друг вид оружје како што се проектилите, за да се обезбедат со додатни перформанси како што се идентификација на цели и зголемена навигација. Лоша шифра, софтвер дизајниран да извршува функции кои ќе се мешаат со операцијата на компјутер или на мрежата, како што е софтверски вирус или др. се најновите манифестации на „оружја“ со значително економско влијание.

**1.2. Главни закани по информациската безбедност на денешницата**

Како главни закани по информациската безбедност се јавуваат следните, по ред на сериозност:

1. Сајбер-тероризам;
2. Сајбер-организиран криминал;
3. Информациска саботажа (од надворешни или внатрешни структури);
4. Сајбер-криминал (од надворешни или внатрешни структури);
5. Сајбер-хулиганизам (од надворешни или внатрешни структури).

*Сајбер тероризмот* е значаен потсистем на сајбервојувањето и е многу потежок во откривање и спротивставување, бидејќи речиси е неможно да се определи политичката припадност или спонзорите на неговите извршители. Сајбер војувањето е насочено кон информациите и информативните системи

[7] Енкрипција претставува процес во кој пораката наречена „cleartekst“ се трансформира во друга порака наречена „Ciphertekst“ користејќи математички функции и специјален енкрипциски passfort наречен клуч.

Дескрипција претставува реверзибилен (обратен) процес во кој „ciphertekst“ se трансформира во „cleartekst“ користејќи математички функции и клуч.

што даваат поддршка на цивилните и воените структури на противникот. Можноста за енормно нарушување на националните компјутерски системи и можноста да го загрозат нормалното пулсирање на општествениот живот, како и опасностите за масовно загрозување на животите на луѓето придонесуваат терминот „сајбер тероризам“ да биде окружен со чувство на страв и завиткан со велот на мистериозност.[8]

*Сајбер-организиран криминал.* Технолошките пронајдоци се брзо експлоатирани за лични цели. Информациските и комуникациските технологии не се исклучок од тоа, а лажните и антисоцијални активности се постојано во подем.

Најновите примери говорат за употреба на сајбер-просторот за перење пари, измама со кредитни картички, уцена, порнографија, педофилија и коцкање. Дел од овие активности успешно можат да се прикриваат во сајбер-просторот. Најголем број држави во светот немаат изградено адекватна легислатива за справување со ваквите активности.

*Информациската саботажа* на еден суптилен начин влијае на интегритетот на податоците во системот. Прост пример би бил модификацијата на една или повеќе формули по што резултатите, иако возможни, се неточни. Ако ова би се направило во пресметките за гориво кое е потребно за интерконтинентален лет, тоа може да доведе до значителна непријатност и забуна, ако не и до несреќа. Играњето со социјалната безбедност или данокот може да доведе до хаос ако не биде откриено на време.

*Сајбер-криминалот* се разликува од сајбер-организираниот криминал во различни делови и тој вклучува:

–напад на достапноста, доверливоста и интегритетот на компјутерските податоци и системи;   и

– напади поврзани со компјутери (вклучувајќи фалсификат, кршење на авторските права итн.).

## 2. Воен аспект (Нет-војна)

Нет-војната претставува социјален идеен конфликт воден со помош на Интернет комуникациски модели. Тоа е војна на идеите и епистемологијата: што се знае и како се знае.

---

[8] Поширoко види кај: Котовчевски М., Современ тероризам“, Македонска цивилизација, Скопје, 2003, 248

Целта на оваа војна е човечкиот ум. Пример за еден ваков вид војна е Студената војна. Нет-војната може да значи повеќе од вообичаен меѓудржавен конфликт. Таа најчесто е оружје на многу вонвладини организации, кои не функционираат во служба на државите.

Нет-војната вклучува политички пропаганди и психолошки кампањи, кои имаат за цел покривање на компјутерската и медиумската мрежа со прикриени агитации, што претставува предворје на милитарната форма на војната. Таа е спектар на политички, на економски и на социјален конфликт. За разлика од економската војна, која е насочена кон производството и кон дистрибуцијата, политичката се стреми кон преземање на лидерската позиција врз институциите битни за власта, нет-војната својот напад го насочува кон информацискиот и кон комуникацискиот систем.[9]

На прв поглед Нет-војната може да изгледа како нов термин на веќе позната пропаганда. Не можеме веќе да се потпреме на теоријата дека ограничувањето на пропагандата функционира.

Од тука војната чие оружје е информацијата или Нет-војната (мрежна војна), како што уште и се нарекува претставува поле каде што податоците интерпретирани на овој или оној начин го имаат главниот збор. Таа е обид да се влијае врз автоперцепцијата на нацијата или на мислењата на светот за неа, а тоа е прилично добра подлога за реализација на некои други интереси.[10]

Денешните техничко-технолошки достигнувања кои комбинираат живи учесници и компјутерски генерирани видео графики можат многу лесно да генерираат виртуелна конференција, самит, па дури и битка на бојното поле која егзистира низ ефектите, а не низ фактите. Старите видео записи можат да се рекомбинираат на секаков можен начин и да го предизвикаат саканиот ефект. Во тој случај сликите ќе вредат колку 1000 тенкови.

Секоја дискусија во врска со информациската, со нет-војната или со сајбер војната и обид таа да се контролира од страна на воените сили мора да ја има предвид содржината и природата на моралот на комуникација во плуралното демократско општество. Тоа е прашање кое мора да биде консултирано секогаш кога овие типови војна ќе се употребат за реализација на пошироки цели и интереси.

Целта на секоја стратегија не е создавање хаос. Целта е воспоставување ред и контролирање на непријателската командна или предизвикување однапред планирани реакции од спротивната страна. Конфликтот постои за да се добие решение на нешто, а не да не се реши ништо.

---

[9] Бакрески О., *Сајбер војна*, списание “Одбрана”, Министерство за одбрана, Година X, Број 59, март, 2001, 21

[10] Исто., 21

Во контекст на воено ниво, сајбер војната или командно-контролната војна бара атрактивна воена стратегија. Битната непредвидлива природа на борбата, може да биде корисна за непријателот во успешна сајбер војна. Успешната сајбер стратегија зависи од способноста на локалната воена команда да ги развие своите наследени потенцијали, особено борбените сили, не само за да доминира над непријателскиот одлучувачки круг, туку, да се искористат и неочекуваните можности и да се исползуваат дезориентираните ирационални непријателски активности. Тогаш командно-контролната војна може да го исцрта бојното поле или барем да го предвиди хаосот кој следи. Со тоа Сајбер стратегијата претставува контрола над еволуцијата на борбените активности или правилна дистрибуција на борбените сили за да наметне своја контрола над непријатескиот хаос.

**3. Кибернетски аспект (Сајбер – војна)**

Современите услови на живеење нудат и современи начини на решавање на проблемите. Користењето на компјутерските мрежи и останатите компјутерски ресурси им овозможуваат на земјите од светот заеднички да ги користат сите достапни податоци, секоја според своите потреби и интереси.[11]

Ако телевизијата претставува рај за дезинформацијата, тогаш кибернетиката претставува поле за пронаоѓање на модемот и воведување на Интернетот[12].

Кога пред триесет години беше воведен концептот кибернетика, никој не можеше да замисли дека овој збор ќе стане примарна компонента на голем број важни дефиниции: сајбер-општество, сајбер-економија, сајбер-политика, сајбер-војна. Може да се каже дека овој термин означува проекти на информациската инфраструктура кои настојуваат да развијат крајни општи системи за праќање и примање на информации за разни политички теми кои ќе функционират преку главни електронски мрежи, како што се интернет протоколите.[13]

Постојат различни мислења за тоа дали компјутерот ќе ја замени книгата и постмодерните форми на конфликт. Компјутерот ги проширува нашите можности и ги менува методите на работа и организирање.

---

[11] Бакрески О., *Сајбер војна*, списание "Одбрана", Министерство за одбрана, Година X, Број 59, март, 2001, 21

[12] Според Ф. Жаре „Интернетот сѐ помалку се потпира на квалитетот на информацијата, а многу повеќе на можноста да искристализира распространувањето на мислењето. Така помеѓу компјутерските мрежи се формираат „заедници на верувања". Значајно е тоа што со помош на сајтот и во него е остварувањето на фиделизација (приврзаност, цврсто врзување на корисникот за одредени ставови, мислења и производи). Опасностите се очигледни.

[13] N.D.A.Arvanites, *Geopolitika i Balkan,* Balkanska Asocijacija za Krivicno Pravo, Beograd, 2000, 7

Денес компјутерот и соодветен компјутерски програм се доволни да се произведат однапред испланирани и исконструирани слики за нешто што не е стварно, за нестварното, за виртуелното.[14]

Сајбер-војната на операционално ниво значи способност, вештина да се победи непријателот без убивање. Алатките, техниките и стратегијата за сајбер – војна ќе бидат развиени за време на војна, а таа постојано притаено трае.

Сајбер-војната е многу поефикасна и поатрактивна од Нет-војната. Многу од техниките на сајбер военото поле можат да бидат применети и во нет-војна или информациската војна, но секогаш постои шанса да се изгуби војната. Во секој тип војна, особено во овој случај, не смее да се потцени противникот. Секое општество кое се декларира да биде отворено, е доволно ранливо за да може да се вклучи во нет, во сајбер или во информациската војна, без претходно добро да осмисли и да се подготви за повратен удар.[15]

Сајбер-просторот обезбедува средства за проток на прекугранични информации кои лесно се кријат преку енкрипција и анонимност. Со оглед на тоа што за ова е потребна минимална инвестиција и не е тешко да се стекнат бараните вештини, тоа стана атрактивно за играчите од нецивилното општество и на организираниот криминал.

Сајбер-просторот[16] е на некој начин лошо дефинирана средина. Тој се протега низ целиот свет и нема граници. Бидејќи на сајбер-криминалот не му е потребен физички контакт помеѓу напаѓачот и жртвата, тој може да се изврши од далечина. Впрочем лесно е да се скриете во сајбер-просторот.

Со движење низ сајбер-просторот, сајбер-човекот може да си дозволи влез во недозволен пристап во технолошките воени тајни. Со тоа новите оружја нема да бидат тајни оружја, а сајбер-саботерите можат да влијаат врз нивното производство имајќи поголема моќ во своите прсти од која било стратегиска команда.

Врската меѓу информацискиот систем, која го претставува срцето на сајбер просторот се шири и станува сè повеќе универзална со милиони нови влезни точки секоја година. Овие слободни информациски мрежи можат да бидат нападнати на различни начини и за различни цели.

---

[14] Види: В.Волков, Дезинформација, Наш дом, Београд, 2001, 212

[15] Paul Wallich, "A Rogue's Routing," *Scientific American* 272, no. 5, (May 1995), 31.

[16] Кога се зборува за сајбер-просторот, многу луѓе мислат само на Светската распространета мрежа (World Wide Web). Во безбедноста на информациите, сајбер-просторот го вклучува доменот на сите компјутерски системи поврзани со мрежите. Оваа дефиниција го прави голем сајбер-просторот и тој претставува домен кој на еден или на друг начин, се простира во повеќето човечки активности.

Денес само неколку активности во развиениот свет не употребуваат информациските технологии и не се поврзани со некаков вид на мрежа. Поради тие причини безбедноста стана една од главните теми за размислување.

Во таа насока аналитичарите ќе забележат: да се уфрли погрешен податок, да се украде, да се промени или уништи податок/ци или програми и да се прекине, манипулира или контролира со системски перформанси може да биде континуирана пракса.

Изворите кои имаат потреба да причинуваат зло во сајбер-просторот се релативно малку: еден или неколку компјутерски експерти со терминали прикачени на светската мрежа, можат да направат загрижувачки штети. Изворите поврзани со нацијата или групи кои се трудат да направат голема штета на војската, на економијата или на општеството на друга нација се поголеми, но далеку помалку од оние кои побаруваат пристап и користење на големите вооружени сили. Подготовките можат да бидат скриени, ако се направени претпазливо. Нападите во сајбер-просторот монтирани од овие различни актери се неиздвоиви еден од друг, како што не се оние од домашни или надворешни креатори.[17]

Ресурсите потребни за сајбер војната се многу мали но не се беззначајни. Но кога станува збор за информациска војна ресурсите и вештините потребни за таа да биде успешно водена и завршена мора да бидат масивни. Многу важно прашање за инволвирање на инфо-војната во националната безбедносна стратегија е начинот на нејзината имплементација во безбедносниот систем на една држава. Како таа ќе се декларира во него? Како ќе се вклопи во меѓународните конвенции? Како ќе се направи национална стратегија? Одговорот на овие прашања сè уште не е познат. Се додека не се добие одговор на овие прашања таа ќе остане неконвенционално оружје или дел од специјалната војна.

Воените сили се извршители на воената стратегија. Тие не ја контролираат, ниту ја создаваат, но тие се тие кои ја развиваат најсоодветно и развиваат соодветни оружја за реализација на успешна сајбер-војна. Тие мора да дејствуваат симултано на сите засегнати полиња. Иако ненамерно, тие постојано се подготвуваат за реализација на информациска воена стратегија. Сè додека техниките на сајбер напад профилираат низ светот, трудејќи се да овозможат или оневозможат некаква сајбер-деструкција, опасноста за инфо-војна ќе постои. Реалноста може да биде покомплицирана отколку изгледа на прв поглед. Идејата за идеен конфликт на социјално ниво треба да биде разгледувана со внимание кое се посветува на последиците од нуклеарните

[17] Како додаток на хаотичниот пораст на сајбер – просторот и заматувањето на линиите на локалниот, на националниот и на интернационалниот авторитет преку активностите на раководење на истиот, се идентификува со уште еден проблем. Многу индивидуални корисници ниту разбираат, а уште помалку прифаќаат потреба од одговрност во сајбер – просторот.

војни. Крајот на нет-војната нема да биде крвопролевањето, туку тотална деструкција на општеството. Победата може да биде поразителна, како за поразениот, така и за оној кој себе си се смета за победник.

Која комбинација од технологии ќе се користи во војните во XXI век и која комбинација од стратегии ќе може да ги искористи максимално тие технологии? Дали технологиите од минатата револуција на воени афери, во рацете на непријателот ќе неутрализира или воведе корист од понови технологии во концептот нови милитарни афери?

Нуклеарните експлозии и нивниот резултат, електро-магнетниот пулс можат да уништат многу далекусежни радиотрансмитери, радио приемници, компјутери, и воопшто многу системи нужни за реализација на инфо-војна. Електромагнетното поле може да онеспособи 90-95% од електрониката. Скоро сѐ што содржи микрочипот ќе исчезне.

Во тој случај строго прецизните оружја кои се базирани на компјутерска контрола и раководење стануваат немоќни. Но тоа не е само загуба за непријателот.

Постои верување дека Интернетот може да преживее нуклеарна војна. Ако тоа и се случи, се поставува прашањето колку и како Интернетот ќе биде користен во апокалиптичното време?

## Заклучок

Анализирајќи го претходно изнесеното произлегува дека секоја држава за да може да се носи со современите текови во следните 10-20 години ќе има потреба од високософистициран и одлично интегриран политички-воено-технички труд, дигитализација на бојното поле, вселенски базирани воени системи, и прецизно водени умни оружја.

Без разлика на сопственоста на важните инфраструктури, владите треба да имплементираат национални програми за безбедност на информациите.

Исто така, е важно националните влади да ги промовираат и да ги прифаќаат меѓународни стандарди и да ја промовираат најдобрата пракса кога станува збор за безбедност на информациите.

На полето на меѓународен план во основа самите меѓународни организации треба да направат многу за да се зајакне безбедноста на информациите низ целиот свет. Така, напорите треба да бидат насочени кон:

– обезбедување на развојот и усвојување на меѓународните стандарди;

– да се развие соодветен механизам за меѓународна соработка, вклучувајќи и рамка која ја избегнува можноста за „острови“ во сајбер-просторот каде организираниот криминал и сајбер-терористите можат легално да егзистираат;

– да се воспостават ефикасни механизми за управување со сајбер-просторот;

– да се создаде ефикасен простор за делење на информациите во врска со безбедноста на информациите.

Исто така, напорите треба да бидат насочени кон изработка на ефикасна легислатива за да се прикрие сајбер-криминалот во многуте негови форми, и се смета дека таа треба да ги покрива следните области:

– заштита на интелектуалната сопственост, вклучувајќи го софтверот;
– заштита на индивидуалната приватност во сајбер-просторот;
– дефинирање на заканите и можноста за кривично гонење за сајбер-криминални прекршоци.

Главниот настан на почетокот на XXI век беше појавувањето на Конвенцијата за сајбер-криминал во Советот на Европа. Оваа конвенција се однесува на неовластен пристап, мешање во системот и саботажа, пресретнување на податоци и модифицирање на податоци, кражба на податоци и нивно наменско користење и помагање на сајбер криминалци.

На крајот би потенцирале дека потенцијалната опасност за националната безбедност е најдиректно поврзана со информацискиот систем на секоја држава, кој во услови на модерно живеење несомнено е дел од светската компјутерска мрежа.

**ЛИТЕРАТУРА:**


1. Arvanites N.D.A., *Geopolitika i Balkan,* Balkanska Asocijacija za Krivicno Pravo, Beograd, 2000.
2. Arthur Waley, *Three Ways of Thought in Ancient China* (New York: Doubleday, 1939).
3. Alvin & Heidi Toffler, *War and Antiwar: Survival at the Dawn of the 21st Century* (Boston: Little, Brown & Co., 1993).
4. Бакрески О., *Сајбер војна*, списание "Одбрана", Министерство за одбрана, Година X, Број 59, март, 2001.
5. Brig V.K. Nair, *War in the Gulf: Lessons for the Third World* (New Delhi: Lancer International, 1991).
6. Волков В., Дезинформацијa, Наш дом, Београд, 2001.
7. John Arquilla & David Ronfeldt, "Cyberwar is Coming!," *Comparative Strategy* 12: no.2 (April–June, 1993).
8. John Andrews, "Culture Wars," *Wired,* May 1995.
9. Ralph D. Sawyer, trans., *Sun-tzu: The Art of War* (New York: Barnes & Noble, 1994).
10. John Arquilla, "The Strategic Implications of Information Dominance," *Strategic Review*, Summer, 1994.
11. Jeffrey R. Cooper, *Another View of the Revolution in Military Affairs* (Carlisle Barracks, Pa: Strategic Studies Institute, Army War College, 1994).
12. Котовчевски М., Современ тероризам", Македонска цивилизација, Скопје, 2003.
13. Peter Black, "Soft Kill: fighting infrastructure wars in the 21st century," *Wired,* July/August 1993.
14. Paul Wallich, "A Rogue's Routing," *Scientific American* 272, no. 5, (May 1995).
15. Sun-Tzu, *The Art of War*, trans., J.H. Huang. (New York: Quill, 1993).
16. Winn Schwartau, *Information Warfare: Chaos on the Electronic Superhighway* (New York: Thunders Mountain Press, 1994).
17. Списание: „Форум", Форумпринт, Куманово, Година II, број 31, 12.03-25.03.1999

# ЦИВИЛНА ОДБРАНА
## (Проф.д-р Марина Митревска)

**Оливер БАКРЕСКИ**
Филозофски факултет, Институт за одбранбени и мировни студии - Скопје

Во текот на 2003 година од печат излезе книгата „Цивилна одбрана“ од авторот проф. д-р Марина Митревска во издание на издавачката куќа Европа 92 – Кочани. Текстот од учебникот покрива вкупно 291 страници, од кои 7 страници библиографија (со 146 референца) и три страници содржина. Основниот дел е во обем од 275 страници и е посветен на анализа на цивилната одбрана како област на човечкото ангажирање за заштита и одбрана од воени и од мирновремени катастрофи.

Студијата „Цивилна одбрана“ од д-р Марина Митревска претставува комплетен зафат во кој се воопштува искуството за едно постојано актуелно прашање на рамништето на највлијателните теории и современи истражувачки потфати. Во неа се собрани и систематизирани теоретски осмислени идеи и истражувачки искуства, недоволно достапни за голем број љубители на научната литература, дури и за редот на научните и стручни работници. Оваа студија има огромно едукативно и културно значење и претставува истражувачки пример како треба да се приоѓа во истражувањата што се поврзани со човекот и со современите состојби во цивилната одбрана. Книгата се оценува како солидна база на научни информации која преку цитираните автори и нивните истражувачки резултати го води читателот во авангардностите на времето.

Целиот потфат е замислен како научно и стручно покривање на една голема празнина, како во научната публицистика кај нас, така и во учебникарската продукција на универзитетско ниво.

Оние што перманентно го следат творештвото на д-р Митревска, брзо ќе констатираат дека ова дело ги подига проблемите на нов начин. Досегашните нејзини објавени научни истражувања во оваа област добиваат и ново значење, бидејќи се работени паралелно со оваа студија и се програмирани во функција на овој голем и стратешки зафат.

Со тоа може да се каже дека книгата „Цивилна одбрана“ навистина преставува огледало на долгогодишниот творечки ангажман на проф.д-р Марина Митревска и продукт на нејзината научна љубопитност, доследност, трпеливост и истрајност – особини што ги красат вредните истражувачи и научници со високи квалитети.

Тргнувајќи од историско-практичните искуства, сублимирани во соодветните теоретски погледи и ставови на светската и домашната наука во однос на оваа проблематика, авторот изложува едно видување и решенија за сложените прашања на цивилната одбрана. Во трудот се посочени определени решенија во контекст на постојните преку експликација на приоритетите кои произлегуваат од таквата потреба.

Студијата „Цивилна одбрана“, претставува извонредно провокативен труд. Тој третира значајна проблематика од доменот на одбраната и меѓународното хуманитарно право, а тоа е прашањето за актуелноста на цивилната одбрана во меѓународни рамки што ја условува компонентноста на современите безбедносни системи. Актуелизацијата на овој комплекс на прашања има особена важност не само кај нас, туку и пошироко, бидејќи и покрај тоа што примарно цивилната одбрана е детерминирана со војната и страдањата на цивилното население, суштински гледано, нејзината функција и во меѓународни рамки ја надминува политичката имплицираност и воена суштественост. Во таа смисла овој труд нуди интересни анализи и конкретни визии.

Текстот во книгата „Цивилна одбрана“ од универзитетскиот професор д-р Марина Митревска е изложен во шест глави.

Во рамките на **првиот дел** акцентот е ставен на поимното определување на цивилната одбрана, историскиот развој на цивилната одбрана, а во тие рамки се анализирани и целите, насоките, задачите и начелата на цивилната одбрана. Во тој контекст е разработена интегралноста на одбранбено-заштитното дејствување, одбранбено-заштитните системи и статусот на цивилна одбрана во нив.

Исто така, вниманието е нагласено на системите за цивилна одбрана, на општиот пристап во изградбата на системите за цивилна одбрана, начелната структура на системот на цивилна одбрана и организацијата на системот за цивилна одбрана. Секако, свое место му припаѓа и на делот кој се однесува на систематизацијата на современите системи за цивилна одбрана.

Во рамките на **вториот дел** акцентот е ставен на статусот на цивилната одбрана во меѓународните односи. Овој дел на аналитичко сондирање на цивилната одбрана е посветен на статусот на цивилната одбрана во Лигата на народите, во ООН, во Меѓународната организација за цивилна одбрана, во Женевските конвенции, во Советот на Европа, во ЕУ, во ОБСЕ и во НАТО.

**Третиот дел** „Третманот на цивилната одбрана во земјите-членки на НАТО“ претставува следствена целина на посочените допирни точки на соработка и комуникацијата во рамките на земјите членки на НАТО, при што анализата се засновува врз организациско-функционалната поставеност на системот за цивилна одбрана во нив.

**Четвртиот дел** „Третманот на цивилната одбрана во неутралните држави“ е посветен на организациско-функционалната поставеност на системот за цивилна одбрана во неутралните држави Швајцарија, Шведска и Австрија.

**Петтиот дел** е посветен на организациско-функционалната поставеност на системот за цивилна одбрана во Русија и во Словенија.

Во последниот дел авторот говори за поставеноста на цивилната одбрана во Република Македонија. Во рамките на оваа глава се поместени содржините кои се однесуваат на политиката на национална безбедност на Република Македонија, на политиката за одбрана, на изградбата на одбранбено – заштитниот систем на Македонија.

Како што и самиот автор истакнува, цивилната одбрана денес ги проширува појдовните детерминанти што ја определуваат нејзината функционална инкорпорираност во современите одбранбено-заштитни системи.

Очигледно е дека, цивилната одбрана, односно нејзината функција од многу аспекти ја надминува воената имплицираност. Оттука, неопходноста од целосно засновување на цивилната одбрана врз верификувани научни основи, а особено на нејзините организациско-функционални појавни облици, е изразена и низ спецификите на мноштвото загрозувања и опасности, заради кои е наменетната потребата од таков вид заштитно организирање. Освен тоа, тие го потврдуваат ставот дека, покрај основната детерминираност на појавните организациски облици на цивилната одбрана и карактерот на самата одбранбена политика, детерминираноста мора да се засновува и врз општи научно потврдни принципи.

Структурираноста на системот на цивилна одбрана треба да обезбеди таква функционална поставеност што непосредно ќе ги изрази допирните моменти со воената одбрана, од една страна и потребата за непосредно вклучување со тенденцијата на меѓународна соработка и кофункционирање на националните одбранбено-заштитни системи.

Заклучокот од анализата за релативниот успех или проминентноста на цивилната одбрана во меѓународните односи покажа дека, од една страна, без разлика на тоа што се работи за различни меѓународни организации (ООН, Меѓународната организација за цивилна одбрана, ОБСЕ итн.), сите тие директно или индиректно прават напори за остварување на политиката на цивилната одбрана во меѓународни рамки. Од друга страна, пак, земјите членки

на НАТО, неутралните држави и Русија на цивилната одбрана ѝ придаваат големо значење. Иако причините поради кои ја развиваат цивилната одбрана се различни, исто како што се различни детерминантите на нејзиниот развој, сепак кај сите нив основна функција е заштитата и спасувањето на населението и стопанството насочено кон военото производство. Всушност, тоа се врши само преку координирачката функција на цивилната одбрана, која има добро развиена соработка со оружените сили, каков што е случајот со земјите-членки на НАТО и со Русија.

На крајот би потенцирале дека во внатрешната структура, по својот ред на проблемите, во студијата е обезбедена хоризонтална и вертикална симетрија и хармонија. Во неа се разграничуваат теоретските од методолошките зафати; се диференцираат искуствените пластови и општествената структура и се апострофираат димензиите кон иднината; се респектира комлексноста на проблемите што се истражуваат и се нагласуваат посебните научни аспекти.

Да се дадат конечни одговори, односно решенија за сите проблеми кои се комплексни и од витално значење за иднината на Република Македонија во делот на цивилната одбрана е многу тешко, меѓутоа, авторот се обиде врз научна основа да дојде до одредени резултати кои можат да се искористат за понатамошна доградба на системот на цивилна одбрана, но не треба да се заборави дека авторот проектира рамка за сегашната и натамошната ориентација на Република Македонија во сферата на цивилната одбрана.

Од структуираните содржини на овој ракопис може да се научи многу, како во смисла на едукативно – дидактичка информација, така и во смисла на реализирано добро профилирано и издржано научно четиво.

Останува да ја прочитаме оваа книга за да ги збогатиме нашите сознанија.

# Прикази на книги, стручни трудови и др. од областа на одбраната 7

**„*СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА*“**, теоретско списание
Министерство за одбрана, „Орце Николов“ б.б., Скопје

## УПАТСТВО ЗА АВТОРИТЕ

**„*СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА*“** (во понатамошниот текст Списание) е теоретско списание кое по правило излегува двапати годишно. Во Списанието се објавуваат:

-оригинални стручни трудови: научно стручни трудови, прикази на книги, куси соопштенија и др.

-континуирано или повремено во Списанието се објавува и библиографија, календари на научни манифестации во земјата и странство, позначајни датуми, рекламирање на фирми и претпријатија и др.

**Оригиналните стручни трудови** ги содржат резултатите на сопствените дотогаш необјавени научни истражувања кои претставуваат заокружена целина. Прифаќањето на оригинална научна статија во Списанието ги обврзува авторите да не ги објавуваат и во други списанија.

**Научно-стручните трудови** известуваат за корисни сознанија кои што помагаат во ширењето на знаењата и прилагодувањето на изворните истражувања кон потребите на науката и практиката.

**Прикази на книги** претставуваат концизни прикази на книги и сознанија до кои што дошле авторите во определена научна област, за која компетентноста на авторите во приказите е потврдена преку публикувањето - објавувањето на книгите.

**Куситe соопштенија** содржат резултати на помали, но завршени научни истражувања.

**Доминантни рубрики на Списанието се:**

1. Општо теоретски, доктринарно-стратегиски и други теми од областа на одбраната;
2. Геополитички, геостратегиски, военополитички и теми од меѓународен ангажман во областа на одбраната;
3. Евроатлантски интеграции;
4. Техничко-технолошки достигнувања, вооружување и опрема;
5. Странски автори;
6. Други рубрики од областа на безбедноста, одбраната и заштитата; и
7. Прикази на книги, стручни трудови и др. од областа на одбраната.

## ПОДГОТОВКА НА РАКОПИСОТ

Ракописот треба да се доставува во **еден отчукан примерок** на ласерски печатар, без проред, на двете страни на хартијата, со формат Б5 и на дискета, за да се олесни печатењето на Списанието. Страниците и прилозите треба да бидат нумерирани.

Трудовите треба да бидат напишани на македонски или на англиски јазик, а на авторите им се препорачува насловот, апстрактот на трудовите, приказите и куситe соопштенија да ги пишуваат и на Англиски јазик.

Трудовите што не се земаат во печатење им се враќаат на авторите со образложувања.

При подготвувањето на ракописот задолжителна е употреба на Меѓународниот систем на единици (SI).

**Ракописот треба да содржи:** наслов, автори, институција, апстракт, клучни зборови, вовед, содржина на трудот, заклучок и литература.

**Наслов:** големина на масни **(Bold)** букви, 14 points, RG-MAC C Times, центрирано, прво на македонски, а потоа и на англиски јазик (пред апстрактот на англиски јазик). Насловот на трудот треба да биде кус, но да дава верен одраз на содржините и по можност да содржи што повеќе клучни зборови од опфатената проблематика.

Еден празен ред.

**Автори:** име и презиме, мали масни **(Bold)** букви, 11 points, RG-MAC C Times, центрирано.

Два празни реда.

**Институција:** ракописни букви, 11 points, RG-MAC C Times, центрирано.

Два празни реда.

**Апстракт:** прво на македонски јазик, 11 points, RG-MAC C Times, а потоа и на англиски јазик, 11 points, Times New Roman, единечен проред. Содржината на апстрактот треба да е суштинска и независна целина.

Еден празен ред.

**Клучни зборови:** максимум до 5 збора, 11 points, RG-MAC C Times, единечен проред, на македонски и на англиски јазик.

**Вовед:** 11 points, RG-MAC C Times, единечен проред. Во воведниот дел треба накусо да се наведе само најважното од поранешните истражувања поврзано со обработуваната проблематика, а потоа да се објасни целта и важноста на работата - истражувањето.

Еден празен ред.

**Содржина на трудот:** 11 points, RG-MAC C Times, единечен проред. Содржината на трудот треба да ги опфати теоретските основи, експерименталниот дел и резултатите до кои што се дошло.

Трудовите кои што се однесуваaат на теоретски истражувања, наместо експериментален дел, треба да имаат поглавје **теоретски основи**, во кои ќе бидат изнесени подробностите за проверка на наведените резултати.

Експерименталниот дел треба да биде издвоен и да содржи податоци за употребуваните материјали и опис на применетите принципи и методи на начин кој што ќе овозможи репродуцирање на постапките, но без детално опишување на веќе познатото.

Резултатите до кои се дошло и дискусијата треба да бидат дадени во едно поглавје. Дискусијата треба да содржи анализа на резултатите и заклучоците кои што можат да се извлечат.

Еден празен ред.

**Заклучок:** 11 points, RG-MAC C Times, единечен проред. Заклучокот треба да претставува кусо резиме од трудот, а да ги опфати и резултатите до кои се дошло со истражувањето.

Еден празен ред.

**Литература:** 11 points, RG-MAC C Times, цитирана според светските стандарди. Литературата се наведува во посебно поглавје при што библиографските единици се нумерираат по оној ред по кој што се појавуваат како во фус нотите во текстот.

**Маргини:** - Б5 формат, трудовите отчукани на непровидна хартија од канцелариски формат А4 со работен простор:

| | | | |
|---|---|---|---|
| - горна: 5 см | | - Top: | 1.89" |
| - долна: 5 см | или Page Setup компјутерски | - Botoom: | 1.89" |
| - лева: 4 см | параметри во инчи (inch) | - Left: | 1.58" |
| - десна: 4 см | | - Right: | 1.58" |
| | | - Gutter: | 0" |

**Печатар:** ласерски принтер.

**Примените ракописи** уредувачкиот одбор ги испраќа на рецензенти. Рецензентите и авторите остануваат анонимни. Рецензираните трудови, заедно со евентуалните забелешки и мислења на уредувачкиот одбор, се доставуваат до авторите. Тие се должни, најмногу во рок од 15 дена, да ги извршат неопходните корекции.

**Категоријата на трудот** ја предлага авторот, но уредувачкиот одбор ја донесува дефинитивната одлука врз основа на мислењата на рецензентите.

**Пробните отпечатоци** по потреба им се испраќаат на авторите заради корегирање на печатарските грешки, а не за измена на текстот. Евентуалните нови сознанија можат да се дадат само како куса белешка после текстот. Коригираните пробни отпечатоци треба да се вратат на редакцијата во рок од 2 (два) дена.

Брзината на објавувањето на трудот, покрај останатото, зависи и од придржувањето кон ова упатство.

**Трудот** се доставува отпечатен според горенаведените пропозиции и на дискета.

**Рокови за испраќање на трудовите:** 30.04. и 31.10. во тековната година на

АДРЕСА: 1. ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ
проф. д-р Трајан Гоцевски, главен и одговорен уредник
e-mail: trajang@freemail.org.mk
или
2. ВОЕНА АКАДЕМИЈА НА РМ - СКОПЈЕ
проф. д-р Сокле Кочоски, полковник, заменик главен уредник
e-mail: kocoski@va.edu.mk

***УРЕДУВАЧКИ ОДБОР***
***НА СПИСАНИЕТО***
***„Современа македонска одбрана“***

СК/СК
***Скопје, 23.12.1999 година***